**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

**Број 1246**

Скопје, 1 октомври 2021 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
*проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор*

**Уредник на Билтенот:**
*Илија Богоевски*

**Лектор:**
*Весна Илиевска-Цветановска*

**Техничко уредување:**
*Зоран Кордоски*

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет*: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ***

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1246 ОД 1.10.2021 ГОДИНА


**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Основи на сметководство** од авторите **проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска** и **проф. д-р Марина Трпеска**...........................................7-11
2. Рецензија на ракописот **Збирка задачи по основи на сметководство** од авторите **проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска** и **проф. д-р Марина Трпеска**............12-16

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Метрологија на текстурата на површините** од авторите **Мите Томов** и **Миколај Кузиновски**...........................................................17-24
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Анита Силановска, Моника Стојаноска Савевска**)...........................................................................25

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на лице во насловно звање во наставно-научните области: интерна медицина и хематологија на Медицинскиот факултет – Скопје (**насл. доц. д-р Татјана Сотирова**)..........................................................................................................26-34
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација „**Влијание на калорискиот внес врз клиничките резултати во акутната фаза кај критично болни политрауматизирани пациенти**“ од **д-р Биљана Андоновска**, пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје...............................................................................................................35-49
3. **Исправка** на техничка грешка во Рецензијата на ракописот **Основи на научноистражувачка дејност – учебник за студентите по општа медицина и студентите на тригодишните стручни студии** од група автори, објавена во Билтенот број 1243 од 15.8.2021 година на страница 29...................................................................50

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областите: историја на Македонија, општа историја на стариот век и библиотекарство на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје (**проф. д-р Сузана Котовчевска**)........51-66
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина): библиотекарство, палеографија, библиологија и општа и компаративна литература на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје (**проф. д-р Виолета Мартиновска**).........................................................................67-82

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Правото во Македонија од VII век до 1371 година, со посебен осврт на Законот за судење на луѓето** од **м-р Лиридон Зенку**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први – Скопје .......................83-90

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**д-р Андриана Андреева Остојиќ**)...............................................................................................................91

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебното помагало **Збирка задачи по општа и неорганска хемија (за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет)**, прво издание, од авторката **д-р Билјана Анѓушева**.........................................................................................92-97

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на ракописот **Збирка решени задачи по релејна заштита** од авторите **Антон Чаушевски** и **Софија Николова-Поцева**.....................................................98-103
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Развој на метод за директно тргување со енергија: виртуелна нето наплата** од **м-р Владимир Ѓоргиевски**,

пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (се објавува на македонски и на англиски јазик).....104-116

3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Шаип Даути, Даниела Цветкоска, Деспина Трајковска**).....117

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) видови инструменти (виолина) (60910) на Факултетот за музичка уметност – Скопје (**вонр. проф. м-р Владимир Костов**).....118-124

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **,,Идеолошките преференци за моделот на социјална политика во Република Македонија: перцепции на различни групи на интерес**“ од **м-р Елисабета Ологу**, пријавена на Филозофскиот факултет – Скопје.....125-132
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Елена Петкова, Моника Хаџиева, Марјан Мојсоски, Ермира Татеши, Ирена Стојановска, Ангела Нешовска, Викторија Соларска, Мирјана Вучковска, Брунослав Коваленски, Диана Костадинова, Јелена Бранковиќ**).....133-134

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор во звањето редовен професор во наставно-научните области: албанологија (64019), лексикологија (64001) (**Лексикологија на албанскиот јазик 1, 2** и **Граматика на албанскиот јазик 3, 4**), преведување (64022) (**Преведување од албански на македонски јазик и преведување од македонски на албански јазик**) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (**д-р Исмет Османи**).....135-150
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Автобиографскиот дискурс: книжевно-теориски импликации во македонски белетристички рамки (19 и 20 век)** од **м-р Наташа Младеновска-Лазаревска**, пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје.....151-159
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Наталија Милчовска, Бујаре Сабриу, Мирадие Абдул, Маја Јовановска**).....160
4. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Дарко Николовски, м-р Давор Јанкулоски, м-р Дарко Томовски**).....161

**ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Златко Николовски**).....162

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Габриела Арсеновска-Миовски, Викторија Милчевска, Ана Стаматовска, Мартина Миланова**).....163

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго) и граѓанско општество, политички партии и интересни групи на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје (**ас. д-р Јован Близнаковски**).....164-179
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Милица Шарановиќ, Тамара Цаневска, Сандра Дуковска Новковска, Јоана Тренеска**).....180

**ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Ивица Панчевски**)....................181

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА СМЕТКОВОДСТВО“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЗОРИЦА БОЖИНОВСКА ЛАЗАРЕВСКА И ПРОФ. Д-Р МАРИНА ТРПЕСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-1283/4 од 28.6.2021, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот **Основи на сметководство** од авторите проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска и проф. д-р Марина Трпеска, наменет за студентите на **Економскиот факултет во Скопје**, за предметот **Основи на сметководство**, избрани се проф. д-р Блажо Недев и проф. д-р Зоран Миновски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. ОПШТ ДЕЛ

<u>**Основни податоци за ракописот**</u>

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Основи на сметководство |
| **Назив на предметната програма:** | Основи на сметководство |
| **Назив на студиската програма:** | Сметководство и ревизија; Финансиски менаџмент; Економија; Е-бизнис; Менаџмент; Маркетинг; Надворешна трговија |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | **Неделен фонд на часови: 4+2.**<br>**ЕКТС-кредити: 8.** |
| Предметот Основи на сметководство на Економскиот факултет во Скопје е задолжителен предмет за студентите од прва студиска година на сите департмани на Економскиот факултет во Скопје, со фонд на часови 4+2, со 8 ЕКТС-кредити и се слуша во третиот семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 361 страница (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот калибри 12. Текстот е поделен во 12 поглавја. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Блажо Недев, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Миновски, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р БЛАЖО НЕДЕВ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот со наслов „Основи на сметководство“ од авторите проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска и проф. д-р Марина Трпеска е систематизиран во 12 поглавја во кои се елаборираат основите на сметководствената евиденција и целиот сметководствен циклус согласно со барањата на законската и професионална регулатива во национални и меѓународни рамки. Во првите пет поглавја, акцентот е ставен на целиот процес на сметководство од почеток, односно добивање и креирање на документи до изготвување на финансиски извештаи и подготовка на контата за следен период. Во продолжение, во првото поглавје објаснети се основните постулати на кои се темели сметководството, со што на студентите им се овозможува запознавање со целиот процес од самиот почеток, како и запознавање со законската и професионална регулатива на кои се темели процесот на сметководство. Во второто поглавје, преку практичен пример се објаснува процесот на сметководство од трансакции до финални финансиски извештаи. Во третото поглавје се објаснети сите видови на корективни книжења кои треба да се направат пред да се изготват финалните финансиски извештаи. Во четвртото поглавје се комплетира сметководствениот циклус со заклучните книжења и заклучен бруто биланс, како и објаснување за корекција на грешки, доколку ги има. Во петтото поглавје е презентиран пример за трговска организација со цел да се направи јасна дистинкција помеѓу трговски и услужни организации.<br>Следните седум поглавја се фокусирани на сметководствена евиденција на секоја засебна категорија од финансиските извештаи, како што се залихи, парични средства, побарувања, нетековни средства, тековни обврски, долгорочни обврски и капитал. Во секое поглавје, преку практични примери на трансакции се демонстрираат сметководствените правила од меѓународните стандарди за финансиско известување и се илустрираат практични сметководствени книжења.<br>Со ова, на читателите на ракописот им се обезбедува заокружена целина за постепено разбирање на сметководствениот процес и изготвувањето на финансиски извештаи. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е комплетно усогласен со деталната содржина на предметната програма која е усвоена на Наставно-научниот совет на Факултетот. |

| | |
|---|---|
| **Предлози за потребни корекции:** | Дополнително техничко средување на илустрираните примери и одреден број на граматички грешки во текстот. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е лесно читлив, разбирлив, со соодветно ниво на елаборација за законската и професионална рамка која во практика треба да се користи за подготовка на финансиски информации за екстерни корисници. Текстот изобилува со илустрирани примери, а дополнително на крајот од секое поглавје се обезбедени прашања и задачи кои на читателот му овозможуваат лесно да ги совлада и примени принципите на финансиското сметководство. На ракописот, овие карактеристики му обезбедуваат квалитет на добар учебник. Исто така, за ракописот се користени последните измени во меѓународната професионална регулатива. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 361 страница (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот калибри 12. Текстот е поделен во 12 поглавја. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како **учебник** по предметот **Основи на сметководство**, примарно наменет за студентите на Економскиот факултет во Скопје.

Во Скопје, 27.9.2021 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Блажо Недев, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЗОРАН МИНОВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот на учебникот „Основи на сметководство“ од авторите проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска и проф. д-р Марина Трпеска е поделен во 12 глави. Во првата глава се обработуваат основите на сметководството, пред сè финансиското сметководство, посочувајќи ги и разликите со управувачкото сметководство, се дефинира неговата улога и важност за секој деловен ентитет и се објаснуваат основните концепти и принципи кои се дел од Концептуалната рамка на финансиското известување. Авторите продолжуваат со појаснување на сметководствениот процес, дефиниран во неколку чекори кои ги објаснуваат со практични примери и на крај завршуваат со изготвување на финансиски извештаи. Понатаму, во третото поглавје, авторите продолжуваат со корективни книжења како неопходен чекор во сметководствениот циклус пред изготвување на финалните финансиски извештаи, а во четвртата глава, фокусот е ставен на комплетирање на сметководствениот циклус со што се заокружува една целина на сметководствениот циклус на јасен и разбирлив начин и за почетници во сметководството како што се, впрочем, и голем број од студентите. Во петтата глава се објаснува сметководствената евиденција за трговски компании каде што на студентите им се овозможува да ги увидат разликите помеѓу овие компании и останатите, на пример, услужни и други. Во наредните тематски поглавја, се елаборираат сметководствените правила и методи за сметководствен третман на трансакции поврзани со залихите, паричните средства, побарувањата, нетековните средства, тековните обврски, долгорочните обврски и капиталот. Покрај теоретската елаборација на сметководствените принципи и правила, низ сите поглавја непосредно по кратките експликации се илустрираат голем број на практични примери за сметководствена евиденција на трансакциите. Ваквиот пристап на ракописот му дава карактеристика на едноставен, разбирлив и практичен учебнички материјал. Стилот на пишување е едноставен, лесен и читлив, но, сепак, ракописот изобилува со голем број на коментари и анализи кои на студентите треба да им овозможат да навлезат подлабоко во суштината на најчесто користените сметководствени правила и принципи во подготовката на евиденцијата за трансакции и финансиските извештаи за екстерни корисници. На крајот од секое поглавје има дадено резиме поврзано со поставените цели и дефиниции на |

| | |
|---|---|
| | клучни термини подредени по азбучен редослед, а се обезбедени и дополнителни прашања и задачи кои на студентите им овозможуваат да ги проверат, да ги заокружат и практично да ги усовршат знаењата за клучните концепти и правила. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е целосно усогласен со деталната содржина на предметната програма. Теоретски се покриени и практично соодветно илустрирани клучните сметководствени методи и правила за назначајните деловни трансакции и настани во работењето на производните, услужните и трговски организации од реалниот сектор. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Помал број на технички корекции во однос на видливоста на табелите и нивно подобро презентирање. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот ги обработува и соодветно ги покрива сите тематски единици на усвоената предметна програма на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје. Тематски се соодветно обработени теоретските основи на сметководството од Концептуалната рамка на финансиското известување, кои се основа за развојот на сметководствените правила на сметководството. Материјалот ја илустрира организацијата на сметководствениот систем и чекорите и активностите во сметководствениот процес за подготовка на финансиски извештаи според законски барања и во пропишаниот формат. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 361 страница (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот калибри 12. Текстот е поделен во 12 поглавја. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како **учебник** по предметот **Основи на сметководство**, примарно наменет за студентите на Економскиот факултет во Скопје.

Во Скопје, 27.9.2021 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Зоран Миновски, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ОСНОВИ НА СМЕТКОВОДСТВО“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЗОРИЦА БОЖИНОВСКА ЛАЗАРЕВСКА И ПРОФ. Д-Р МАРИНА ТРПЕСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-1282/4 од 28.6.2021, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на **Збирка задачи по Основи на сметководство** од авторите проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска и проф. д-р Марина Трпеска, наменет за студентите на **Економскиот факултет во Скопје**, за предметот **Основи на сметководство**, избрани се проф. д-р Блажо Недев и проф. д-р Атанаско Атанасовски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### III. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Збирка задачи по основи на сметководство |
| **Назив на предметната програма:** | Основи на сметководство |
| **Назив на студиската програма:** | Сметководство и ревизија; Финансиски менаџмент; Економија; Е-бизнис; Менаџмент; Маркетинг; Надворешна трговија |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | **Неделен фонд на часови: 4+2.**<br>**ЕКТС-кредити: 8.** |
| Предметот Основи на сметководство на Економскиот факултет во Скопје е задолжителен предмет за студентите од прва студиска година на сите департмани на Економскиот факултет во Скопје, со фонд на часови 4+2, со 8 ЕКТС-кредити и се слуша во првиот семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | второ издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 280 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот калибри 12. Текстот е поделен во 12 поглавја. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Блажо Недев, с.р.**
**Проф. д-р Атанаско Атанасовски, с.р.**

## IV. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р БЛАЖО НЕДЕВ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот со наслов „Збирка задачи по основи на сметководство“ од авторите проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска и проф. д-р Марина Трпеска е систематизиран во 12 поглавја во кои се содржани задачи за основите на сметководствената евиденција и целиот сметководствен циклус согласно со барањата на законската и професионална регулатива во национални и меѓународни рамки.<br>Во првите пет поглавја, акцентот е ставен на задачи за целиот процес на сметководство од почеток, односно од добивање и креирање на документи до изготвување на финансиски извештаи и подготовка на контата за следен период. Во продолжение, во првото поглавје содржани се задачи за основните постулати на кои се темели сметководството, со што на студентите им се овозможува совладување на целиот процес од самиот почеток, како и запознавање со законската и професионална регулатива на кои се темели процесот на сметководство. Во второто поглавје се содржани задачи за процесот на сметководство од трансакции до финални финансиски извештаи. Во третото поглавје се содржани задачи за сите видови на корективни книжења кои треба да се направат пред да се изготват финалните финансиски извештаи. Во четвртото поглавје, задачите се однесуваат на комплетирање на сметководствениот циклус со заклучните книжења и заклучен бруто биланс, како и корекција на грешки, доколку ги има. Во петтото поглавје, презентирани се задачи за трговски организации со цел да се направи јасна дистинкција помеѓу трговски и услужни организации.<br>Следните седум поглавја содржат задачи за секоја засебна категорија од финансиските извештаи, како што се залихи, парични средства, побарувања, нетековни средства, тековни обврски, долгорочни обврски и капитал. Во секое поглавје, преку задачите се демонстрираат сметководствените правила од меѓународните стандарди за финансиско известување и соодветни сметководствени книжења.<br>Со ова, на читателите на ракописот им се обезбедува заокружена целина за постепено разбирање на сметководствениот процес и изготвувањето на финансиски извештаи.<br>Значајно е да се истакне дека во ракописот, во сите поглавја има задачи од сите форми, прашања за дискусија, прашања со точно/неточно, прашања со |

| | |
|---|---|
| | повеќекратен избор, прашања и задачи со дополнување и целосни задачи за решавање. На крајот од секоја глава, издвоени се задачи за домашна работа. Со ова на студентите им се овозможува целосно да ја совладаат материјата по предметот Основи на сметководство. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е комплетно усогласен со деталната содржина на предметната програма која е усвоена на Наставно-научниот совет на Факултетот. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Дополнително техничко средување на илустрираните примери и одреден број на граматички грешки во текстот. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е лесно читлив, разбирлив, со соодветно ниво на елаборација за законската и професионална рамка која во практика треба да се користи за подготовка на финансиски информации за екстерни корисници. Текстот изобилува со илустрирани примери, а дополнително на крајот од секое поглавје се обезбедени прашања и задачи кои на читателот му овозможуваат лесно да ги совлада и примени принципите на финансиското сметководство. На ракописот овие карактеристики му обезбедуваат квалитет на добар учебник. Исто така, за ракописот се користени последните измени во меѓународната професионална регулатива. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 280 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот калибри 12. Текстот е поделен во 12 поглавја. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како **збирка** по предметот **Основи на сметководство**, примарно наменет за студентите на Економскиот факултет во Скопје.

Во Скопје, 27.9.2021 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Блажо Недев, с.р.**

## III. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Атанаско Атанасовски

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот на збирката задачи по Основи на сметководство од авторите проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска и проф. д-р Марина Трпеска е поделен во 12 глави, колку што има поглавја и учебникот Основи на сметководство. Во секое поглавје се застапени различни категории на задачи кои на студентот му овозможуваат лесно совладување на материјата дел по дел. Прашањата и задачите се поделени во пет категории: прашања за дискусија, прашања со точно/неточно, прашања со повеќекратен избор, прашања и задачи за дополнување и задачи за решавање. Во делот на задачите, евидентно е дека има и наједноставни задачи со постојано зголемување на нивната комплексност и вклучување на практични примери кои на студентите ќе им овозможат лесно вклопување во работните средини. На крајот од секое поглавје има дадено задачи од сите видови поврзани со секоја тема која студентите треба да ги решат за домашна работа што им овозможува повторување и вежбање на материјата од час, а воедно е во насока на континуираното оценување кое е прифатено во високото образование на нашата земја. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е целосно усогласен со деталната содржина на предметната програма. Опфатени се задачи и практични примери од сите поглавја од учебникот Основи на сметководство. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Помал број на технички корекции во однос на видливоста на табелите и нивно подобро презентирање. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот ги обработува и соодветно ги покрива сите тематски единици на усвоената предметна програма на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје. Задачите одговараат со тематските единици обработени по основи на сметководството. Задачите помагаат за совладување на материјата посветена на организација на сметководствениот систем и чекорите и активностите во сметководствениот процес за подготовка на финансиски извештаи според законски барања и во пропишаниот формат. |
| **Категоризација:** | Збирка |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 280 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот калибри 12. Текстот е поделен во 12 поглавја. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како **збирка задачи** по предметот **Основи на сметководство**, примарно наменет за студентите на Економскиот факултет во Скопје.

Во Скопје, 27.9.2021 година

**Рецензент**
**Проф. д-р Атанаско Атанасовски, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „МЕТРОЛОГИЈА НА ТЕКСТУРАТА НА ПОВРШИНИТЕ” ОД АВТОРИТЕ МИТЕ ТОМОВ И МИКОЛАЈ КУЗИНОВСКИ

Со Одлуката на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, бр. 02-1104/2 од 26.8.2021 година, за членови на Рецензентската комисија за ракописот „Метрологија на текстурата на површините”, од авторите Мите Томов и Миколај Кузиновски, избрани се: д-р Валентина Гечевска, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, и д-р Владимир Дуковски, редовен професор (во пензија) на Машинскиот факултет во Скопје.

Како рецензенти, по добивањето на ракописот, неговиот преглед и анализа, до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ

| | |
|---|---|
| **Назив на учебникот, односно учебното помагало** | Метрологија на текстурата на површините |
| **Име и презиме на авторот (авторите)** | Мите Томов и Миколај Кузиновски |
| **Назив на предметната програма за која се однесува** | Ракописот како дополнителна литература (монографија) може да се користи по предметните програми на:<br>- прв циклус студии: Инженерска графика, Основи на теорија на режење, Метрологија и мерни системи, Проектирање на технолошки процеси, Компјутерски интегрирани процеси;<br>- втор циклус студии: Метрологија на геометриски карактеристики и истражување на квалитет;<br>- трет циклус студии: Метрологија на геометриски карактеристики. |
| **Назив на студиската програма** | Повеќе студиски програми на прв циклус, а главно на студиската програма Производно инженерство; студиската програма на втор циклус – Метрологија, менаџмент и контрола на квалитет и студиската програма на трет циклус студии – Машинство. |
| **Фонд на часови настава и вежби и ЕКТС-кредити за предметната програма во семестарот** | / |
| **Број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложениот учебник** | / |
| **Дали се работи за прво издание или не** | Прво |
| **Предлог за начинот на издавање на секој поединечен наслов (печатена или електронска форма). За издавање во електронска форма, потребна е согласност од авторот.** | Печатена форма |

| | |
|---|---|
| **Предлог за тираж, формат, број на страници и прилози во боја за секој предложен наслов** | Ракописот е напишан на 136 страници А4-формат, со фонд Tahoma во македонска поддршка, големина на фонд 11 и проред 1,0. Предлог за тираж е 100 примероци. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

**Проф. д-р Валентина Гечевска, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Дуковски, с.р.**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ВАЛЕНТИНА ГЕЧЕВСКА**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Ракописот претставува засебна целина, која тематски се однесува на метрологијата на текстурата на површините. Текстот е организиран во девет поглавја. Во првото поглавје е образложена научната и практичната потреба од изработка на еден ваков ракопис. Преглед и анализа на повеќе методи и мерни техники кои се користат за истражување на текстурата на површините, со информации за: принципот на работа, метролошките карактеристики, калибрацијата и спецификите при нивното користење, се дадени во второто поглавје. Во третото поглавје се опишани и анализирани поголемиот број на фактори кои учествуваат во процесите на мерење на текстурата на површините. Основите на софтверската филтрација, типовите на профил-филтри, нивните карактеристики и нивната улога во процесот на одделување на примарен профил, профил на рапавост и брановидност од текстурата на површината, се елаборирани во четвртото поглавје од ракописот. Карактеризацијата и процесот на мерење на нерамнините на површината се два заемно зависни и неразделни сегмента во истражувањето на текстурата на површините. Затоа, авторите во петтото поглавје ги дефинираат и ги даваат математичките и графичките интерпретации на стандардизираните височински, осреднети, хоризонтални и хибридни параметри, како и параметрите на кривите и Rk-серијата на параметри. Исто така, во петтото поглавје се објаснети и останатите методи кои се среќаваат во литературата и научните кругови, а кои се однесуваат на карактеризација и класификација на профилите. Некои од нив, како што е параметарот на статистичка еднаквост на елементарните должини, е искористен и како критериум на одлучување во мерните постапки, со цел надминување на недостатоците на профил-филтрите користени во софтверската филтрација. Научниот придонес на ракописот, генерално, е постигнат преку шестата глава, во која се прави анализа на состојбата во метрологијата на површините, каде што се наведени дилемите и полемиките кои се присутни во областа, а се добра основа за поттик на нови истражувања. Со седмото поглавје, кое се однесува на означување на текстурата на површините на техничката документација, се затвора кругот на целовитоста на тематиката на |

| | |
|---|---|
| | ракописот. Правилното разбирање и примена на барањата од техничката документација, што се однесува на текстурата на површините, не е возможна без познавање на содржината објаснета во претходните шест точки. Во поглавјето „Заклучок“, како осмо поглавје, се наведени одделни сублимирани заклучоци кои се однесуваат на целокупната содржина, структурирана по поглавја во ракописот. Во последното деветто поглавје е даден преглед на користената литература при пишувањето на ракописот. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Содржината на ракописот со успех може да се користи како дополнителна литература по предметните програми наведени во заедничкиот дел од извештајот, затоа што делови од содржината на ракописот се опфатени во наставните програми на наведените предмети. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Ракописот „Метрологија на текстурата на површините“ е напишан на исклучително висок, а истовремено и разбирлив стил, со строга систематичност во него, применлив во науката и во практиката. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Монографија |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Оправданоста за објавување на ракописот произлегува од фактот што одделни делови од него се изучуваат во повеќе наставни предмети, а за целосно разбирање на проблематиката неопходно е постоење една тематска целина, како што е овој ракопис. |
| **Предлози за потребни корекции** | Нема |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Трудот не содржи дискриминаторски содржини. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од Правилникот за издавачка дејност** | Станува збор за прво издание, нема претходно издание согласно со кое ќе се споредува. |
| **Други елементи** | Ракописот содржи 114 слики, 13 табели и користена литература од 167 наслови, претежно научни трудови, но и 29 меѓународни ISO-стандарди. |

**Потпис на рецензентот**
**Проф. д-р Валентина Гечевска, с.р.**

## 2. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ВЛАДИМИР ДУКОВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Во ракописот, авторите многу внимателно и систематски ја изложуваат тематиката која се однесува на метрологијата на текстурата на површините. Трудот тематски претставува една целина, организирана во девет заемно зависни поглавја. Текстот започнува со вовед и кратко образложение во кое се препознава мотивацијата на авторите за пишување на ракописот, темелејќи се на констатцијата дека, од една страна, има присуство на голем број меѓународни стандарди и многубројна научноистражувачка и стручна литература, а од друга страна, постоење на големи дилеми и разлики во мерењата на текстурата на површините. Понатаму, во второто поглавје се дадени информации за поголем број на методи и мерни техники кои може да се користат за мерење на текстурата на површините, осврнувајќи се на нивниот принцип на работа, метролошките карактеристики, калибрацијата и спецификите при нивното користење. Поставувањето на координатниот мерен систем при изведувањето на мерењата, позиционирањето на читачот врз мерената површина, влијанијата од: лизгачот како механичка референца, метролошките карактеристики на мерната игла, деформацијата на мерената површина, мерната брзина, големините на елементарната мерна должина, вкупната мерна должина и семплирачкото растојание, карактеристиките на применетиот трансформатор и A/D конверзијата, применетиот метод за определување на референтни линии, се факторите кои учествуваат во процесот на добивањето на различните типови на профили од текстурата на површината, објаснети во третото поглавје од ракописот. Одделувањето на различните профили од текстурата на површината се овозможува со процес на софтверска филтрација преку користење на профил-филтри, па затоа познавањето на софтверската филтрација е клучен сегмент од метрологијата на текстурата на површините. Современи знаења, практики и стандардизирани информации поврзани со софтверската филтрација се елаборирани во четвртото поглавје. Мерните техники кои се користат во истражувањата на текстурата на површините вообичаено генерираат сет на точки во координатен мерен систем. Поврзувајќи ги тие |

| | |
|---|---|
| | точки се доаѓа до обликот на разгледуваниот профил. Обликот на разгледуваниот профил сам по себе не е (и не може да биде) барање во техничката документација. Тој треба да биде карактеризиран (опишан) со одредени параметри. Затоа, во ракописот се дадени дефинициите, математичките и графичките интерпретации на 22 стандардизирани параметри кои се однесуваат на профилот на рапавост, кои се со идентично значење и важност и за примарниот профил и профилот на брановидност. На крајот од петтото поглавје се образложени и други методи (автокорелациона функција, определување на уделот на случајната компонента и коефициентот на детерминираност, параметар на статистичка еднаквост на елементарни должини), кои вообичаено се користат во истражувачките кругови, а се однесуваат на карактеризацијата и класификацијата на профилите. Од монографиите како научно-стручна литература се очекува да обезбедат и современи научноистражувачки информации преку преглед на достигнувањата во областа за која тие се однесуваат. Токму шестото поглавје од ракописот го овоможува научниот придонес во оваа насока. Еден од начините за надминување на констатацијата дека во мерењата на текстурата на површините постојат големи разлики, е проширување и еднозначно дефинирање на означувањето на барањата во техничката документација кои се однесуваат на текстурата на површините. Методологијата за тоа како се означуваат барањата за текстурата на површините на техничката документација е образложена во седмото поглавје, каде што се дадени и неколку практични примери. Краток сублимат за значењето и целите на секое поглавје од монографијата е даден во заклучокот. Монографијата завршува со преглед на литературата која е користена при пишувањето на ракописот, која се состои од 167 наслови. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Ракописот, како дополнителна литература – монографија, ќе претставува литературен извор кој ќе обезбеди современи знаења и компетенции за студентите на прв, втор и трет циклус студии на Машинскиот факултет, по предметните програми наведени во заедничкиот дел од извештајот. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Ракописот „Метрологија на текстурата на површините‟ претставува оригинален авторски |

| | |
|---|---|
| | труд со бројни искуства од богатата научна и апликативна активност на авторите, во кој истовремено се анализирани и референцирани современи и актуелни литературни извори од обработуваната тематика. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Монографија |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Предложениот ракопис во целост е изготвен согласно со критериумите за универзитетски изданија наменети за наставно-образовниот и научниот процес на Машинскиот факултет во Скопје, и претставува авторски труд кој придонесува за обединување и целосно разбирање на една проблематика која етапно и во делови се изучува преку повеќе предметни програми. |
| **Предлози за потребни корекции** | Нема |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Трудот не содржи дискриминаторски содржини. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од Правилникот за издавачка дејност** | Бидејќи станува збор за монографија, нема претходно издание согласно со кое ќе се споредува. |
| **Други елементи** | За целосно разбирање на текстот на ракописот, употребени се 114 слики и 13 табели. |

**Потпис на рецензентот**

**Проф. д-р Владимир Дуковски, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По прегледот и продлабочената анализа на трудот, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, да донесе одлука за издавање на ракописот „Метрологија на текстурата на површините“, од авторите Мите Томов и Миколај Кузиновски, како монографија во печатена форма.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Валентина Гечевска, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Дуковски, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрена тема за изработка на магистерски труд со променет ментор прифатена од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје на седницата одржана преку видеоконференциска платформа на 26 август 2021 година**

## Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Анита Силановска | Специјалните карактеристики како клучен фактор за развој на робустен дизајн и робустен производствен процес во автомобилската индустрија | Special Characteristics as a Key Factor in Development of a Robust Design and Robust Production Process in Automotive Industry | Проф. д-р Глигорче Вртаноски | 02-1007/3 26.08.2021 год. |
| 2. | Моника Стојаноска Савевска | Примена на статистички техники за менаџмент со процесите на мерење согласно барањата на стандардот IATF 16949 | Application of Statistical Techniques for Measurement Management Processes According to the IATF 16949 Standard Requirements | Проф. д-р Глигорче Вртаноски | 02-1008/4 26.08.2021 год. |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЛИЦЕ ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ИНТЕРНА МЕДИЦИНА И ХЕМАТОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет, објавен на 4.6.2021 г. во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“, за избор на лице во насловно звање во наставно-научните области: интерна медицина и хематологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2736/4, донесена на 1.7.2021 г., формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Оливер Каранфилски, проф. д-р Соња Генадиева Ставриќ, проф. д-р Ирина Пановска Ставридис, проф. д-р Нико Беќаровски и проф. д-р Весна Ристовска.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на лице во насловно звање во наставно-научните области: интерна медицина и хематологија, во предвидениот рок се пријави насл. доц. д-р Татјана Сотирова.

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Татјана Сотирова е родена на 3.12.1962 г., во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, во 1981 г. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломирала во 1989 година, со просечен успех 8,5.

Кандидатката активно се служи со англиски, француски, германски и италијански јазик.

Во учебната 2001/2002 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Медицинскиот факултет „Умберто I“ на Универзитетот „La Sapienza“ во Рим, Италија. Студиите ги завршила во декември 2002 година, со просечен одличен успех. На 20.12.2002 година го одбранила магистерскиот труд на тема „Телемедицината во служба на хематологијата во Република Македонија“.

Докторска дисертација пријавила во 2012 година на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дисертацијата на тема „Прогностички фактори кај миелодиспластични синдроми” ја одбранила на 19 ноември 2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Борче Георгиевски, проф. д-р Оливер Каранфилски, проф. д-р Соња Генадиева Ставриќ, проф. д-р Гордана Петрушевска и проф. д-р Милка Здравковска. Со тоа се стекнала со научен степен – доктор на науки од научната област медицински науки.

Во 2002 година е избрана во звањето помлад асистент на Катедрата за интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, во областа интерна медицина –хематологија. Реизбор во истото звање има од 2006 година, а во звањето асистент е избрана во 2010 година. Во 2015 година е избрана во звањето асистент докторанд.

Во моментот е со звање – насловен доцент, во кое е избрана во 2016 година. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1136 од 15.12.2016 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 799 (7.3.2002 г.), бр. 811 (30.9.2002 г.), бр. 849 (31.3.2006 г.), бр. 965 (1.6.2009 г.), бр. 981 (1.3.2010 г.), бр. 1100 (15.5.2015 г.) и бр. 1136 (15.12.2016 г.), како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, кандидатката д-р Татјана Сотирова изведува и теоретска и практична настава на прв и втор циклус студии на студиските програми на Медицинскиот и на Стоматолошкиот факултет, како и на Високата школа за средномедицински кадар.

Кандидатката е коавтор, односно автор на поглавје, на рецензиран учебник под наслов „Интерна медицина“.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Татјана Сотирова има објавено вкупно над 100 научни трудови од областа на интерната медицина и хематологијата, од кои 35 трудови во меѓународни научни списанија, а останатите (над 70) трудови во зборници од научни собири.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Татјана Сотирова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија. Таа е раководител на Одделот за морфолошка дијагностика на Клиниката. Дел е од тимот за ултразвучна дијагностика на Клиниката.

Стручно усовршување во странство остварила со повеќе студиски престои (Грција, Италија, Израел, Австрија, Турција, САД), во периодот 2000 – 2015 г.

Активно е вклучена во работата на неколку стручни комисии и работни групи на Клиниката.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Татјана Сотирова, во 2017 година, добила позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Медицинскиот факултет.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Татјана Владимир Сотирова**
**Институција:** **Медицински факултет, Скопје**
**ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија**
**Научна област:** **Интерна медицина - хематологија**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ – НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,5<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: одличен<br>Просечниот успех изнесува одличен за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: медицински науки; поле: клинички науки; подрачје: интерна медицина – хематологија | Да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>**3.2.1.**<br>1. Назив на научното списание: Macedonian Medical Review<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 14, UK-2, Republika Srpska -1, USA-3, Germany-1, Albania-1, Serbia-1, Danmark-1, Slovenia-1, Bulgaria-1.<br>3. Наслов на трудот: Current Status in Management of Patients with Chronic Lymphatic Leukemia (CLL) in Republic of Macedonia. Pavkovic M, Genadieva-Stavric S, Amzai G, **Sotirova T,** Cevreska L, Stankovic S and Stojanovic A.<br>4. Година на објава: 2016; 70(1): 30-34.<br>**3.2.2.**<br>1. Назив на научното списание: Macedonian Medical Review<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 14, UK-2, Republika Srpska -1, USA-3, Germany-1, Albania-1, Serbia-1, Danmark-1, Slovenia-1, Bulgaria-1.<br>3. Наслов на трудот: Chronic Lymphocytic Leukemia Following Sucessful Treatment of Hodgkin’s Lymphoma: Report of Two Patients. Amzai G, Karanfilski O, **Sotirova T**, Genadieva-Stavric S, Latifi A and Stojanovic A. | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Година на објава: 2017; 71(3): 212-214.<br>**3.2.3.**<br>1. Назив на научното списание: Macedonian Medical Review<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 14, UK-2, Republika Srpska -1, USA-3, Germany-1, Albania-1, Serbia-1, Danmark-1, Slovenia-1, Bulgaria-1.<br>3. Наслов на трудот: Significance of an Early Diagnosis of Spondyloarthropathy. Spasovski D, Genadieva-Stavric S, **Sotirova T**, Subevska-Stratrova S and Brezovska-Kavrakova J.<br>4. Година на објава: 2019; 70(3): 164-168<br>**3.2.4.**<br>1. Назив на научното списание: Macedonian Medical Review<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 14, UK-2, Republika Srpska -1, USA-3, Germany-1, Albania-1, Serbia-1, Danmark-1, Slovenia-1, Bulgaria-1.<br>3. Наслов на трудот: Certatain aspects of ACPA antibodies and reactants of the acute phase in patients with Rheumatoid arthritis. Spasovski D, Genadieva-Stavric S, **Sotirova T** and Subevska-Stratrova S.<br>4. Година на објава: 2020; 74(2): 99-104.<br>**3.2.5.**<br>1. Назив на научното списание: Macedonian Medical Review<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 14, UK-2, Republika Srpska -1, USA-3, Germany-1, Albania-1, Serbia-1, Danmark-1, Slovenia-1, Bulgaria-1.<br>3. Наслов на трудот: CIRS-G Score as a rapid way to determine the overall multimorbidity burden and to select optimal and individualized therapy in newly diagnosed elderly CLL patients. Amzai G, Karanfilski O, Genadieva-Stavric S, **Sotirova T**, Trpkovska Terzieva S, Pavkovic M, Milovska D, Muca A, Kocoski B, Cvetanoski M and Stojanovic A.<br>4. Година на објава: 2020; 74(2): 94-98. | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – насловен доцент,<br>Датум и број на Билтен: 15.12.2016 година, Билтен бр.1136 | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Оливер Каранфилски, с.р.**
**Проф. д-р Соња Генадиева Ставриќ, с.р.**
**Проф. д-р Ирина Пановска Ставридис, с.р.**
**Проф. д-р Нико Бекаровски, с.р.**
**Проф. д-р Весна Ристовска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Татјана Владимир Сотирова**
**Институција:** **Медицински факултет, Скопје**
**ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија**
**Научна област:** **интерна медицина – хематологија**

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Предавање за специјализанти по интерна медицина (2016 – 2021), 10 семестри*2*0,05 | 1 |
| 2 | Консултации со студенти (од 2016 до 2021), 10 семестри 10*0.002*100 (студенти) | 2 |
| 3 | Консултации со студенти во рамките на здравствената клиничка практика (2016 – 2021), по 6 студенти во семестар 6*0.2*10 | 12 |
| 4 | Одржување на вежби (2016 – 2021) | |
| | 4.1 Одржување на вежби од прв циклус студии (стоматолози), 2016 – 2021 год, 2 часа неделно. 2*15*10*0,03 | 9 |
| | 4.2 Интерна пропедевтика – клиничко испитување (2016-2021 год.), 4 часа неделно. 4*15*10*0,03 | 18 |
| | 4.3 Интерна медицина (2016–2021 год.), 3 часа неделно. 3*15*10*0,03 | 13,5 |
| 5 | Едукатор на специјализација (19 специјализанти во период од 2016 до 2019) 4*5*15*0.08 | 24 |
| | **Вкупно** | **79,5** |

### НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Секциски предавања на научен/стручен собир** | |
| | 1.1 Современ дијагностички и тераписки пристап во лекување на миелодиспластични синдроми – 30.3 - 1.4.2018 година, Радика | 1 |
| | 1.2 Одредување на статус на коморбидитет кај ХЛЛ-пациенти, 26.11.2016 | 1 |
| | 1.3 Интернационални водичи за дијагноза, третман и следење на хронична лимфатична леукемија и не-Хоџкинови лимфоми, 2.5.2018, Гевгелија | 1 |
| | 1.4 How to improve survival in relapsed/refractory DLBCL patients? 27.9.2018, Скопје | 1 |
| 2 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | |
| | 2.1 Spasovski D, Genadieva Stavric S, **Sotirova T. Some Aspects of Nephrotoxicity of Paracetamol and Ketoprofen in Patients with Rheumatoid Arthritis.** Mac Med Review. 2016; 70(3): 119-126. | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2.2 Pavkovic M, Genadieva-Stavric S, Amzai G, **Sotirova T,** Cevreska L, Stankovic S and Stojanovic A. **Current Status in Management of Patients with Chronic Lymphatic Leukemia (CLL) in Republic of Macedonia.** Mac Med Review. 2016; 70(1): 30-34. | 3 |
| | 2.3 Stankovikj S, Martinova K, Ivanovski M, Karanfilski O, **Sotirova T,** Milovska D, Stojanoski Z, Cevreska L. **Case report of a rare coagulation disorder-Acquired hemophilia A.** Physioacta. 2016; 10(3):117-121. | 3 |
| | 2.4 Amzai G, Karanfilski O, **Sotirova T**, Genadieva-Stavric S, Latifi A and Stojanovic A. **Chronic Lymphocytic Leukemia Following Sucessful Treatment of Hodgkin's Lymphoma: Report of Two Patients.** Mac Med Rew. 2017; 71(3):212-214. | 3 |
| | 2.5 Spasovski D, Genadieva-Stavric S, **Sotirova T** and Brezovska-Kavrakova J. **Rheumatoid Factor as a Potentiator of Anti-Citrulinated Protein Antybody – Mediated Inflammation in Early Undifferentiated Seronegative Osteoarthropathy.** Mac Med Review. 2017; 71(1); 5-9. | 3 |
| | 2.6 Bushinovska Ivanova G, Ivanov J, **Sotirova T**. **Early Ultrasound Screening for Fetal Malformations in the Second Pregnancy after Combined Modality Treatment for Hodgkin's Disease: A Case Report.** Gynecology & Reproductive Healt. 2017; 1(4):1-3. | 4 |
| | 2.7 Spasovski D, Genadieva-Stavric S, Sotirova T, Krstevska-Balkanov S and Brezovska-Kavrakova J. **Some Aspects of Assessment of Enzyme Origine from Proximal Renal Tubules Damage in Patients with Psoriatic Arthritis.** Mac Med Review. 2018; 72(2):86-91. | 3 |
| | 2.8 Spasovski D, Genadieva-Stavric S, **Sotirova T,** Subevska-Stratrova S and Brezovska-Kavrakova J. **Significance of an Early Diagnosis of Spondyloarthropathy.** Mac Med Review. 2019; 73(3): 164-168. | 3 |
| | 2.9 Spasovski D, Genadieva-Stavric S, **Sotirova T**, Subevska-Stratrova S and Brezovska-Kavrakova J. **Some Aspects of Future Markers for Evaluation of Rheumatoid Arthritis.** Mac Med Review**.** 2020; 74(1): 25-29. | 3 |
| | 2.10 Amzai G, Karanfilski O, Genadieva-Stavric S, **Sotirova T**, Trpkovska Terzieva S, Pavkovic M, Milovska D, Muca A, Kocoski B, Cvetanoski M and Stojanovic A. **CIRS-G Score as a rapid way to determine the overall multimorbidity burden and to select optimal and individualized therapy in newly diagnosed elderly CLL patients.** Mac Med Review. 2020; 74(2): 94-98. | 3 |
| | 2.11 Spasovski D, Genadieva-Stavric S, **Sotirova T** and Subevska-Stratrova S. **Certatain aspects of ACPA antibodies and reactants of the acute phase in patients with Rheumatoid arthritis.** Mac Med Review. 2020; 74(2): 99-104. | 3 |
| 3 | **Учество на научен/стручен собир со реферат (постер)** | |
| | 3.1 Karanfilski O, Amzai G, Trpkovska Terzieva S, Pavkovic M, **Sotirova T**, Genadieva-Stavric S, Stojanoski Z, Milovska D, | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Risteska T, Stojanovska S, Cadievski L., Stojanovic A. **Salvage Options for HD Patients Failing Initial ABVD Treatment.** EHA Library. Karanfilski O. 06/14/19; 266276; PF476 | |
| | 3.2 Pavkovic M, Angelovic R, **Sotirova T,** Genadieva Stavric S, Petlickovski A, Karanfilski O, Cevreska L, Stojanovic A. **Tumor necrosis factor gene polymorphisms in adult patients with autoimmune hemolytic anemia.** BJMG. Abstract Book. 2017; Vol.20 (Supp.1): 1311-0160 | 0,5 |
| | 3.3 Spasovski D,Genadieva-Stavric S, **Sotirova T**, Subevska-Stratrova S. **Some aspects of nephrotoxicity of most used non-steroidal anti-inflammatory drugs in patients with degenerative spondyloarthropathy.** Abstract book. 2020: 28. SC: 01B2. 20th Congess of the Macedonian Medical Association in collaboration with Medical faculty “Ss Cyril and Methodius university” | 0,5 |
| | 3.4 Spasovski D,Genadieva-Stavric S, **Sotirova T**, Subevska-Stratrova S. **Alanine-aminipeptidase (Microsomal Aap), γ-glyamyl transferase (γ-GT), β2-microglobulin (β2-M) enzymuria as screening test in patients with degenerative spondyloarthropathy.** Abstract book. 2020: 29. SC: 01B2. 20th Congess of the Macedonian Medical Association in collaboration with Medical faculty “Ss Cyril and Methodius university” | 0,5 |
| | 3.5 Spasovski D,Genadieva-Stavric S, **Sotirova T**, Subevska-Stratrova S. **Acpa antibody in diagnosis of early undifferentiated seronegative arthropathy.** Abstract book. 2020: 31 SC: 01B2. 20th Congess of the Macedonian Medical Association in collaboration with Medical faculty “Ss Cyril and Methodius university” | 0,5 |
| | 3.6 Spasovski D,Genadieva-Stavric S, **Sotirova T**, Subevska-Stratrova S. Radiographic joint damage and reactants of acute phase in patients with rheumatoid arthritis. Abstract book. 2020: 30. SC: 01B2. 20th Congess of the Macedonian Medical Association in collaboration with Medical faculty “Ss Cyril and Methodius university” | 0,5 |
| 4 | **Апстракти објавени во зборник на конференција (меѓународна)** | |
| | 4.1 Pavkovic M, Trpkova-Terzieva S, Angelovic R, Jovanovic R, Karanfilski O, **Sotirova T,** Cevreska L, Stojanovic A. **FCGR2A and FCGR3A Variants are not Associated with Response to Rituximab in Patients with B-cell Chronic Lymphocytic Leukemia.** EHA Library. Pavkovic M. 05/18/17; 182488; PB1774. | 1 |
| | 4.2 Karanfilski O, Amzai G, Trpkovska Terzieva S, Pavkovic M, **Sotirova T**, Genadieva-Stavric S, Krstevska-Balkanov S, Cvetanovski M, Ridova N, Kocoski B, Stojanovic A. **Added Radiotherapy Improves Prognosis in HD Patients Treated with ABVD.** EHA Library. Karanfilski O. 05/16/19; 267959; PB2003. | 1 |
| | 4.3 Amzai G, Karanfilski O, Genadieva-Stavric S, **Sotirova T**, Trpkovska Terzieva S, Pavkovic M, Milovska D, Muca A, Kocoski B, Stojanovic A. **CIRS Score as a Reliable Comorbidity Evaluation Tool May Influence** | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Therapeutic Decisions in Elderly CLL Patients.** EHA Library. Amzai G. 05/16/19; 267884; PB1913. | |
| | **Вкупно** | **45** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Завршена супспецијализација во областа на медицинските науки и здравството** | |
| | Супспецијализација по хематологија завршена на 7.6.2018 година | 1 |
| 2 | **Поглавје во книга – коавтор** | |
| | Интерна медицина – Миелодиспластични синдроми | 2 |
| 3 | **Предавање на институции од јавен интерес** | |
| | 2.1 Алгоритамот на дијагностика и улогата на примарната и секундарната здравствена заштита во раната дијагностика на лимфаденопатијата<br>Поликлиника Ѓорче Петров – 20.6.2019<br>2.2 Проценка на коморбидитет кај новодијагностицирани и релапсни/рефрактерни пациенти со хронична лимфоцитна леукемија и испитување на CIRS-скорот за помош при изборот на третманска опција во Р Македонија<br>2.3 Одредување на статус на коморбидитет кај ХЛЛ пациенти – 26.11.2016<br>2.4 Иновација во хематологијата 2018 - до каде сме ние? - 27. 11.2018 | 0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5 |
| 4 | **Превод на статија** | |
| | Прирачник за процена на коморбидитетот кај пациенти – CIRS score - 2017 | 0,5 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 1 | **Награда за научни постигнувања од струкова организација** | |
| | Плакета од МЛД во 2019 година | 3 |
| 2 | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | 3.1 Член на Испитна комисија за полагање на прв дел од стручен испит при Лекарската комора на РМ<br>3.2 Член на Комисија за признавање специјализации и супспецијализаци за дејноста хематологија завршени во странство | 1<br>1 |
| | **Вкупно** | **10,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 79,5 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 45 |
| СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 10,5 |
| **Вкупно** | **135,0** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Оливер Каранфилски, с.р.**
**Проф. д-р Соња Генадиева Ставриќ, с.р.**
**Проф. д-р Ирина Пановска Ставридис, с.р.**
**Проф. д-р Нико Беќаровски, с.р.**
**Проф. д-р Весна Ристовска, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Татјана Сотирова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Татјана Сотирова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето **насловен вонреден професор** во наставно-научните области: **интерна медицина и хематологија**.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Татјана Сотирова да биде избрана во звањето **насловен вонреден професор** во наставно-научните области: **интерна медицина и хематологија**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Оливер Каранфилски, с.р.**
**Проф. д-р Соња Генадиева Ставриќ, с.р.**
**Проф. д-р Ирина Пановска Ставридис, с.р.**
**Проф. д-р Нико Беќаровски, с.р.**
**Проф. д-р Весна Ристовска, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТАДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕ НА КАЛОРИСКИОТ ВНЕС ВРЗ КЛИНИЧКИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО АКУТНАТА ФАЗА КАЈ КРИТИЧНО БОЛНИ ПОЛИТРАУМАТИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ“ ОД БИЉАНА АНДОНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XXXV редовна седница одржана на 1.7.2021 година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии, студиска програма: Медицина, во согласност со Законот за високото образование на Република Македонија, а врз основа на член 112 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 275 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј”, во Скопје (бр. 458 од 17.10.2019) и член 61 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/2013), формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Биљана Андоновска со наслов „Влијание на калорискиот внес врз клиничките резултати во акутната фаза кај критично болни политрауматизирани пациенти“, во состав: проф. д-р Мирјана Шошолчева, претседател, проф. д-р Петранка Мишевска, ментор, проф. д-р Билјана Кузмановска, член, проф. д-р Андријан Карталов, член и проф. д-р Розалинда Попова Јовановска, член.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката д-р Биљана Андоновска со наслов „Влијание на калорискиот внес врз клиничките резултати во акутната фаза кај критично болни политрауматизирани пациенти“, содржи 179 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1.15 проред и големина на букви 12, и 180 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, и книги. Трудот има апстракт на македонски и англиски јазик и е структуриран во 7 глави, вовед, мотив и цели за изработка на докторскиот труд, материјали и методи на истражувањето со статистички методи, резултати, дискусија, заклучни согледувања и користена литература. Текстот е збогатен со 68 табели, 43 слики и еден прашалник. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

**Првата глава** од докторската дисертација претставува **Вовед,** кој е правилно структуриран и започнува со краток опис на метаболизмот кај критични болни. Објаснети се ebb (shock) и flow фазата, како и адаптивната фаза, а според последните препораки на Европското здружение за клиничка нутриција и метаболизам, тие се претставени како акутен ран и акутен доцен период и втора или доцна постакутна фаза. Следи дефинирање на видовите на нутриција, перорална, ентерална и парентерална. Детално се наброени индикациите и пристапите за ентерална и парентерална исхрана. Воведот продолжува со одредувањето на енергетските потреби кои се неопходни за да се одржи енергетската хомеостаза кај критично болните пациенти. Наведени се начините за пресметување на енергетските потреби, како што се индиректната калориметрија, повеќе предиктивни равенки (Harris-Benedict-ова, Owen-ова, Mifflin-ова, равенка на Американското здружение за градни болести, Ireton Jones-ова, Penn State-ова и Swinamer-ова равенка) и емпириски формули, при што индиректната калориметрија се смета за златен стандард

според препораките од американското и европското здружение за парентерална и ентерална исхрана (ASPEN и ESPEN). Следи опис на акутната фаза на критичната болест. Детално се опишува катаболизмот и губењето на калории кај критичните болни, како и адаптивните механизми на ваквата состојба, системскиот инфламаторен одговор и неефикасното искористување на аминокиселините од храната. Објаснети се првата или гликонеогенетската фаза на гладувањето, кетоадаптивната фаза со потенцирање дека протеините, а не калориите се клучни при критична болест. Особен осврт е даден на мускулната слабост поврзана со продолжениот престој во единицата за интензивно лекување чија патогенеза е сѐ уште недоволно разјаснета. Се смета дека зголемување на протеоилизата при краткотрајно гладување е можната причина, па оттаму и потребата од преземање мерки за превенција на мускулното слабеење со адекватната нутрициска енергетска надохнада. Најновите насоки препорачуваат протеини и до 2,5 g/kg/ден во одредени специфични ситуации. Особено значење и е дадено и на хипокалориската нутриција, при што како посебен облик на хипокалориска нутриција може да се издвои и трофичката нутриција. Воведот завршува со мониторинг на нутритивниот статус кај критично болните, кој е од особено значење со цел да се процени ефикасноста на нутритивна терапија и да се обезбеди точната количина на супституираната исхрана. Нутрицискиот мониторинг опфаќа анамнеза, антропометриски методи и мерења, како што се индексот на телесна маса (BMI - Body Mass Iindex), дебелината на кожната дипла на musculus triceps brahii, мускулната циркумференција на средината на раката и обемот на надлактица, ултрасонографија, биохемиски анализи (албумин, гликемија, креатинин индекс и холестерол), нутриски ризик-скорови и скорови за проценката на тежината на состојбата или проценка на повредите (Acute Physiology And Chronic Health Evaluation-APACHE, Sequential Organ Failure Assessment-SOFA, Injury Severity Score- ISS и Therapeutic Intervention Scoring System-TISS)

**Втората глава** го анализира **мотивот на студијата**, кој произлегува од анализата на досега познатите сознанија дека сѐ уште не постои консензус за оптималната количина на калории што треба да ја обезбеди нутрицијата во акутната фаза кај политрауматизираните критично болни пациенти во единицата за интензивно лекување. Оттука произлегува и мотивот за изработката на овој докторски труд во кој со повеќе параметри ќе се евалуира влијанието на различниот калориски внес кај политрауматизирани критично болни пациенти во акутната фаза. Влијанието на различниот калориски внес обезбеден преку нутриција на исходот на нивното лекување, евалуирано клинички, лабораториски и ултрасонографски, е главната хипотеза на овој труд.

**Целите** на докторскиот труд се јасни, дефинирани во 4 точки, и кореспондираат со донесените заклучоци на крајот од дисертацијата. Тие вклучуваат утврдување на клиничките резултати следени преку стапката на морталитет, должината на болничко лекување во единицата за интензивна нега, деновите на механичка вентилација, појавата на гастроинтестинални и инфективни компликации, антропометриски мерки и ултрасонографски одредување на мускулното слабеење, концентрацијата на биохемиските маркери (албумин, гликоза, холестерол, АЛТ, креатинин, Ц-реактивен протеин, интерлеукин 1, 6 и туморски некротизирачки фактор) и тежината на болеста изразена преку SOFA-скорот, како и влијанието на добиените параметри врз обемот и времето на работа од страна на медицинскиот персонал и обемноста на работа при соодветен тераписки протокол следен преку TISS-28.

Во **третата глава** се презентирани **материјалот и методите** кои се примениле во овој докторски труд, кој претставува проспективна, рандомизирана, двојно слепа клиничка студија со вклучување на 75 пациенти со политраума, хоспитализирани во единицата за интензивно лекување при Клиниката за анестезија, реанимација и

интензивно лекување. Студијата е изработена по одобрување од Етичката комисија за клинички истражувања на Медицинскиот факултет во Скопје, како и со согласност од Катедрата за анестезија со реанимација и Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување во Скопје. Вклучени се пациенти според многу строги критериуми, а кои се постари од 18 г. и имале потреба од механичка вентилација и кои престојувале повеќе од осум дена престој во единицата за интензивно лекување заради политраума градуирана со среден и среден до тежок ISS-скор. Пациентите се поделени во три групи: група 1 – (Т) група на пациенти кои примаа ентерална нутриција со калориски внес до 25% од пресметаните енергетски потреби (пациенти со трофичка исхрана), Група 2 – (Е) група на пациенти кои примаа ентерална нутриција со калориски внес од 40 до 60 % од пресметаните енергетски потреби (пациенти со хипокалориска нормопротеинска исхрана) и група 3 – (П) група на пациенти кои примаа ентерална нутриција со калориски внес од 40 до 60 % од пресметаните потреби, надополнето со парентерална нутриција до 100%. Кај пациентите од групите 2 и 3 внесот на протеини бил идентичен - 1,2 gr/kg/ден. По добивање на информациска согласност од страна на застапникот на пациентот, спроведена е рандомизација на пациентите со помош на затворени плика во кои на ливче била запишана групата во која припаѓа пациентот. Извлекувањето на пликото било спроведено од страна на еден од членовите на медицинскиот тим од единицата за интензивно лекување кој не бил вклучен во истражувањето. Антропометриските мерења, клиничката евалуација, одредувањето на вредностите од испитуваните скорови и ултрасонографијата биле изведувани од еден ист анестезиолог. Биохемиските нутритивни маркери биле направени во иста референтна биохемиска лабораторија, како и инфламаторните маркери кои се испитувани во иста референтна имунолошка лабораторијата. Податокот во врска со тоа дали пациентот е вклучен во истражувањето и во која група припаѓа го знаел само анестезиологот додека пациентите и сите други кои учествуваат во ова истражување не располагале со тие податоци.

**Методите** за испитувањето вклучувале одредување на идеална телесна тежина (ideal body weight-IBW), при што кај пациентите каде IBW отстапувала за повеќе од 30% од актуелната телесна тежина се одредувала пресметана телесна тежина (adjusted body weight-ABW), висината (пресметувана преку мерење на висината на подколеницата), индексот на телесната маса (body mass index - BMI), дневните калориски потреби (пресметани врз база на тежината на пациентот преку равенката: 25 kcal/kg/ден× IBW), постигнатата калориска рата и актуелниот калориски внес (пресметан како калориски потреби × посакувани проценти ÷ 100). Исхраната се спроведувала според протокол во првите 7 дена од хоспитализацијата и истата започнувала на првиот ден од хоспитализацијата со постепено зголемување на волуменот и калориите до постигнување на таргет вредностите на третиот ден од исхраната. На вториот ден се спроведувала рандомизација на пациентите и се пресметувала вкупната количина на енергија внесена ентерално. Кај групите со хипокалориски внес се продолжувало по протоколот и во наредните денови. Кај групата со суплементарна парентерална нутриција до 100% калориски внес, се определувале вкупните калориски потреби, се пресметувале ентерално внесените калории и се надополнувале со парентерална нутриција од 10-20 kcal/kg која била аплицирана од третиот ден. Кај пациентите со ентерална нутриција била поставена оро/назогастрична сонда, а биле користени нутрициски раствори според протоколите во единицата за интензивна нега – комерцијални раствори со калориска вредност од 1,5 kcal/ml. Кај пациентите со суплементарна парентерална нутриција покрај оро/назогастричнта сонда, се поставувала централна или југуларна вена и е ординирана парентерална нутриција. Се аплицирале аминокислеински, јагленохидратни и липидни раствори. Според потребите, биле ординирани и водени и електролитни раствори. Евалуацијата на пациентите од трите групи со различен калориски внес е спроведена преку клинички, антропометриски и биохемиски иследувања. Од клиничките

иследувања забележани се демографските податоци на пациентите, спроведена е проценка на тежината на болеста преку APACHE II-скорот и градуирање на трауматските повреди преку ISS-скорот. SOFA и ТИСС-28 скоровите се калкулирани на првиот, третиот и седмиот ден со цел да се евалуира тежината на болеста и нејзината прогресија, како и да се детерминираат бројот на интервенции. За евалуација на нутрицискиот статус користени се NUTRIC и SGA скоровите на првиот ден од приемот. Со антропометриските мерења е вршена проценка на нутритивниот статус преку мерење на мускулната маса и масното ткиво на првиот и седмиот ден по приемот со мерење на обемот на надлактица (Midarm circumference - MAC), дебелината на кожна дипла (Triceps skinfold thickness - TSF), дебелина на адукторниот мускул на палецот-m adductor pollicis (TAPM), обем на потколеницата (Calf circumference – CC) и направени се ултрасонографските мерења. Биохемиските испитувања кај пациентите од трите групи со различен калориски внес се изведувале на првиот, третиот и седмиот ден од приемот и ги опфаќале основните биохемиски иследувања, одредување на серумските протеини и одредување на инфламаторни маркери (на Ц-реактивен протеин и интерлеукин 1,6 и TNF).

Статистичката анализа на податоците е направена со **статистичките методи** во статистичкиот програм SPSS 23,0. Статистичката сигнификантност е дефинирана на ниво на $p<0.05$.

Во **четвртата глава,** докторантката ги прикажува **резултатите** од истражувањето. Во истражувањето биле вклучени 75 пациенти, од кои 23 пациенти биле со хипокалориска – нормопротеинска, 31 со нормокалориска и нормопротеинска и 21 пациент со трофичка исхрана. Според половата структура, резултатите покажуваат дека трите анализирани групи се хомогени, а разликата меѓу трите групи во однос на дистрибуција на женски и машки пациенти е статистички несигнификантна (p=0.64). Просечната возраст на пациентите во сите три групи е, исто така, несигнификантно различна (p=0.94). Тестираната разлика во дистрибуцијата на возрасните групи меѓу трите групи пациенти статистички е несигнификантна (p=0.71). Во однос на просечната вредност на BMI, и таа разлика е статистички несигнификанта (p=0.2) помеѓу трите групи пациенти. Пациентите од првата и втора група, според вредностите на BMI имале прекумерна телесна тежина и тоа 10 (43.5%), 17 (54.8%) и 4 (19.05%), соодветно, кај пациентите од првата, втората и третата група. Обезни пациенти, односно BMI повисок од 30 имале само 2 (8.7%) пациенти од групата Е). Дневниот калориски внес бил 13.67 ± 5.6 kcal/kg/ден во групата Е. Вкупниот морталитетот бил 21,3%. Најнизок морталитет бил регистриран во групата пациенти кои примиле трофичка исхрана - 3 (14,3%), следено од групата пациенти кои примале хипокалориска исхрана – 5 (21,75) и пациентите кои примале нормокалориска исхрана – 8 (25,8%). Сите меѓу групни тестирања во дистрибуција на живи и починати пациенти биле статистички несигнификантни (p>0.05), што покажува дека начинот на исхрана немал значајно влијание на исходот кај пациентите. Историја на пропратни хронични сотојби имале 8 (34,85%) пациенти од група Е, 11 (36,7%) од групата П и 8 (40%) пациенти од група Т без сигнификантна разлика (p>0.05). Што се однесува до вредноста на скоровите за тежината на состојбата на пациентите, резултатите покажуваат дека на денот на прием, пациентите од трите групи сигнификантно се разликувале во однос на вредноста на APACHE-скорот (p=0.032), а post-hoc анализата за меѓу групните споредби, покажува дека оваа вкупна сигнификантност се должи на значајно повисок APACHE-скор во групата со нормокалориска исхрана во однос на групата со трофичка исхрана (8.06±3.9vs 5.57± 2.6,p=0.026). ISS скорот меѓу пациентите од трите групи е со статистичка сигнификантна разлика (p=0.034). Степенот на тежина на повредата пресметан според ISS-скорот, сигнификантно се разликува меѓу пациентите од групите Е и Т (p=0.013), и меѓу групите П и Т (p=0.04), додека разликата меѓу групите Е и П не е статистички сигнификантна (p=0.84). Пациентите од групата со хипокалориска исхрана и од групата со

нормокалориска исхрана имале значајно потешка политрауматска повреда во споредба со пациентите од групата со трофичка исхрана. Сериозен степен на повреда имал 1 пациент од група Е, 3 (9,7%) од група П и 7 (33,3%) пациенти од група Т. Со тежок облик на повреда биле 21 (91,3%) пациенти од група Е, 26 (83,9%) од група П и 13 (61,9%) пациенти од група Т. Од друга страна, пак, NUTRIC-скорот имал несигнификантно различна вредност меѓу трите анализирани групи (p=0.87). Субјективната општа проценка за ухранетост покажува дека нема сигнификантна разлика во меѓугрупните компарации, па така во трите групи, на прием доминирале пациенти со добра ухранетост, 18 (78,3%), 22 (71%), и 17 (80,95%), соодветно во група Е, П и Т. Должината на престојот во единицата за интензивно лекување сигнификантно зависела од калорискиот внес обезбеден преку нутриција (p=0.0009). Со post-hoc анализата се докажало дека оваа сигнификантност е резултат на значајно подолга хоспитализација на пациентите со хипокалориска во однос на пациентите со трофичка исхрана (p=0.024), и на значајно подолга хоспитализација на пациентите со нормокалориска исхрана во однос на пациентите со трофичка исхрана (p=0.00076). Во однос на механичката вентилација се добиле резултати кои покажуваат дека пациентите кои примиле нормокалориска исхрана биле најдолго на механичка вентилација, следено од пациентите кои примиле хипокалориска исхрана и пациентите кои примиле трофичка исхрана. Постои статистичка сигнификантна разлика (p=0.0044) во деновите на механичка вентилација во зависност од калорискиот внес обезбеден преку нутриција. Резултатите од антропометриските мерења покажуваат дека значајно поголем обем на надлактица во просек е измерен кај пациентите кои примале нормокалориска исхрана, споредено со пациентите кои примале хипокалориска исхрана (p=0.008). На седмиот ден добиените вредности од мерењата не покажале сигнификантно отстапување од оние направени на првиот ден од приемот што покажува дека различниот нутрицискиот внес не влијае на обемот на надлактица. Слични резултати се добиени и со обемот на мускулната циркумференција на средината на раката, при што не е најдена статистички сигнификантна разлика помеѓу седмиот и првиот ден, со што се покажува дека калорискиот внес нема сигнификантно влијание на мускулната циркумференција измерена на недоминантната страна. Во однос на обемот на потколеницата, пациентите од трите анализирани групи имале сличен обем на потколеница на доминантната страна, со статистички несигнификантна разлика, на прием (p=0.95) и седум дена потоа (p=0.59). Исто така, и разликата во просечниот обем на потколеница на недоминантната страна е несигнификантна меѓу трите групи пациенти (p=0.87 и p=0.89, соодветно за првиот и седмиот ден). Мнозинството пациенти од трите анализирани групи имале пониски вредности на обемот на потколеница на недоминантната страна од стандардните, на прием и една недела потоа. Резултатите од вредностите на дебелината на кожната дипла покажуваат дека постои сигнификантна разлика меѓу групите П и Т (14.45 ± 2.9 наспроти 10.61 ± 3.9, p=0.0019). На недоминантната страна, дебелината на кожната дипла измерена 7 дена по почетокот на студијата, е несигнификантно различна кај пациентите од сите три групи независно од калорискиот внес (p=0.34, p=1.0, и p=0.93, соодветно во група Е, П и Т). Вредностите на дебелината на m. adductor pollicis на доминантната страна измерени на прием и седмиот ден покажуваат дека има статистички сигнификантна разлика кај пацентите од група Е споредено со група П (p=0.0006), и се сигнификантно пониски во група Т во однос на група П (p=0.027). По 7 дена, повторно е нотирана истата сигнификантна разлика во дебелината на m adductor pollicis, како при приемот. Ултрасонографските мерења на дебелината на m.quadriceps на доминантната и недоминантна страна меѓу трите групи се слични во целиот период на следење меѓу групите Е, П и Т, но тие покажуваат сигнификантно различни вредности (p=0.022) по 7 дена внесување на хипокалориска и нормокалориска исхрана, а се несигнификантно различни (p=0.08) по внесување на трофичка исхрана. Резултатите од биохемиските

анализи покажуваат дека пациентите од трите групи имаат несигнификантно различни просечни вредности за албумини. И резултатите од двете следни мерења покажуваат дека и покрај тоа што има опаѓање на концентрацијата на албумини, сепак калорискиот внес нема сигнификантно влијание на концентрацијата на албумини (за p=0.41 е несигнификантна разликата на третиот ден, а за p=0.076 е несигнификантна разликата на седмиот ден). Според вредностите на албумините, пациентите од групите Е и Т на прием биле најчесто со нормална ухранетост, односно со вредности на албумини над 35 г/л. Пациентите од група П на прием подеднакво често биле неухранети и нормално ухранети. На прием, сите меѓугрупни компарации во однос на пациенти со тешка малнутриција, неухранети и нормално ухранети биле статистички несигнификантни ($p>0.05$). Вкупниот холестерол има несигнификантно различни вредности кај пациентите од трите групи, на прием (p=0.63), и седум дена потоа (p=0.81). Сите пациенти на прием имале вредности на холестерол во граници на референтните, еден пациент со нормокалориска исхрана на крајот на следењето имал покачен холестерол. Двете мерења на холестерол имаат слични просечни вредности во групите Е и Т (p=0.7, p=0.64, соодветно), додека во група П се потврдила статистичка сигнификантна разлика меѓу првиот и седмиот ден (p=0.003). Пациентите кои примале нормокалориска исхрана, 7 дена по почетокот на студијата имаат сигнификантно повисоки просечни вредности на холестерол, споредено со почетните вредности ($3.60 \pm 1.1$ наспроти $2.97 \pm 1.1$). Статистички несигнификантна е разликата меѓу трите групи во однос на серумските вредности на креатинин, на прием (p=0.48), три и седум дена потоа (p=0.11, p=0.43, соодветно). Сите три типа на калориски внесови значајно ги намалиле серумските вредности на креатинин и тоа за p=0.0035 во групата пациенти кои примиле хипокалориска исхрана; за p=0.000027 во групата пациенти кои примале нормокалориска исхрана; и за p=0.000027 во групата пациенти кои примиле трофичка исхрана. За p=0.041 е потврдена статистички сигнификантна разлика во вредностите на гликоза во крв меѓу трите анализирани групи, на почетокот од истражувањето. Со post-hoc анализата за меѓугрупните споредби, е покажано дека оваа сигнификантност се должи на значајно повисока гликемија кај пациентите од групата П во однос на група Т (p=0.049). На третиот ден од почетокот на истражувањето, во трите групи има намалување на вредностите на гликемија, како и при приемот каде што пациентите кои примиле нормокалориска исхрана имаат значајно повисоки вредности на гликоза во крв во однос на пациентите кои примиле трофичка исхрана (p=0.033). На седмиот ден од приемот повторно има благо намалување на вредностите на гликемија при што се губи сигнификантната разлика на вредностите на гликоза во крв кај пациентите од трите групи (p=0.14). Во однос на цитокините, резултатите покажуваат дека вредностите на IL 6 по 7 дена од давање на хипокалориска исхрана биле намалени кај 5/11 пациенти, кај 2/11 пациенти на нормокалориска исхрана, и кај 1/11 пациенти на трофичка исхрана. Кај 1/11 пациенти на хипокалориска исхрана и 1/11 на трофичка исхрана, IL 6 бил зголемен седмиот ден. Во групата пациенти кои примиле хипокалориска и трофичка исхрана, само кај 1 пациент седмиот ден се измерени повисоки вредности за IL - 1 beta. Ц-реактивниот протеин има несигнификантно различни вредности на прием кај пациентите од трите групи (p=0.27). Различниот калориски внес нема сигнификантно влијание на вредноста на Ц-реактивниот протеин, мерен по 3 и 7 дена од приемот (p=0.77, p=0.3, соодветно). Седмиот ден по вклучување на пациентите во студијата, Ц-реактивниот протеин има сигнификантно повисоки вредности кај пациентите од сите три групи, односно на хипокалориска (p=0.000003), на нормокалориска (p=0.000007), и на трофичка исхрана (p=0.00019). Резултатите од вредностите на леукоцитите покажуваат дека нема сигнификантна разлика во трите групи (p=0.23, p=0.24, и p=0.1, соодветно првиот, третиот и седмиот ден. Просечните почетни вредности на леукоцити се со статистичка сигнификантна разлика за p=0.00003; постои статистичка сигнификантна разлика за

p=0.0037 помеѓу почетните просечни вредности на леукоцити и 7 дена потоа во група П; исто така постои статистичка сигнификантна разлика за p=0.00005 помеѓу почетните просечни вредности на леукоцити и 7 дена потоа во група Т. И на третиот и седмиот ден од следењето, покачени леукоцити се регистрирани во сите три групи, но без статистичка сигнификантна разлика (p>0.05). Во однос на температурата, На прием, и три дена потоа пациентите од трите групи имале слична просечна телесна температура, без статистичка сигнификантност. За p=0.008 е потврдена статистичка сигнификантна разлика во просечната телесна температура меѓу трите групи, мерена седмиот ден по приемот. Гастроинтестинални компликации се регистрирани кај 7 пациенти, 2 од нив примале хипокалориска исхрана, а 5 примале нормокалориска исхрана. Статистичка сигнификантна разлика во зачестеноста на инфекција е потврдена меѓу групите Е и Т (p=0.023), и меѓу групите П и Т (p=0.0001). Трахеалниот аспират е потврден како најчест извор на инфект во сите три групи. Во однос на SOFA-скорот потврдена е статистичка сигнификантна разлика меѓу трите групи, при што во меѓу групните споредби е покажано дека тоа се должи на значајно повисок скор во група П наспроти група Т (p=0.048). Истото е потврдено на третиот и седмиот ден (p=0.022) и (p=0.012). Во трите групи не е најдена сигнификантна разлика во SOFA-скорот, калкулиран првиот ден од апликација на исхраната и седум дена потоа. На денот на прием, трите групи пациенти не се разликуваат сигнификантно во однос на TISS -28 скорот (p=0.87), додека третиот и седмиот ден разликата е статистички сигнификантна (p=0.0016, p=0.000005, соодветно). Третиот ден по прием, пациентите од група П имале сигнификантно повисок просечен TISS-28 скор во однос на пациентите од група Е (p=0.032), и сигнификантно повисок TISS скор во однос на пациентите од група Т (p=0.0019). Ваков тренд на вредноста на TISS-28 скорот е регистриран и седмиот ден; пациентите од група П имале сигнификантно повисок просечен TISS-28 скор во однос на пациентите од група Е (p=0.0013), и сигнификантно повисок TISS-скор во однос на пациентите од група Т (p=0.00012). Кај 12 пациенти имало потреба од инотропна стимулација, и тоа кај 4 пациенти од групата Е и 8 пациенти од групата П. Во групата Т, ниеден пациент не примал инотропни лекови. Испитуваната корелација на возраста со должината на механичката вентилација и должината на хоспитализација не е докажана како статистички сигнификантна во сите три анализирани групи. Корелациите помеѓу возраста и антропометриските параметри, мерени првиот и седмиот ден по приемот, статистички се несигнификантни, односно незначајни независно од нутрицискиот протокол. Не е најдена сигнификантна корелација помеѓу возраста на пациентите од сите три групи со мускулното слабеење, одредено ултрасонографски преку дебелината на m.quadriceps femoris, на доминантната и недоминантната страна, на прием и по седум дена. Индекот на телесна маса нема сигнификантно влијание на должината на механичката вентилација и на должината на хоспитализација во единицата за интензивно лекување. Пациентите кои имале прекумена тежина, а примале нормокалориска исхрана, биле незначајно подолго на механичка вентилација од пациентите од оваа група со нормална тежина (p=0.37), и имале незначајно подолг престој (p=0.12). Согласно добиените резултати, индексот на телесна маса нема сигнификантно влијание на морталитетот во сите три анализирани групи (p=1.0 за сите меѓугрупни споредби). Пациентите кои примале трофичка исхрана, а биле со прекумерна или нормална тежина имале сличен број на денови на механичка вентилација (p=0.32), и биле со слична должина на престој (p=0.96). Починале 3 од 5 пациенти со прекумерна и 2 од 5 пациенти со нормална тежина во групата Е, 4 од 8 пациенти со прекумерна и 4 од 8 пациенти со нормална тежина во групата П, а сите 3 починати пациенти од група Т имале нормална тежина. Во групите, сигнификантно зголемување на вредностите на обемот на надлакицата мерени на првиот ден од исхраната и седум дена потоа, е регистрирано во групата со хипокалориска нормопротеинска исхрана и тоа како кај оние со нормална, така и кај оние со прекумерна

телесна тежина. Дебелината на кожната дипла и мускулната циркумфернција се несигнификантно променети во трите групи и кај пациентите со нормална и кај оние со прекумерна тежина. Во сите три групи на, на прием, повисоки вредности на обемот на надлактицата на недоминантната страна од стандардните, се измерени почесто кај пациентите со прекумерна телесна тежина споредено со пациентите со нормална тежина, но разликата е несигнификантна ($p=0.54$), во групата Е и ($p=0.29$) во групата П. И седум дена по приемот, пациентите со прекумерна тежина од сите групи, споредено со пациентите со нормална тежина имале несигнификантно почесто зголемен обем на надлактица на недоминантната страна ($p=0.41$) во група Е; 15 (73.7%) наспроти 8(61.5%) во група П; 3 (100%) наспроти 9 (64.3%) во група Т. И седум дена по приемот, пациентите со прекумерна тежина од сите групи, споредено со пациентите со нормална тежина имале несигнификантно почесто зголемен обем на надлактица на недоминантната страна и тоа 8 (66.7%) наспроти 5 (45.455), ($p=0.41$) во група Е; 15 (73.7%) наспроти 8(61.5%) во групата П; и 3 (100%) наспроти 9 (64.3%) во групата Т. Кожна дипла на недоминантната страна подебела од 10 мм на прием и седум дена потоа е измерена почесто кај пациентите со прекумерна тежина од групата Е, и кај сите пациенти со прекумерна тежина од групите П и Т. Тестираните разлики меѓу пациентите со нормална и прекумерна тежина, во однос на дебелината на кожна дипла помала од 5 mm, од 5 до 9, и над 9 mm, во сите три аналиизрани групи статистички се несигнификантни ($p>0.05$). M adductor pollicis на доминантната страна, на денот на вклучување на пациентите во студијата, имал несигнификантно поголема дебелина кај пациентите со прекумерна тежина наспроти оние со нормална тежина, во групите Е и П ($p=0.059$, $p=0.6$, соодветно), додека во групата Т, пациентите со нормална тежина имале несигнификантно поголема дебелина на m. adductor pollicis на доминантната страна во однос на оние со нормална тежина ($p=0.6$). И на недоминантната страна, на почетокот на истражувањето е измерена несигнификантно поголема дебелина на m. adductor pollicis кај пациентите со прекумерна тежина од групите Е и П ($p=0.21$, $p=0.6$, соодветно), а несигнификантно поголема кај пациентите со нормална тежина од групата Т ($p=0.6$). Седмиот ден по вклучување на пациентите во студијата, m adductor pollicis на доминантната и недоминантната страна имал несигнификантно поголема дебелина кај пациентите со прекумерна тежина споредено со нормална тежина во група Е, а несигнификантно поголема кај пациентите со нормална тежина во група Т и на доминантната и недоминантната страна. Во групата П, пациентите со нормална и прекумерна тежина имале слична просечна дебелина на овој мускул на недоминантната страна, а несигнификантно поголема дебелина кај пациентите со прекумерна тежина споредено со лицата со нормална тежина на доминантната страна. Конечно, во трите анализирани групи сигнификантно се намалила дебелината на m. adductor pollicis на седмиот наспроти првиот ден од имплементацијата на исхрана кај групата со нормокалориска исхрана кај лицата со нормална телесна тежина. На прием, пациентите кои примиле хипокалориска исхрана и имале прекумерна тежина, покажале сигнификантно поголем просечен обем на подколеница како на доминантната ($p=0.039$), така и на недоминантната страна ($p=0.009$). Кај пациентите со нормокалориска и трофичка исхрана не е измерен сигнификантно различен просечен обем на подколеница како на доминантната ($p=0.2$ и $p=0.53$, соодветно во група П и Т), така и на недоминантната страна ($p=0.2$, $p=0.86$, соодветно). Седмиот ден од приемот, сифнификантна разлика во измерениот просечен обем на подколеница повторно е измерен единствено кај пациентите кои примале хипокалориска исхрана и имале прекумерна тежина во однос на оние со нормална тежина како на доминантната ($p=0.022$), така и на недоминантната страна ($p=0.037$). Кај пациентите кои примале нормокалориска и трофичка исхрана на седмоит ден од приемот таква сигнификантна разлика не е најдена. Статистичката анализа покажува дека нема сигнификантно отстапување во измерениот просечен обем на подколеница на седмиот во однос на првиот

ден од приемот кај пациентите од трите групи. Во групата со хипокалориска исхрана, несигнификантно поголема просечна дебелина на m. quadriceps е измерена на доминантната страна кај пациентите со прекумерна тежина споредено со пациентите со нормална тежина, на прием и седум дена потоа (p=0.33, p=0.086, соодветно). На недоминантната страна, пациентите со прекумерна тежина кои биле на хипокалориска исхрана на прием имале незначајно поголема просечна дебелина на m. quadriceps од пациентите со нормална тежина (p=0.067), додека разликата седмиот ден од приемот се потврдила како статистички сигнификантна (p=0.0025). Просечната дебелина на овој мускул на недоминантната страна на второто мерење е значајно поголема кај пациентите со прекумерна тежина наспроти пациентите со нормална тежина. При ултрасонографско мерење на m. quadriceps е забележано намалување на мускулната маса, а со сигнификантно значење е нотирано во групата П и кај доминантната (p=0.036) и кај недоминантната (p=0.012) страна кај испитаниците со прекумерна телесна тежина. Кај лицата, пак, со номална телесна тежина е нотирано зголемување на мускулната маса во истата група, кое е сигнификантно (p=0.0125) на доминантната страна. Резултатите од анализата на протеинскиот внес покажуваат дека во група Е сите протеините се поголеми од 0,8 g/kg телесна тежина, додека во групата Т сите се помали од 0,8 g/kg телесна тежина. Должината на механичка вентилација, и деновите на престој во единицата за интензивна лекување, сигнификантно зависеле од дневниот внес на протеини (p=0.0007, p=0.00031, соодветно). Пациентите со дневен внес на протеини поголем од 0.8 g/kg телесна тежина имале значајно подолга должина на механичка вентилација од пациентите со помал дневен внес од 0.8 g/kg телесна тежина. И должината на престој е значајно подолга кај пациентите со дневен внес на протеини поголем од 0.8 g/kg телесна тежина. Во групата пациенти кои дневно примале повеќе од 0.8 g/kg телесна тежина протеини, споредено со пациентите со дневен внес помал од 0.8 g/kg телесна тежина, е регистриран повисок болнички морталитет, но без докажана статистичка сигнификантност (p=0.33). Дневниот внес на протеини немал сигнификантно влијание на мускулната циркумференција на средината на раката на недоминантната страна, првиот (p=0.14 ) и седмиот ден (p=0.75), соодветно во групите со дневен внес на протеини помал и поголем од 0.8 g/kg телесна тежина. Ултрасонографските мерења на дебелината на m. quadriceps на доминантната и недоминантната страна, и во двете мерења не се разликувале сигнификантно во зависност од дневниот внес на протеини (p>0.05), соодветно во групите со дневен внес на протеини помал и поголем од 0.8 g/kg телесна тежина.

Во **петтата глава** во обемната **дискусија,** докторантката ги коментира резултатите од сопственото истражување кои се концизно и јасно објаснети. Добиените резултати истовремено ги споредува со веќе објавени резултати во литературата од таа област. Претставени се студии кои се осврнуваат на нутрицијата во акутната фаза од болеста кај политрауматизирани пациенти. Резултатите во врска со морбидитетот и морталитетот корелираат со резултатите од други студии. Начинот на исхрана и кој било нутрициски протокол со трофичка, хипокалориска, нормопротеинска или нормокалориска исхрана немаат влијание врз морталитетот на политрауматизирани болни. Забележани се малку пониски стапки на морталитет во групата со трофичка нутриција во споредба со другите две групи со нормокалориска и хипокалориска нормопротеинска исхрана, но без статистичка сигнификантност. Овие резултати се поклопуваат со резултатите добиени од повеќе вакви истражувања. Поради високата разноликост кај критично болните пациенти, препораките на Американското здружение за парентерална и ентерална исхрана и Здружението за критично болни пациенти (ASPEN/SCCM) сугерираат претходна проценка на нутритивниот статус со користење на резултатите од NUTRIC скорот, што би било корисно во дизајнирањето на соодветна нутрициска стратегија за овие критично болни пациенти. Во овој докторски труд NUTRIC-скорот има несигнификантно различна вредност меѓу трите анализирани групи

со нормокалориска, хипокалориска нормопротеинска и трофичка исхрана. Кај сите пациенти е детектиран низок ризик од малнутриција со средна вредност на NUTRIC скорот околу 1. Во однос на морбидитетот, пациентите кои биле со низок ризик од малнутриција и имале повисок енергетски и протеински внес (нормокалориска исхрана) покажале сигнификантно подолга хоспитализација во однос на пациентите со хипокалориска нормопротеинска исхрана и пациентите со трофичка исхрана. И овие резултати корелираат со други студии, но неизвесно е дали би се променила поврзаноста помеѓу внесот на енергија, степенот на нутрицискиот ризик и клиничкиот исход кога би се разгледала долгорочната нутритивна поддршка подолга од 7 дена, а не само периодот на нутриција во акутната фаза на критичната болест. Во однос на должината на болничкото лекување во единицата за интензивно лекување, овој докторски труд покажува дека постои тесна поврзаност меѓу калорискиот внес и должината на хоспитализација. Со други зборови, со post-hoc анализата е докажано дека оваа сигнификантност е резултат на значајно подолга хоспитализација на пациентите со хипокалориска во однос на пациентите со трофичка исхрана и на значајно подолга хоспитализација на пациентите со нормокалориска исхрана во однос на пациентите со трофичка исхрана. И во други студии се покажало дека калорискиот внес има влијание врз должината на болничкото лекување. Сепак, некои студии кои го следеле влијанието на трофичката и исхраната со полн енергетски внес кај високо и ниско нутритивно ризични пациенти покажале дека енергетската ведност на исхраната нема влијание врз должината на болничкото лекување, со исклучок на пациентите со висок нутрициски ризик што примаат трофичка нутриција, а имаат висока вредност на албумини. Во изработката на нутрициската стратегија од големо значење е и идентификација на пациентите и според скорот за субјективна општа проценка кој изолирано или комплементарно со NUTRIC-скорот, има и прогностичка моќ за предвидување несакани компликации и морталитет во првите 28 дена. Резултатите од овој докторски труд корелираат со резултатите од други студии кои покажуваат дека пациентите со поголем нутритивен ризик можат да имаат корист од поагресивна нутритивна терапија. Позитивно влијание на нутрициската терапија врз намалување на денови на механичка вентилација презентирано е и во EPANIC и TARGET студиите и покрај тоа што овие студии не се поддржувачи на агресивна нутрициска терапија во раната фаза на критична болест. Во докторскиот труд, на механичка вентилација најдолго биле пациентите кои примале нормокалориска исхрана, следено од пациентите кои примале хипокалориска нормопротеинска и пациентите кои примале трофичка исхрана. Таа разлика за деновите на механичка вентилација во зависност од калорискиот внес обезбеден преку нутриција е статистички сигнификантна. Спротивни резултати се добиени во студијата EDEN кај пациенти со акутна белодробна повреда (acute lung injury) кои биле подложени на два различни нутрициски протокола. Резултатите од оваа студија не покажале разлики помеѓу групите на испитаници со различен протокол на исхрана врз крајните примарни цели на истражувањето како што е времетраење на механичка вентилација и морталитет во временска рамка од 60 дена. Сепак, резултатите од оваа студија не може да се генерализираат за сите критично болни пациенти, бидејќи пациентите кои биле вклучени во неабиле пациенти со прекумерна телесна тежина што може да влијае на резултатите. За подобро утврдување на влијанието на различниот нутрициски внес кај критично болните пациенти од круцијално значење е следењето на нивните антропометриски и биохемиски мерки. Сепак, би требало да се напомене дека антропометриските мерења и резултатите подлежат на промени поврзани со карактеристиките на критичната болест и донекаде ги губат своите сензитивност и специфичност. Во отсуство на почувствителни тестови, антропометријата може да обезбеди нумеричка основа за проценка на одговорот на третман со исхрана. Во поглед на антропометриските анализи и калорискиот внес во низа студии се добиени различни

резултати. Во претходно објавена пилот-студија на докторантката, докажана е сигнификантна редукција на мускулната маса од првиот до седмиот ден на престојот во единицата за интензивно лекување. Оттука произлегува потребата од брзи и рани интервенции кои ќе потикнат анаболизам, а ќе намалат катаболизам и со тоа ќе се спречи или ограничи мускулно слабеење. Но колку хранливи материи ќе имаат ефект на катаболизмот, анаболизмот и мускулното слабеење останува прашање. Низ литературата се среќаваат и податоци дека можеби катаболизмот и анаболизмот не секогаш колерираат со мускулното слабеење и протеинската хомеостаза. Серумскиот албумин повеќе се смета за сурогат маркер за степен на ризик и ниво на инфламација, одколку што би требало да се користи како маркер за нутрициски статус. Вредноста на албуминот опаѓа при сигнификантна инфламација, зголемена капиларна пермеабилност, промени во приоритетите во хепаталната синтеза на протеини како и катаболизам. И покрај тоа што во трите групи е забележано сигнификантно намалување на просечната вредност на албуминот особено на седмиот ден од приемот, резултатите не покажуваат сигификантно влијание на калорискиот внес врз трендот на промена на концентрацијата на албумини. Најмало намалување е најдено во групата со трофичка нутриција, а најголемо во групата со хипокалориска нормопротеинска нутриција. Резултатите од докторскиот турд се поклопуваат со резултатите од други студии, сепак докторантката напоменува дека слабост на овој труд е што што мерењето на албумините е на седмиот ден од приемот, а не по три недели од приемот кога би се добиле поверодостојни резултати за трендот на промена на концентрација на албумини под влијанието на нутрицискиот режим. Според литературата, евалуацијата на серумскиот албумин на прием е предиктор за исходот на политрауматизирани пациенти, при што хипоалбуминемијата е предиктор за зголемен морбидитет и морталитет. Во оваа студија е утврдено дека пациентите со хипоалбуминемија на прием поминуваат повеќе денови на механичка вентилација и имаат подолго болничко лекување наспроти пациентите со нормални вредности на албумини на прием. Овие корелации наведуваат дека ако се работи на подобрувања во исхраната со зголемување на нивото на албумин би се подобрила неповолната прогноза поврзана со хипоалбуминемијата. Сепак, ова предвидување не е потврдено во голем број контролирани студии. Некои студии покажуваат дека предоперативната парентерална исхрана кај хипоалбуминемични пациенти како и високо калориската нутриција со парентерална нутритивна поддршка кај критично болни пациенти не ја менува стапката на смртност кај истите. И во оваа студија е покажано дека два пациенти од групата со трофичка, два пациенти од групата со хипокалориска нормопротеинска и три пациенти од групата со нормокалориска нутриција кои биле со изразена хипоалбуминемија, завршиле со фатален исход. Со тоа е покажано дека нутрициската стратегија не влијае на нивото на албумини така да дури и поагресивната нутрициска подршка не го менува нивото на албумини, а со тоа и стапката на смртност. Поради корелацијата помеѓу нивото на серумскиот креатинин и мускулната маса, серумскиот креатитин во стабилна состојба се користи како сурогат мерка за мерење на мускулната маса. Во овој докторски труд постои намалување на вредноста на дебелината на мускулната маса во сите три групи, исто така и сигнификантно намалување на серумскиот креатинин во сите три групи со различен нутрициски протокол. Следењето на хепаталните ензими кај критично болни е од особено значење заради утврдување на влијанието на нутритивната подршка и нејзините евентуални несакани ефекти. Најдено е дека порастот на аланин аминотрансферазата и аспартат аминотрансферазата, кои се и одраз на мускулното слабеење, е повисок кај пациентите кои примале исхрана со поголема нутритивна вредност, т. е. кај пациентите со поголемо мускулно слабеење е најден и поголем пораст на трансаминазите. Регулацијата и одржувањето на нивото на гликоза во крвта е од особено значење во третманот на критично болните пациенти, и двете и хипо и хипергликемијата се поврзани со неповолен исход и морталитет. Резултатите од

докторскиот труд се поклопуваат со други студии каде средните вредности на гликемијата и администрацијата на исулин биле повисоки во групата со полн калориски внес во првите шест дена наспроти групата со трофичка исхрана. Во истата група со трофичка исхрана како што се зголемувал внесот на калории до полн енергетски внес исчезнувале разликите во поглед на гликемијата и дозата на примен инсулин. Податоци за влијанието на внесот на калории врз цитокините кај критично болни пациенти се недоволни. Се смета дека кај критично болни пациенти, ентералната исхрана може да го модулира инфламаторниот одговор преку неколку потенцијални механизми, вклучувајќи го и влијанието на гастроинтестиналниот микробиом, и на тој начин да се одржува гастроинтестиналниот интегритет, функција и имунитетот на цревата. Сепак, ефектот на ентералната исхрана врз цитокините не е универзално докажан. Некои студии покажуват дека ентералната исхрана не е поврзана со промени во нивото на IL-6, IL-8 или CRP а со тоа нема разлика во видот а и во калорискиот внес. Зошто не гледаме некој значаен ефект на различниот калориски внес врз цитокините, се објаснува со тоа што акутната фаза на критичната болест се менува, пациентите се со различен APACHE-скор, возраст, пол, телесен индекс и генетски фактор, имаат различен терапевски пристап со временски различен момент на поставување на механичка вентилација, разлики во хемодинамиката, потребата за вазоактивни лекови како и примена на пурификациона терапија. Резултатите од истражувањето покажуваат дека повисоки вредности на цитокини се поврзани со промени на индексот на телесна маса и телесната структура. Друг сензитивен маркер на инфламација е CRP - C-reactive protein. Во докторскиот труд, на прием, зголемени вредности на CRP несигнификантно почесто имале пациентите од група Т, наспроти оние од групата Е и П. Најголемо покачување на просечната концентрација на CRP на седмиот ден од приемот има во групата со нормокалориска исхрана. За рано детектирање на инфекции од особено значење е и одредувањето на вредностите на леукоцитите и на температурата. Според резултатите, групата со хипокалориска исхрана имала најголем процент на пациенти со покачени леукоцити. Потврдена е сигнификантна разлика во просечната телесна температура меѓу трите групи при што пациентите во групата кои примале нормокалориска исхрана имале измерено највисока телесна температура во споредба со другите групи. Низ литературата забележан е трендот на подобра толеранциаја на храна при трофичкиот режим на исхрана наспроти режимите на прогресивно зголемување на внесот на храна. Резултатите од овој докторски труд се поклопуваат со резултатите од овие студии. За избегнување на несаканите гастроинтестинални проблеми од ентералната исхрана, потребна е рана иницијација на исхранатасо систематично зголемување на енергетската поддршка. Развојот на гастроинтестинални нарушувања настанува како резултат на неадекватно зголемување на количината на исхраната или неадеквата брзина на администрација. Затоа, бавниот почеток и континуираната и прогресивна но умерена администрација на енетерална нутриција овозможува рано постигнување на целната количина без несакани реакции. Избегнуањето на хиперосмотски нутритивни формули, гастрична, како и континуирана ентерална исхрана може да придонесат во намалување на можноста за развој на дијареја. Глобално, за поголемиот број од инфективните компликации може да се каже дека нема сигнификантна разлика меѓу различните групи на нутрициска подршка според литературата. Во овој докторски труд, во однос на тајмингот на појава на нозокомијални инфекции, кај групата со трофичка исхрана тие се појавиле во првите осум дена од приемот, во групата со хипокалориска нормопротеинска исхрана инфекција се јавила само кај еден пациент во првите осум дена, а кај останатите по деветтиот ден. Во групата со нормокалориска исхрана 13 пациенти појавиле инфекција во првите осум дена а останатите 6 по деветтиот ден. Кај критично болни пациенти со прекумерна тежина, навремена иницијација на адекватна нутриција е клучна за нивниот третман. Нутрициската терапија кај таа категорија на пациенти бара посебно знаење заради

комплексноста на нивнита состојба. Во овј докторки труд се одредувани и варијациите во анатомијата, тежината и телесниот масен индекс, а се со цел да се потврди нивното влијание на резултатите во сите три групи.

Во **шестата глава,** кандидатката ги претставува **заклучните согледувања** кои се коректно формулирани и ги потврдуваат појдовните цели на истражувањето. Врз основа на добиените резултати од овој докторски труд се заклучува дека начинот на исхрана и било кој нутрициски протокол со трофичка, хипокалориска нормопротеинска или нормокалориска нормопротеинска исхрана немаат влијание врз морталитетот на политрауматизираните болни. Забележани се малку пониски стапки на морталитет во групата со трофичка нутриција во споредба со другите две групи со нормокалориска и хипокалориска нормопротеинска исхрана, но без статистичка сигнификантност. Во однос на морбидитетот пациентите кои имале повисок енергетски и протеински внес (нормокалориска нормопротеинска исхрана) покажале сигнификантно подолга хоспитализација во однос на пациентите со хипокалориска нормопротеинска исхрана и пациентите со трофичка исхрана. Пациентите со нормокалориска нормопроетинска исхрана биле значително подолго на механичка вентилација во однос на оние кои примале хипокалориска нормопротеинска и оние кои биле со трофичка исхрана. Пациентите од групата со нормокалориска нормопротеинска исхрана имале значително почести инфекциии почести гастроинтестинални компликации во однос на пациентите од другите две групи. Во поглед на антропометриските мерења на 7-миот ден од приемот во групата со трофичка исхрана, сигнификантно е намален просечниот обем на подколеницата на доминантната страна, а во групите со нормокалориска нормопротеинска и со хипокалориска нормопротеинска исхрана, сигнификантно е намалена дебелината на m.quadriceps на доминантната и недоминантната страна. Во групата со нормокалориска исхрана мускулното слабеење е потврдено и преку намалување на дебелината на m. adductor pollicis. Ова е особено изразено кај пациентите со прекумерна телесна тежина и индекс на телесна маса поголем од 25. За разлика од нив, кај пациентите со нормална телесна тежина и индекс на телесна маса помал од 25, нормокалориската исхрана довела до зголемување на масата на m. guadriceps.

Во однос на биохемиските маркери, пациентите со нормокалориска исхрана имаат најголемо покачување на CRP, почест наод на покачена гликемија и покачени концентрации на ALT, како и повисоки вредности на холестерол. Пациентите со хипокалориска нормопротеинска исхрана имаат клинички резултати кои се полоши од оние со трофичка исхрана, а подобри од оние со нормокалориска исхрана. Хипокалориска нутриција се преферира пред изокалориска за првата недела од критичната болест. Пациентите со помал нутрициски ризик и NUTRIC-скор помал од 5 најверојатно имаат потреба од помала калориска поддршка. Во однос на телесната маса кај лицата со нормална телесна тежина и индекс на телесна маса помал од 25, нормокалориската нутриција има поволен ефект. Кај лицата со прекумерна телесна тежина и индекс на телесна маса поголем од 25 се препорачува намалување на енергетската супституција со нормален внес на протеини. И покрај тоа што во трите групи е забележано сигнификантно намалување на просечната вредност на албуминот особено на седмиот ден од приемот, резултатите не покажуваат сигнификантно влијание на калорискиот внес врз трендот на промена на концентрацијата на албумини. Вредностите на TNF alfa и IL-1 во трите испитувани групи останале непроменети и по седум дена, додека намалување на вредностите на IL-6 најчесто е забележано во групата со хипокалориска нормопротеинска исхрана. Резултатите не покажувсаат сигификантно влијание на калорискиот внес врз трендот на промена на вредностите на SOFA-скорот. Обемот на грижа за пациентите следен преку TISS-28 скорот сигнификантно е зголемен на третиот и седмиот ден само кај пациентите од групата со нормокалориска нормопротеинска исхрана. Хипокалориската исхрана со адекватен внес на протеини и

нејзино прогресивно зголемување до нормокалориска исхрана е подобра за повозрасните критично болни пациенти со цел да се избегнат компликациите од прехранување. Конечно е потврдено дека кај сите критично болни прогресивната имплементација на нутриција со постигнување на калориски максимум е основен постулат на нутрицискаta терапија.

**Седмата глава** од дисертацијата ја содржи приложената литература, која е обемна, прегледна и коректно цитирана по прифатените стандарди.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката д-р Биљана Андоновска со наслов „Влијание на калорискиот внес врз клиничките резултати во акутната фаза кај критично болни политрауматизирани пациенти“ претставува истражување во областа на анестезиологијата и интензивното лекување. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да ги унапреди и прошири знаењата за нутритивната терапија кај политрауматизирани пациенти и нејзината примена во анестезиолошката пракса. Од научното истражување во оваа докторска дисертација произлегуваат препораки за примена на овој тип на терапија кај пациентите во единиците за интензивно лекување. Понатамошните истражувањата можат да се прошират кон корисноста од примената на нутритивните протоколи кај повеќе различни групи критично болни пациенти.

Докторската дисертација на кандидатката д-р Биљана Андоновска со наслов „Влијание на калорискиот внес врз клиничките резултати во акутната фаза кај критично болни политрауматизирани пациенти“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработен докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Andonovska B. Nutritional therapy in the intensive care unit. Macedonian Journal of Anaesthesia 2020; 4(3):22-37.
[2]. Andonovska Biljana. The influence of nutrition on muscle wasting in critically ill patients – a pilot study. Sanamed 2018; 13(3):235-241.
[3]. Andonovska Biljana. Adductor Pollicis Muscle Thickness Measurement – A Reliable Method for Nutritional Status Assessment in Critically Ill Patients. Macedonian Journal of Anaesthesia. November 2017; 2: 21-32.
[4]. Andonovska Biljana. Malnutrition in the Surgical Patients. Sanamed 2016; 11(3): 229–237.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Научен придонес на оваа докторска дисертација е воведувањето на нутритивната терапија како неопходен третман кај пациентите со политраума во единиците за интензивно лекување.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **д-р Биљана Андоновска** со наслов: **Влијание на калорискиот внес врз клиничките резултати во акутната фаза кај критично болни политрауматизирани пациенти.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Мирјана Шошолчева, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Петранка Мишевска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Кузмановска, член, с.р.**
**Проф. д-р Андријан Карталов, член, с.р.**
**Проф. д-р Розалинда Попова Јовановска, член, с.р.**

# ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА ВО РЕЦЕНЗИЈАТА НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ” – УЧЕБНИК ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА И СТУДЕНТИТЕ НА ТРИГОДИШНИТЕ СТРУЧНИ СТУДИИ ОД ГРУПА АВТОРИ, ОБЈАВЕНА ВО БИЛТЕНОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ БР. 1243 ОД 15.8.2021 ГОДИНА.

Во рецензијата на ракописот „Основи на научноистражувачка дејност” – учебник за студентите по општа медицина и студентите на тригодишните стручни студии од авторите: проф. д-р Љубица Георгиевска Исмаил, проф. д-р Марија Вавлукис, доц. д-р Лидија Поповска, проф. д-р Жанина Переска, н. сор. д-р Валентина Андова, проф. д-р Биљана Јаневска, проф. д-р Катерина Тошеска Трајковска и доц. д-р Ирена Алксиоска Папестиев, објавена во Билтенот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје бр. 1243 од 15.8.2021 година, направена е техничка грешка во називот на ракописот.

Во текстот на рецензијата е направена техничка грешка во насловот на ракописот, односно тој треба да гласи: **Основи на научноистражувачка работа,** во целиот текст на рецензијата каде што е наведен.

Останатиот текст од рецензијата на ракописот останува непроменет.

**Членови на Рецензентската комисија**

**Проф. д-р Соња Топузовска, с.р.**
**Проф. д-р Ѓулшен Селим, с.р.**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТИТЕ: ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ОПШТА ИСТОРИЈА НА СТАРИОТ ВЕК И БИБЛИОТЕКАРСТВО НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Дневник“ од 6.7.2021 година и „Koha“ од 6.7.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областите: историја на Македонија, општа историја на стариот век и блиотекарство, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-491/10, донесена на 6.9.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Виолета Ачкоска, претседател, проф. д-р Никола Жежов, член и проф. д-р Кристина Николовска, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областите:

1. **Област: историја на Македонија, за предметите:**
- Културна историја на Македонија (задолжителен предмет) и
- Историја на библиотекарството во Македонија (задолжителен предмет)
2. **Област: општа историја на стариот век, за предметот:**
- Историја на писмото и библиотеките(задолжителен предмет) и
3. **Област: библиотекарство, за предметите:**
- Библиотекарство (задолжителен предмет)
- Каталогизација на библиотечниот фонд (задолжителен предмет)
- Класификација на библиотечниот фонд (задолжителен предмет)
- Библиотечни фондови, формирање и организација(изборен предмет)
- Јавни, училишни и високошколски библиотеки (изборен предмет)

во предвидениот рок се пријави д-р Сузана Котовчевска, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

### 5. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката проф. д-р Сузана Котовчевска е родена на 31 јануари 1961 година во Прилеп. Гимназија завршила во Скопје, во 1980 година.

Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет, Институт историја на уметност со археологија. Дипломирала во 1987 година, со просечен успех 8,15.

На 22 јануари 2005 година магистрирала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет, при Институтот за историја на уметност со археологија во Скопје, со просечен успех 8,20, на тема „Рановизантиска нумизматика на доцноантичката провинција Македонија Секунда“.

На докторски студии се запишала во учебната 2005 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет, при Институтот за историја. Докторската дисертација на тема: „Развој на библиотекарството и библиотечната дејност во Р Македонија (1944 – 2004)“ ја одбранила во октомври 2006 година. Нејзината докторска дисертација беше прва оригинална дисертација од областа на историјата на библиотекарството, со посебен акцент на историскиот развој на библиотекарството во Македонија.

Во 2008 година, како резултат на нејзиното повеќе од дведецениско забележително работење во сферата на библиотекарството, ја добила наградата „Климентова повелба“ за долгогодишни значајни остварувања во развојот на библиотекарството во Р Македонија.

Од септември 2010 година е вклучена во изведувањето на наставата по предметите Историја на писмата и библиотеките и Културна историја на Македонија на Катедрата за библиотекарство при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

На 14 септември 2011 година била избрана во соработничко звање – асистент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје (извештајот на рецензентската комисија е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1011), во областите: историја на Македонија, општа историја на стариот век и библиотекарство.

На 27 април 2012 година е избрана во звањето доцент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје (извештајот на рецензентската комисија е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1028), по предметите од областа историски науки - Историја на писмото и библиотеките, Културна историја на Македонија и Историја на библиотекарството во Македонија и област тесно – стручни наставни области – библиотекарство, Каталогизација и класификација 1, Каталогизација и класификација 2 и Јавни, училишни и високошколски библиотеки.

На 1.2.2017 год. била избрана за вонреден професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, одлука бр. (извештајот на рецензентската комисија е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1136 од 2016 год.), во областа историја на Македонија, за предметите: Културна историја на Македонија, задолжителен предмет и Историја на библиотекарството во Македонија, задолжителен предмет; од областа општа историја на стариот век, за предметот Историја на писмото на библиотеките, задолжителен предмет и од областа библиотекарство, за предметите: Библиотекарство, задолжителен предмет, Каталогизација на библиотечниот фонд, задолжителен предмет, Класификација на библиотечниот фонд, задолжителен предмет и Јавни, училишни и високошколски библиотеки, изборен предмет, на македонски наставен јазик.

Нејзиниот богат наставно-образовен и научен опус, како и нејзиниот несебичен ангажман при конституирање на голем број научни дисциплини од областа на библиотекарството, претставуваат круна на нејзиното тридецениско ангажирање во сфера од посебен научен и општествен интерес.

Рецензентската комисија при донесување на конечната оценка и презентација на заклучокот и предлогот за избор во звањето редовен професор, ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на нејзината професионална кариера, објавени во Билтенот на УКИМ бр. 1011, бр. 1028 и бр. 1136, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 6. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, кандидатката проф. д-р Сузана Котовчевска изведува настава и вежби на прв и втор циклус студии на студиската програма Библиотекарство, а со изборни предмети е вклучена на студиските програми од прв циклус на одделенска настава. Исто така, проф. д-р Сузана Котовчевска изведува настава и на трет цикус студии на студиските програми: Образование за наставници ( за примарно образование) и Рано детско воспитание и образование.

Од изборот во звањето вонреден професор, кандидатката била ментор на 25 дипломски работи, а исто така учествувала и како член во комисии за оцена и одбрана на 28 дипломски работи и на 2 магистерски труда.

Проф. д-р Сузана Котовчевска подготвила три нови предмети за трет циклус студии на студиската програма Образование за наставници и еден нов предмет за трет циклус студии на студиската програма Рано детско воспитание и образование.

Кандидатката е автор на позитивно рецензиран универзитетски учебник за студентите на студиските програми од прв циклус на библиотекарство и одделенска настава.

**Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 1 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Сузана Котовчевска има објавено 15 научни трудови од соодветните научни области, од кои 2 труда во научно списание кое има глобал импакт-фактор, и кое е индексирано во електронската база Ebsco. Еден труд објавен во научно списание во земја членка на Европска Унија, додека останатите трудови се објавени во научни списанија и зборници во кое трудовите подлежат на рецензија и кои имаат меѓународни уредувачки одбори од најмалку пет земји.

Во периодот по изборот во звањето вонреден професор, д-р Сузана Котовчевска е автор на две рецензирани монографии.

- Котовчевска, С. (2018). Библиотеките низ вековите, Скопје;
- Котовчевска, С. (2020). Училишние библиотеки – светилник во современиот образовен процес, Скопје.

Исто така. била и коавтор во научно-популарна книга: 70 години просвета, образование, наука, педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Скопје 2017.

Во конкретниот период, д-р Сузана Котовчевска била раководител на два национални проекта (финансирани од Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, УКИМ, Скопје, за 2017 и 2019 г.), како и член на три национални проекти (финансирани од Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, УКИМ, Скопје, за 2017, 2019 и 2020 г.).

**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведени во табелата во Анекс 1 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Сузана Котовчевска активно е вклучена во стручно-применувачката дејност на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Учествува во промотивните активности на Факултетот.

Кандидатката била член на повеќе факултетски комисии, меѓу кои:

- Комисијата за евалуација на Факултетот и поткомисии за евалуација на студиските програми;
- член на Совет на трет циклус студии – докторски студии за студиската програма Образование за наставници;
- член на Работна група на Центарот за кариера на Педагошкиот факултет „Св. Кломент Охридски“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Особена активност покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на повеќе стручни комисии и работни групи при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, меѓу кои:

- член на факултетска комисија: Комисија за реакредитација на студиската програма Библиотекарство;
- член на факултетска комисија: Комисија за реакредитација на студиската програма за 2. Циклус – Библиотекарство;
- претседател на Рецензентска комисија (при Министерството за култура).

Д-р Сузана Котовчевска биола в.д. раководител на Институтот за библиотекарство, во периодот декември 2019 – јули 2020.

**Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 1 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Д-р Сузана Котовчевска во секој семестар од секоја академска година откако се спроведува анонимното анкетирање на студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“, односно во академските 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, година, добива позитивна оценка за секој предмет одделно со просечна оценка (од последните објавени резултати):

- 9,60, за предметот Културна историја на Македонија;

- 9,83, за предметот Библиотекарство;
- 9,80, за предметот Јавни, училишни и високошколски библиотеки;
- 9,84, за предметот Класификација на библиотечниот фонд;
- 9,90, за предметот Каталогизација на библиотечниот фонд;
- 9,87, за предметот Историја на библиотекарството во Македонија;
- 9,83, за предметот Теорија и историја на библиографијата .

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Сузана Котовчевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Сузана Котовчевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во областите: историја на Македонија, општа историја на стариот век и библиотекарство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, д-р Сузана Котовчевска да биде избрана во звањето **редовен професор** во областите: историја на Македонија, општа историја на стариот век и библиотекарство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Виолета Ачкоска, с.р.**
**Проф. д-р Никола Жежов, с.р.**
**Проф. д-р Кристина Николовска, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Сузана Душан Котовчевска**
**Институција:** **Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје**
**Научна област:** **ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ИСТОРИЈА НА СТАРИОТ ВЕК, БИБЛИОТЕКАРСТВО**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,15<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 8,20<br>Просечниот успех изнесува ________за интегрираните студии. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: историја на Македонија, историја на стариот век, библиотекарство; поле: историја, библиотекарство и документација; подрачје: хуманистичко. | да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>**1.** Назив на научното списание: **KNOWLEDGE**<br>**2.** Назив на електронската база на списанија: **Ebsco**<br>3. Наслов на трудот: **The development of the culture, education and libraries in the middle eastern europe**<br>4. Година на објава: 2019<br><br>1. Назив на научното списание: **KNOWLEDGE**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **Ebsco** | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: **The role of the school librarian in the era of the exspansion of educational, informational and digital literacy**<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: **Социолошка ревија**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 7 члена од 6 земји: Македонија (2), Србија (1), Хрватска (1), Полска (1), Австрија (1), Бугарија (1)<br>3. Наслов на трудот: **Historikal genesis of the beginnings of the christianity – early christianity in Macedonia, with a special review of the 6th century**<br>4. Година на објава: 2016<br><br>1. Назив на научното списание: **Педагошка ревија**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 17 члена од 9 земји: Македонија (6), Србија (1), Хрватска (2), Италија (1), БиХ (1), Албанија (2), Турција (1), Бугарија (1), САД (2)<br>3. Наслов на трудот: **Македонската култура, просветителство и библиотекарство во „златниот период“ на XI, XII и XIII век**<br>4. Година на објава: 2017<br><br>1.Назив на научното списание: **International jurnal KNOWLEDGE**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 63 члена од 19 земји: Macedonija (11), Serbija (10), Austria(1), Slovenija (2), Montenegro (2), Croatia(2), Bosnija & Herzegovina(7), Bulgarija ( 11), SAD (2), Rusian Federation (2), Kosovo( 4), Albanija ( 2), Bahrain ( 1), Belarus ( 1), India ( 1), Ukraine (1 ), Philippines ( 1), Romanija (1), United Kingtom (1)<br>3. Наслов на трудот: **New educational forms for the librariens in the new digital era**<br>4. Година на објава: 2017<br><br>1.Назив на научното списание: **International for Education Teacher**<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):11 члена од 8 земји: Македонија (4), Србија (1), Словенија (1), Хрватска (1), Англија (1), Романија (1), Словачка (1), САД (1) | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3.Наслов на трудот: **Contemporary tendencies and challenges in creating the new profile of school librariens**<br>4.Година на објава: 2019 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Назив на научното списание: **Научни трудове**<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Бугарија<br>3. Наслов на трудот: **The rolf of libraries in the modern society**<br>4. Година на објава: 2021 | да |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: **12th International Balkan congres for Edukation and Skience Congress**<br>2. Назив на меѓународниот собир: 12th International Balkan congres for Edukation and Skience Congress<br>3. Имиња на земјите: Turkey, Macedonia, Croatia, Bulgaria,<br>4. Наслов на трудот: ***Functions of keeping (storing) information in the libraries in the era of the information word***,<br>5. Година на објава: 2017<br><br>1. Назив на зборникот: **14th International Balkan congres for Edukation and Skience Congress**<br>2. Назив на меѓународниот собир: 14th International Balkan congres for Edukation and Skience Congress<br>3. Имиња на земјите: Turkey, Macedonia, Croatia, Bulgaria,<br>4. Наслов на трудот: **Нивото на техничко-технолошката опременост во функција на дигитализација на училишните библиотеки на град Скопје.**<br>5. Година на објава: 2019 | да |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br><br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: **Библиотеките низ вековите**<br>2. Место и година на објава: Скопје 2018<br><br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: **Училишните библиотеки – светилник во современиот образовен процес**<br>2. Место и година на објава: Скопје 2020 | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: **Библиотекарство**<br>2. Место и година на објава: Скопје 2021 | |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 15.12. 2016, Билтен бр. 1136 | да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.
***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Виолета Ачкоска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Никола Жежов, член, с.р.**
**Проф. д-р Кристина Николовска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Сузана Душан Котовчевска**
**Институција:** **Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје**
**Научна област:** **ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ИСТОРИЈА НА СТАРИОТ ВЕК, БИБЛИОТЕКАРСТВО**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Настава на прв циклус студии: Историја на писмото и библиотеките 3+2 (3 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 9 |
| 2 | Настава на прв циклус студии: Библиотекарство, за Институтот по библиотекарство 3+2 (3 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 9 |
| 3 | Настава на прв циклус студии: Теорија и историја на библиографијата 3+2 (3 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 9 |
| 4 | Настава на прв циклус студии: Каталогизација на библиотечниот фонд 3+2 (3 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри ) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 9 |
| 5 | Настава на прв циклус студии: Културна историја на Македонија 3+2 (3 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 9 |
| 6 | Настава на прв циклус студии: Историја на библиотекарството во Македонија 3+2 (3 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 9 |
| 7 | Настава на прв циклус студии: Класификација на библиотечниот фонд 3+2 (3 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 9 |
| 8 | Настава на прв циклус студии: Јавни, училишни и високошколски библиотеки 3+2 (3 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 9 |
| 9 | Настава на прв циклус студии: Библиотечни фондови, формирање и организација 2+2 (2 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 6 |
| 10 | Настава на прв циклус студии: Библиотекарство, за Одделенска настава 2+1 (2 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 6 |
| 11 | Настава на втор циклус студии: Библиотекарството во XXI век (менторска настава 1 час седмично, 15 седмици, 2 семестар) | 0,75 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Настава на втор циклус студии: Библиотеките и издаваштвото (менторска настава 1 час седмично, 15 седмици, 2 семестари) | 0,75 |
| 13 | Вежби на прв циклус студии: Историја на писмото и библиотеките 3+2 (3 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 4,5 |
| 14 | Вежби на прв циклус студии: Библиотекарство, за Институтот по библиотекарство 3+2 (3 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 4,5 |
| 15 | Вежби на прв циклус студии: Теорија и историја на библиографијата 3+2 (3 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 4,5 |
| 16 | Вежби на прв циклус студии: Каталогизација на библиотечниот фонд 3+2 (3 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри ) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 4,5 |
| 17 | Вежби на прв циклус студии: Културна историја на Македонија 3+2 (3 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 4,5 |
| 18 | Вежби на прв циклус студии: Класификација на библиотечниот фонд 3+2 (3 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 4,5 |
| 19 | Вежби на прв циклус студии: Јавни, училишни и високошколски библиотеки 3+2 (3 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 4,5 |
| 20 | Вежби прв циклус студии: Библиотечни фондови, формирање и организација 2+2 (2 часа седмично, 15 седмици, 5 семестри) 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020,2020/2021 | 4,5 |
| 16. | Член на факултетска комисија за редовен годишен физички попис на основните средства и ситниот инвентар и потрошниот материјал, како и книжниот фонд за 2018, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, бр. 02-837/4 од 21.11.2018 | 0,5 |
| 17. | Учество во научно-стручна работилница „Јазичното и книжевното во литературата за деца“ на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, 2018 | 0,5 |
| 18. | Член на поткомисија за реализација на Конкурсот за упис на нови студенти во прва година во учебната 2019/2020 година на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски” – Скопје, 2019 | 0,5 |
| 19. | Беседа на патрониот празник на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски-Скопје“, 2019 | 0,5 |
| 20. | Рецензент на два апстракта на 14. Меѓународен конгрес, Охрид, 2019 | 1 |
| 21. | Промотор на книга Детскиот тематски свет на Ацо Караманов од М. Спасевски, Феникс, 2018, Радовиш, 26.12.2018 | 0,5 |
| 22. | Член на научен одбор на 14th International Balkan Education and Science Congress, 5-7 September 2019, Ohrid, Faculty of Pedagogy “S. Kliment Ohridski” – Skopje, 2019 | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 23. | Член на факултетска комисија: Комисија за одбележување на патрониот празник на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, 2019 | 0,5 |
| 24. | Член на факултетска комисија за реакредитација н студиската програма Библиотекарство на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” – Скопје бр. 02-61/10 од 30.1.2019 | 0,5 |
| 25. | Член на факултетска комисија: Комисија за најдобар есеј на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” – Скопје, 2019 | 0,5 |
| 26. | Член на факултетска работна група за афирмација и промовирање на студиската програма за Библиотекарство бр. 02-195/2 од 4.3.2019 | 0,5 |
| 27. | Рецензент на научноистражувачки проект „Влијанието на образовниот профил на библиотечниот кадар врз ефикасното функционирање на училишните библиотеки“ на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, бр. 02-195/6 од 4.3.2019 | 0,3 |
| 28. | Учество на светски ден на поезијата, Културен центар „Феникс“, Скопје, 21.3.2019 | 0,5 |
| 29. | Член на Друштвото на писателите на Република Северна Македонија, од 8.4.2019 | 0,5 |
| 30. | Учество на меѓународен саем на книгата „Биди дете“, тема: „Литературата за деца овде и сега“, Саем на книга, Скопје, 8.5.2019 | 0,5 |
| 31. | Предавач на тема: Библиотеката – темел на писменоста, на манифестацијата „Средби под јаворите“, Струмица, 6.6.2019 | 0,5 |
| 32. | Заменик-член на изборна комисија на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 2020/2023 бр. 02-345/2 од 16.6.2020 | 0,5 |
| 33. | Член на поткомисија за реализација на Конкурсот за упис на нови студенти во прва година во учебната 2020/2021 година на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2021 (контрола на податоци во IKNOW-системот) бр. 02-368/3 од 19.8.2020 | 0,5 |
| 34. | Член на факултетска комисија: Комисија за одбележување на патрониот празник на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2020 | 0,5 |
| 35. | Рецензент на научноистражувачки проект „Читање во дигитално опкружување“, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, бр. 02-216/3 од 29.3.2021 | 0,3 |
| 36. | Член на факултетска комисија за реализација на студентски поетски фестивал „На крилата на зборот“, како дел од националната програма за одбележување на „Годината на Конески“ бр. 09-180/10 од 9.3.2021 | 0,5 |
| | **Вкупно** | **33,6** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 95,2 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 126,3 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 33,6 |
| **Вкупно** | 255,1 |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Добрила Миловска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Кита Бицевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Милан Бошкоски, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРАВОТО ВО МАКЕДОНИЈА ОД VII ВЕК ДО 1371 Г., СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДЕЊЕ НА ЛУЃЕТО” ОД М-Р ЛИРИДОН ЗЕНКУ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 3.9.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов: „Правото во Македонија од VII век до 1371 г., со посебен осврт на Законот за судење на луѓето“ од кандидатот м-р Лиридон Зенку, во состав: проф. д-р Гоце Наумовски, проф. д-р Билјана Поповска (ментор), проф. д-р Мелина Гризо (член), проф. д-р Иванка Василевска (член) и проф. д-р Сами Мехмети (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација, и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј
## АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Лиридон Зенку, со наслов „Правото во Македонија од VII век до 1371 г., со посебен осврт на Законот за судење на луѓето“, содржи 261 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, како и 221 библиографска единица (од научни трудови, статии и книги).

Докторската дисертација се состои од четири глави, а на крајот како додаток е наведена литература користена при изработка на докторската дисертација. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува прегледно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

**Првата глава**, со наслов **Словенско обичајно право**, е воведна глава и во неа најпрво е даден краток историски преглед на развојот на обичаите и обичајното право, даден е поимот за обичаите и обичајните права и навики кај македонските Словени, кои се неопходни во понатамошниот дел од докторската дисертација.

Во продолжение се издвоени некои од основните дела содржани во првата глава од докторската дисертација, а кои се неопходни за овој Извештај: Општо земено, обичајот може да се дефинира како долготрајно и стабилно човеково однесување во дадените околности. Со текот на времето, обичајот се повторува и станува задолжителен. Некои навики, од време на време, од генерација на генерација, се менуваат и исчезнуваат.

Гледано како целина, може да се каже дека тие биле формирани слично на народни песни. Народните старешини, особено постарите, беа вистински депоненти, чувари на законски обичаи. Обичајното право не е статично, тоа е жива материја и во постојан развој, способна да се приспособи на новите околности. Без значителни промени, обичајното право понекогаш оди во пишан закон, и обратно. Таков бил случајот со член 145 на Душанскиот законик, кој наметнал колективна кривична одговорност во селото и предвидувал казна за селските старешини ако во него имало разбојници и крадци, како и со Земјоделскиот закон (Nomos Georgikos), кој е византиски закон што ги решава проблемите по судски пат што можат да настанат во едно село. Се смета дека во голема мера овој Закон го одразил словенското обичајно право и затоа многу често се вика и „Словенски закон“.

Во **втората глава** со наслов **Законот за судење на луѓето,** даден е преглед на појавувањето на Законот за судење на луѓето, а исто така е даден и историскиот развој на теориите за потеклото на овој Закон.

Дадени и истражувани се сите теории, одредби и претходно докажани истражувања кои на кандидатот му се потребни за докажување на научните резултати. Во продолжение се дел од тие резултати:

Прв словенски пишан закон од христијанската ера бил Законот за судење на луѓето. Не постои спор околу фактот дека овој правен документ е моделиран и претставува преработка на одделни членови од XVII глава од византиската Еклога, но со исклучок на глава I, II и глава VII-а кои немат обрасци од Еклогата, но допирни точки на овие членови може да се најдат со некои членови од постари законодавни акти. Законот за судење на луѓето содржи претежно казнено право, но постојат и одредби од приватното и процесното право.

Во врска со неговото настанување постојат во историографијата повеќе различни мислења. Така, едно од најраспространетите е: а) теоријата за моравско-панонското потекло на ЗСЛ, според која ЗСЛ е превод на делови на Еклогата составен во периодот кога Кирил и Методиј биле во својата мисија кај моравските Словени; б) друго сфаќање е она според кое што ЗСЛ има бугарско потекло, односно дека ЗСЛ како словенски превод на дел од визатиската Еклога настанал во бугарската држава, во IX век, односно за време па постоењето на Првото бугарско царство; в) Теорија за македонското потекло на ЗСЛ, чијшто автор е нашиот историчар од руско потекло, Троицки, поаѓа од ставот дека ЗСЛ како словенски превод на делови на Еклогата, на Декретите на византискиот император Константин V против незнабошците, Библијата и каноните на Василие Велики, бил составен од Методиј во времето на 30-тите години на IX век кога тој бил византиски архонт во архонтијата Стримон, во областите на денешна Струмица. Тогаш бил напишан на словенски јазик со грчко писмо, за по составувањето на словенската азбука истиот текст, во Моравија, да биде напишан со новата азбука. Ова сфаќање уште се нарекува Теорија за македонското потекло на ЗСЛ.

Целта и зошто е донесен Законот за судење на луѓето е да се зацврсти христијанството, односно ширењето на христијанството како нова прифатена религија.

Крвната освета бил првиот облик на казнена санкција не само на Словените, туку, воопшто, и во родовското општество, на другите народи на истиот степен на развојот на општесвените односи, меѓутоа ЗСЛ во глава XVII прави разлика и различно ја пропишуваа казната во зависност од тоа дали делото е сторено со умисла или од небрежност, при тоа предвидувајќи различни степени на небрежност. Така, ако со умисла некој предизвика пожар во град, се казнува со запалување, но ако пожарот дојде случајно или поради виша сила, без волја на сторителот, лицето не се казнува.

Во целиот ЗСЛ има само една и единсвена смртна казна и тоа за оној што ќе запали туѓа куќа со намера (кривични дела против имотот), но има уште една маскирана форма на смртна казна и тоа за повреда на правото на азил во црква. Кривичните дела според ЗСЛ се делат на: кривични дела против сопственоста, кривични дела против половиот морал, кривични дела против физичкиот интегритет на личноста и кривични дела против бракот и семејството.

**Третата глава** носи наслов **Законодавството на македонската династија во Византија.** Во продолжение се издвоени некои од основните дела содржани во оваа глава од докторската дисертација, а кои се неопходни за овој Извештај:

Владеењето на македонската династија започнало со доаѓањето на византинскиот престол на Василие I во 867 година, и за време на неговиот син и наследник Лав VI. Императорите од македонската династија се обиделе да ја воспостават таа кохезија

преку значајни законодавни мерки: тие ја обновиле, адаптирајќи ја на новите услови на општествениот живот, старата јустинијанова легислатива. Василиј I ја презел првата од оваа голема и одлична работа, собирајќи ги во Прохиронот („прирачник законик“, 879 год.) најважните извадоци од Corpus juris civilis. Исто така издал уште една книга под името Епанагога, прирачник за обичајно право. Неговиот син Лав VI ја завршил почнатата работа со уредување и издавање на Василиките „Царски закони“, целосен законски зборник во шеесет книги (887 - 893 год.), извадоци од законите објавени за времето на владеењето на Јустинијан, и Новелите на Лав VI. Василиките биле составени на почетокот на владеењето на царот Лав VI (886–912), додека тие биле завршени околу 890 година. Василиките биле создадени во 60 книги и 6 тома и претставувале најголема збирка во средниот век. Тие биле напишани на грчки јазик. По донесувањето на Василиките, византиските императори веќе не преземале обемни кодификаторски потфати, туку постојното законодавство го менувале или го дополнувале со своите законодавни акти наречени новели. Во овој контекст, значајна била Збирката на Новелите на Лав VI, која содржела 113 одредби кои се однесувале на различни прашања.

Македонската династија, повеќе од која било друга во византиската историја, се обидела да ги обнови законите и особено да спроведе правна реформа како средство за легитимност.

**Четвртата глава** носи наслов **Душановиот законик.** Во продолжение се издвоени некои од основните дела содржани во оваа глава од докторската дисертација, а кои се неопходни за овој Извештај: Во Македонија, покрај обичајното право, како извори на правото се применувале и сите оние закони, односно законици, кои се применувале во државите под чијашто власт се наоѓала Македонија, и на чијашто примена владејачките држави инсистирале сакајќи да ја вклучат Македонија поцврсто во својот државно-правен систем. Кон крајот на XIII век, интересот на Српската феудална држава се насочила кон југоисток, односно кон територијата на Македонија. Фактички со целата територија на феудална Србија управувал Душан и во неа важеле византиското законодавство и правото на српската феудална држава во кое најзначаен извор бил Душановиот законик. На 21 мај 1349 година завршен бил и прогласен во Скопје „Законикот на благоверниот цар Стефан“, познат како Душанов законик. Многу одредби од овој Законик спаѓаат во административното право, односно управното право, и говорат за државната управа. Важно е да се напомене дека Душановиот законик претставува кодификација на обичајното право и на византиското право, кое се засновало на античкото римско право. Душановиот Законик бил дополнет со 66 нови члена, а после тоа брои вкупно 201 член.

Додатокот на крајот од дисертацијата е списокот на користена литература.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА
### Предмет на истражување

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација, „Правото во Македонија од VII век до 1371 г., со посебен осврт на Законот за судење на луѓето“, е правото во средновековна Македонија, што досега во нашата земја не се истражувало толку колку што треба и има место за понатамошно истражување. Истражувани се сите правни дела на средновековна Македонија. Главните збирки и закони во средновековна Македонија се:

- Обичајното право (непишано право),
- Законот за судење на луѓето,
- Прохиронот,
- Епанагогата,
- Василиките или Царските закони,
- Новелите на Лав VI,
- Душановиот законик.

### Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Темата која се обработува во оваа докторска дисертација и предметот на истражување од ваков вид досега не биле предмет на опсежно проучување во Република Македонија. Станува збор за проблематика која досега речиси не е истражувана толку колку што треба.

Прашањата поврзани со правни дела во овој период имаат големо значење за нашата правна историја, и од нив произлегуваат значајни резултати, кои во оваа дисертација се јасно изработени и истражувани.

### Краток опис на применетите методи

Во истражувањата презентирани во докторската дисертација се користени стандардни методи.

Анализите на правните дела за оваа проблематика се направени со примена на аналитичко-синтетичкиот метод. Потоа, добиените податоци од истражувањето кандидатот ги подлегнува на индуктивен и дедуктивен метод на толкување.

Со овој комплекс на избрана методологија, кандидатот врши преглед и синтеза на постојните знаења, самостојно ги истражува и ги испитува актуелните состојби и проблеми во областа на истражувањето, обезбедува научни сознанија за причинско-последичните врски и мошне успешно предлага решенија на научните проблеми поставени како тези во оваа докторска дисертација.

### Краток опис на резутатите од истражувањето

Целта на ова докторско истражување е да обезбеди сеопфатен преглед на правото во средновековна Македонија, во областа на сите гранки на правото, и тоа од: граѓанско право (семејно, наследно, сопственост), кривично право, облигационо право итн.

Во првата глава од докторската дисертација, добиени и докажани се следниве резултати: Историјата на правото, докажува дека обичаите како општествени правила се формирани пред појавата на државата и правата во модерната смисла на зборот. Општо земено, обичајот може да се дефинира како долготрајно и стабилно човеково однесување во дадените околности. Тоа произлезе од социо-економските и духовните

потреби на општеството. Со текот на времето, обичајот се повторува и станува задолжителен. Некои обичаи, од време на време, од генерација на генерација, се менуваат и исчезнуваат. Обичајот постои во пракса како колективна свест. Преносот на обичаите, односно обичајното право, може да биде во различни форми, како што се: правила, изјави, поговорки, реченици итн.

Важно е да се напомене Земјоделскиот закон е византински закон, кој ги решава проблемите по судски пат што можат да настанат во едно село. Повеќето истражувачи сметаат дека Законот важел локално, а бил изготвен за некој одреден регион. Законот во неговите 85 члена, меѓу другото, спомнува лозја и овоштарници со смокви, но не се наведени маслинови дрва. Ова ги исклучува пределите на Далмација и поголемиот дел од Грција, каде што маслинките биле главна земјоделска култура, како територии на кои би се применувал Законот. Но затоа во Македонија и во внатрешноста на Тракија имало смокви, но немало маслинки. Речиси целиот Закон е посветен на односите во селото. Овој Закон е напишан врз основа на словенското обичајно право, со цел да им даде своевидно упатство на судските чиновници што ги решавале селските случаи и на тој начин да се запознаат со локалните обичаи што не им биле познати. Се смета дека во голема мера овој Закон го одразил словенското обичајно право и затоа многу често се вика и „Словенски закон“.

Сите правни дела се регулирани со законски обичаи до XII век, но има и одделни гранки на правото кои се регулирале со обичајното право дури до XIX век.

Во втората глава од докторската дисертација, при истражување на Законот за судење на луѓето, добиени и докажани се следниве резултати:

Законот за судење на луѓето е еден од најстарите и најпознатите историски извори на словенското право, кој е напишан околу IX век, од Методиј, на словенски јазик со грчко писмо. Во Законот за судење на луѓето се опфатени: кривични дела против имотот, кривични дела против моралот, кривични дела против физичкиот интегритет на личноста, кривични дела против бракот и семејството (овде спаѓа и кривичното дело пропишано во глава 15, односно бигамијата која го забранува двоженството. Нема сомнение дека овие правила не важеле за сите, и тоа: бигамијата и полигамијата, кои најверојатно биле дозволени кај владетелите на Словените, како симбол на нивната моќ, а во некои случаи и како нивна привилегија). Овој зборник содржи, освен казнено право, и одредби од приватното и процесното право.

Така, пред сè, во Глава 2 е содржан еден многу значаен процеснoправен принцип со кој се забранува управникот на областа и судијата да примаат обвиненија „без многу сведоци“, односно да го разгледуваат предметот „без многу сведоци“, како и обврската на тужителите и доушниците своите тврдења да ги докажуваат *со сведоци под клетва.* Овде се прави, впрочем, чекор напред во утврдувањето на материјалната вистина при разгледувањето на судските дела и многу веројатно се сака да се надмине самопризнанието како највисоко доказно средство во средновековното право воопшто и начините на неговото изнудување.

Дел од одредбите на ЗСЛ се однесуваат на регулирањето на материјата на *приватното право,* при што како и во погорните случаи регулирањето е казуистично и се регулираат само одделни прашања од оваа правна област. Така, тука се регулирани следните прашања: прашањето за ослободувањето на роб засегнато од Глава 21; прашањето за одговорност во случај на наем на коњ засегнато во Глава 24; прашањето за одговорноста на сопственикот на робот што краде, засегнато во Глава 27; прашањето за одговорноста на оној кој што примамува или крие туѓ роб, засегнато во Глава 32; прашањата од областа на брачното и семејното право, уредени во Глава 33.

Како што е спомнато и погоре дека во целиот Закон за судење на луѓето има само една и единсвена смртна казна и тоа за оној што ќе запали туѓа куќа со намера (кривични

дела против имотот), но има уште една маскирана форма на смртна казна, и тоа за повреда на правото на азил во црква. Во ЗСЛ имало повеќе казни, кои покрај световните казни (смртната казна која што се состои во запалување на сторителот или негово сосечување со меч; казни на телесно сакатење кои што се состојат главно во отсечување на носот; казната тепање; казната иселување; паричната казна или глобата во натура; казната продажба на обвинетиот, на него лично, или заедно со сиот свој имот; казната разделување на сопрузите; и казната губење на статусот на слободен човек, односно префрлање во ропство) кои биле преведени и превземени од Еклогата. Се предвидуваат и црковни казни (долгите постови и јавното покајување) кои биле додадени за да ја зацврстат новата прифатена религија кај македонските словени и кај другите околни народи, каде што доминирало христијанството.

ЗСЛ претставува казуистичен правен текст кој регулира определени конкретни случаи од определени правни области без намера за целосно решавање на правните проблеми од односните области на еден систематски начин, или со други зборови „... тоа е дело на едно уште првобитно сознание, кое се движи сè уште истражувајќи, од конкретен кон конкретен случај и кое низ уредувањето на одделни конкретни случаи се бара себеси”.

Оригиналниот ракопис на овој документ не е зачуван. За најстари и најблиски извори, кои се зачувани, текстот на Законот за судење на луѓето од триесет и два (32) члена се смета преписот од Новгородската крмчија од 1280 или 1282 година, односно најстариот датиран ракопис, и Устјушкото крштевање од XIII век.

Иако Законот за судење на луѓето е предмет на истражување од средината на деветнаесеттиот век до денес, многу хипотези останаа без конечни одговори. Повеќето правни историчари тврдеа дека потекнува од Бугарија, некои, пак, историчари тврдат дека ЗСЛ би можел да биде составен само во Моравија, а според Троицки, местото на создавање на ЗСЛ би можело да биде обласа Стримон (Струмица) во Македонија, во времето кога Методиј, според некои претпоставки, бил таму воен заповедник. Според неа, првично ЗСЛ бил напишан на словенски со грчки букви, а подоцна преведен на глаголица и кирилица. Исто така, и кандидатот ја поддржува теоријата на Троицки, дека ЗСЛ има македонско потекло, и без сомнение тоа е создадено од Методиј, за да му служи на неговиот народ.

Во третата глава од докторската дисертација, добиени и докажани се следниве резултати: Законодавството на Македонската династија започнало со Василие I во 867 година со доаѓањето на византискиот престол, и за време на неговиот син Лав VI Мудриот. Владеењето на Македонската династија донесе расцут на законодавството во Византија. Тие ја обновија, адаптирајќи ја на новите услови на општествениот живот, старата Јустинијанова легислатива-законодавство. Така ова обновување на законите го почна Василие I, кој многу внимание му дал на обновувањето на античките закони. Така тој го почна ова освежување на закони со создавање на законик во 879 год. наречен Прохирон. По неколку години создаде и второ издание, наречено Епанагога во 886 година. Прохиронот севкупно содржи 40 титули од обласа на приватното и јавното право, кои многу ја олесниле работата, во споредба со Јустинијановото право кое имаше еден куп закони. Прохирон беше попрактичен, и беше појасен за повеќето корисници на овој прирачник. Тој бил донесен во периодот меѓу 870 и 879 година и бил замислен како правна збирка којашто требала да ја замени Еклогата во работењето на судовите. Целта за донесувањето на Прохиронот беше кодификација на Јустинијановото право, односно обновувањето на правото и враќањето на моќта на некогашното Јустинијаново право.

Епанагогата беше составена нешто подоцна од Прохиронот, очигледно во 884 - 886 година. Како Прохиронот, така и Епанагогата го осудува законодавството на иконоборците, но за разлика од Прохиронот. Тој содржи значајни отстапки од Еклогата

кои особено се гледаат во XIX титула. Во исто време, Епанагогата вклучува голем број нови наслови што се однесуваат на различни аспекти на византиското право.

Исто така, големо влијание на освежувањето на античките закони има и Лав VI, кој по самото доаѓање на престолот, го продолжил тоа што го почнал неговиот татко. Така тој ги создал Василиките (Царските закони) и збирката наречена Новелите на Лав VI. Василиките биле создадени во 60 книги и 6 томови кои претставувале најголема збирка во Средниот век. Напишани биле на грчки јазик, (службен јазик во Византија). Тие содржат одредби од граѓанското, од црковното и од јавното право. По донесувањето на Василиките, византиските императори веќе не преземале обемни кодификаторски потфати, туку постојното законодаство го менувале или го дополнувале со своите законодавни акти наречени новели. Во овој контекст, значајна била Збирката на Новели на Лав VI, која содржела 113 одредби, кои се однесувале на различни прашања. Значајно е да се напомене дека со своите новели, Лав VI ја зацврстил централната власт и формално ги укинал законодавните права на Сенатот. Новелите на Лав VI имаа главна цел да ги усогласат канонските закони со византиското право и да се изменат застарените правила-закони, како и да се легитимира канонскиот закон.

Како што е спомнато и претходно во периодот на класичниот феудализам, во Македонија, покрај обичајното право, како извори на правото се применувале и законите на државите под чијашто власт се наоѓала Македонија. Така, во периодот кога Македонија била под српска власт се применувале сите оние закони кои важеле на територијата на феудална Србија. Таков бил и случајот со Душановиот законик.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот **м-р Лиридон Зенку**, со наслов „Правото во Македонија од VII век до 1371 г., со посебен осврт на Законот за судење на луѓето”, претставува самостојно и корисно истражување на релевантна проблематика и научен придонес во македонската наука.

Изработката на темата на оваа докторска дисертација ги постигна целите и очекуваниот научен придонес во нејзината пријава.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Лиридон Зенку, со наслов „Правото во Македонија од VII век до 1371 г., со посебен осврт на Законот за судење на луѓето”, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

Во подготовката на дисертацијата, кандидатот користел богата и соодветна домашна и странска литература и други извори, кои се соодветно цитирани и претставуваат основа на неговите аргументирани ставови.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација со наслов „Правото во Македонија од VII век до 1371 г., со посебен осврт на Законот за судење на луѓето” од кандидатот м-р Лиридон Зенку, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува условите и стандардите за подготовка на докторска дисертација. Трудот, несомнено, претставува придонес во домашната литература и ќе претставува солидна основа за натамошни истражувања во оваа област.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација со наслов „Правото во Македонија од VII век до 1371 г., со посебен осврт на Законот за судење на луѓето” од кандидатот м-р Лиридон Зенку.

### КОМИСИЈА

**Д-р Гоце Наумовски, ред. проф.,**
**Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, с.р.**
**Д-р Билјана Поповска (ментор), ред. проф.,**
**Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, с.р.**
**Д-р Мелина Гризо (член), ред. проф.,**
**Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, с.р.**
**Д-р Иванка Василевска (член), вонр. проф.,**
**Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, с.р.**
**Д-р Сами Мехмети (член), вонр. проф.,**
**УЈИЕ, Тетово, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**На тема за изработка на магистерски труд прифатен од Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје на седницата одржана на 17.09.2021 година**

| Кандидат | Тема | Ментор | Одлука од Научен совет |
|---|---|---|---|
| Д-р Андриана Андреева Остојиќ | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** “Влијанието на пандемијата и COVID -19 врз анксиозноста и загриженоста на тинејџерите за нивната посета на ортодонт и потребата од ортодонтски третман” .<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** “The inpact of the pandemic and COVID-19 on teenagers anxiety and concern about their visit to the orthodontist and their need for orthodontic treatment” | Проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова | Бр. 02-2108/1 Од 17.09.2021 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО „ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ОПШТА И НЕОРГАНСКА ХЕМИЈА (ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ)”, ПРВО ИЗДАНИЕ, ОД АВТОРКАТА Д-Р БИЛЈАНА АНЃУШЕВА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет, донесена на седницата одржана на 15.9.2021 год., бр. 02-1084/1, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на ракописот „Збирка задачи по општа и неорганска хемија (за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет)” од авторката д-р Билјана Анѓушева, вонр. проф., наменет за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет, за предметите Општа и неорганска хемија 1 и Општа и неорганска хемија 2, избрани се: д-р Васа Бошевска, редовен професор во пензија и д-р Билјана Марина, редовен професор во пензија. По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ**

| | |
|---|---|
| **Назив на учебникот, односно учебното помагало** | Збирка задачи по општа и неорганска хемија (за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет) |
| **Име и презиме на авторот (авторите)** | Билјана Анѓушева |
| **Назив на предметната програма за која се однесува** | Општа и неорганска хемија 1 и Општа и неорганска хемија 2 |
| **Назив на студиската програма** | Сите студиски програми на ТМФ |
| **Фонд на часови настава и вежби и ЕКТС-кредити за предметната програма во семестарот** | Општа и неорганска хемија 1 (3+3), 8 кредити<br>Општа и неорганска хемија 2 (3+3), 8 кредити |
| **Број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложениот учебник** | 90 |
| **Дали се работи за прво издание или не** | Прво издание |
| **Предлог за начинот на издавање на секој поединечен наслов (печатена или електронска форма). За издавање во електронска форма, потребна е согласност од авторот.** | Печатена форма |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 234 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 15 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 4 слики и 10 табели. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

**Д-р Васа Бошевска (ред. проф. во пензија), с.р.**
**Д-р Билјана Марина (ред. проф. во пензија), с.р.**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ВАСА БОШЕВСКА**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Ракописот „Збирка задачи по општа и неорганска хемија (за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет)“ од авторката проф. д-р Билјана Анѓушева е работен според предметната програма на предметите Општа и неорганска хемија 1 и општа и неорганска хемија 2 на студиските програми:<br>Дизајн и инженеринг на облека; Металургија, дизајн и менаџмент; Неорганско инженерство и заштита на животна средина; Полимерни материјали; Прехранбена технологија и биотехнологија; Дизајн и менаџмент на технолошки процеси и Инженерство на материјали и нанотехнологии на првиот циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Предметите Општа и неорганска хемија 1 и Општа и неорганска хемија 2 се предвидени со 3+3 часа неделно со 8 кредити. Ова е прво издание на овој ракопис. Ракописот се состои од 234 страници поделени во 15 глави, на почетокот се наоѓа содржината, а на крајот од ракописот има литература. Во првата глава „Основни мерни единици“, даден е осврт на фундаменталните и изведените единици кои најчесто се применуваат во хемијата. Втората глава ги обработува поимите за релатина атомска и молекулска маса и количество супстанција. Во третата глава се решени примери, како и контролни задачи за одредување на емпириска и вистинска хемиска формула на соединенијата. Четвртата глава опфаќа објаснување за хемиските промени и хемиските реакции и содржи примери за решавање на задачи по хемиска равенка. Во петтата глава се објаснети принципите на гасните закони, вклучувајќи ја равенката за состојба на идеален гас како и Далтоновиот закон. Принципот на изедначување на оксидо-редукциските реакции, како и задачи од оваа тема се опфатени во глава шест. Глава седум се однесува на енергетските промени во тек на хемиските реакциии. Осмата глава опфаќа решени задачи од испит или колоквиум од изминатите испитни сесии од претходните години. Деветтата глава се однесува на растворите, растворливоста на супстанциите и подготовката на раствори со одредена концентрација изразена преку количествената концентрација, масена концентрација, масен удел, молалитет и др. Исто така се опфатени задачи од мешање на раствори со различна концентрација и нивно разредување или концентрирање. Краток теоретски осврт во однос на колигативните својства на раствори со решени примери и контролни задачи се објаснети во десеттата глава. Во единаесеттата глава е опфатена кинетиката на хемиската реакција, како и факторите кои влијаат на брзината на реакцијата. Исто така, во оваа глава се опфатени и задачи од хемиска рамнотежа и константа на хемиска рамнотежа во хомоген и хетероген систем. Електролитна дисоцијација, јонски производ на вода, пуфери и реакции во раствори на електролити се објаснети во дванаесеттата глава. Исто така, во оваа глава се опфатени задачи од хидролиза на соли, степен на хидролиза, како и константа на хидролиза на |

| | |
|---|---|
| | различни типови соли. Решени примери и контролни задачи за производ на растворливост се опфатени во Глава тринаесет. Четиринаесеттата глава опфаќа решени задачи од колоквиуми и испити од испитни сесии во изминатиот период. Петнаесеттото поглавје се однесува на користената литература. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Усогласеноста на содржината на учебното помагало со предметнате програми за кои тоа е наменато е целосна. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Ракописот „Збирка задачи по општа и неорганска хемија (за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет)“ е напишан на стручен, едноставен и разбирлив начин. Ракописот е читлив и прикладен како за студентите, така и за останатите читатели кои ќе го користат во својата професионална работа. Затоа, ценам дека ги задоволува потребните услови за универзитетско учебно помагало. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Ценам дека учебното помагало треба да се издаде и да послужи како материјал за наведенате предметни програми. |
| **Предлози за потребни корекции** | Коментари и корекции ѝ се дадени на авторката. |

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Д-р Васа Бошевска (ред. проф. во пензија), с.р.**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА МАРИНА**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Добиениот ракопис „Збирка задачи по општа и неорганска хемија (за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет)“ од авторката проф. д-р Билјана Анѓушева е работен според предметната програма на предметите Општа и неорганска хемија 1 и Општа и неорганска хемија 2 на студиските програми: Инженерство на материјали и нанотехнологии; Неорганско инженерство и заштита на животна средина; Полимерни материјали; Дизајн и инженеринг на облека; Металургија, дизајн и менаџмент;; Прехранбена технологија и биотехнологија и Дизајн и менаџмент на технолошки процеси на првиот циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Фондот на часови на предметите Општа и неорганска хемија 1 и Општа и неорганска хемија 2 е 3+3 часа неделно, а бројот на кредити изнесува 8. Ракописот претставува прво издание и се состои од 234 страници, поделени во 14 глави, и литература. Во сите поглавја се опфатени решени задачи, како и контролни задачи со даден точен одговор. Примери поврзани со фундаменталните и изведените единици кои најчесто се применуваат во хемијата се опфатени во првото поглавје. Задачи од релатина атомска и молекулска маса и количество супстанција се опфатени во втората глава. Третата глава вклучува решени и нерешени примери за одредување на емпириска и вистинска хемиска формула на соединенијата. Хемиските промени и задачи кои опфаќаат пресметки по хемиските реакции се прикажани во глава четири. Во петтата глава е направен краток теоретски осврт на гасните закони, а вклучува и решени и нерешени примери за нивна примена во стехеометриските пресметки. Посебен осврт е направен со теоретско објаснување и со решавање на практични примери од оксидо-редукциските реакции во шестата глава. Глава седум се однесува на термохемиските реакции, како и изучување и пресметување на енергетските промени кои настануваат во тек на хемиските реакции. Решени задачи од испит или колоквиум од изминати испитни сесии се дадени во осмата глава. Краток теоретски осврт од областа на растворите, нивна подготовка и пресметка на различни променливи е направена во деветтата глава. Во оваа глава се присутни решени примери и контролни задачи од мешање на раствори со различна концентрација и разредување или концентрирање на истите. Стехеометриски примери за физичките својства на растворите како релативно намалување на парниот притисок, покачување на точката на вриење и намалување на точката на мрзнење на растворите во однос на чистиот растворувач, осмотски притисок се објаснети во глава десет. Теоретски осврт на брзината на хемиската реакција, како и факторите од кои таа зависи е даден во единаесеттата глава. Во единаесеттата глава, исто така, се опфатени и задачи од хемиска рамнотежа и нејзино поместување. Реакции во раствори на електролити се објаснети во дванаесеттата глава, а во неа се опфатени задачи од електролитна дисоцијација, јонски производ на вода, пуфери, хидролиза на соли, степен на |

| | |
|---|---|
| | хидролиза, како и константа на хидролиза на различни типови соли. Тринаесеттата глава опфаќа теоретски дел и решени примери и контролни задачи за рамнотежа на слабо растворливи супстанции и нивни заситени раствори. Четиринаесеттата глава опфаќа решени примери од колоквиуми и испити од изминати испитни сесии. Последното поглавје во ракописот е користената литература, каде што се приложени десет наслови. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Содржината на учебното помагало е во целосна согласност со предметната програма на предметите Општа и неорганска хемија 1 и Општа и неорганска хемија 2 кои се изучуваат како задолжителни предмети на додипломските студии на сите студиски програми на Технолошко-металуршкиот факултет. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Учебното помагало дава целосен придонес кон совладувањето и проширувањето на знаењата од областа на стехеометриските пресметки по општа и неорганска хемија. Информациите и знаењата стекнати од учебното помагало се основа за сите понатамошни стехеометриски пресметки од областа на хемијата. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Од деталниот преглед на ракописот, може да се заклучи дека е направен правилен избор на структурата и содржината на учебното помагало. Материјалот технички е подготвен на завидно ниво, јазикот е јасен за целната група, со што учебното помагало со приложената содржина е потребно и сосема е оправдано неговото објавување. |
| **Предлози за потребни корекции** | Коментари и корекции ѝ се дадени на авторката. |

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Д-р Билјана Марина (ред. проф. во пензија), с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По прегледувањето на трудот, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, да донесе одлука за издавање на ракописот на учебното помагало „Збирка задачи по општа и неорганска хемија (за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет)”, во печатена форма, од авторката д-р Билјана Анѓушева, вонр. проф.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
**Д-р Васа Бошевска (ред. проф. во пензија), с.р.**
**Д-р Билјана Марина (ред. проф. во пензија), с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО РЕЛЕЈНА ЗАШТИТА“ ОД АВТОРИТЕ АНТОН ЧАУШЕВСКИ И СОФИЈА НИКОЛОВА-ПОЦЕВА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, од 16.VI 2021 год., бр. 02-878/28, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало „Збирка решени задачи по релејна заштита“ од авторите: проф. д-р Антон Чаушевски и вонр. проф. д-р Софија Николова-Поцева, наменето за студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии, за предметот Релејна заштита (на прв циклус), избрани се: д-р Атанас Илиев, редовен професор и д-р Мирко Тодоровски, редовен професор.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**ОПШТ ДЕЛ**

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Збирка решени задачи по релејна заштита |
| **Назив на предметната програма:** | Релејна заштита (прв цилкус на студии) |
| **Назив на студиската програма:** | Електроенергетика, управување и менаџмент |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **2+2+1 (6 ЕКТС)** |
| Предметот Релејна заштита на Факултетот за електротехника и информациски технологии е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2+1, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во VI семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 172 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 12 поглавја (вклучувајќи ја и литературата) и содржи 130 слики и 18 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Атанас Илиев, с.р.**
**Проф. д-р Мирко Тодоровски, с.р.**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р АТАНАС ИЛИЕВ**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Збирката решени задачи по Релејна заштита се состои од 12 поглавја. Во првото поглавје се обработени 17 задачи, поврзани со добивање на мерни величини за потребите на релејната заштита. Обработени се шеми со 2 и со 3 струјни мерни трансформатори, како и начините за добивање на симетричните компоненти на струите и напоните. Во второто поглавје се обработени 4 задачи, во кои се објаснува пресликувањето на струјата на куса врска низ енергетскиот трансформатор во зависност од преносниот однос и групата на соединување на трансформаторот. Во третото поглавје се обработени 14 задачи, посветени на делувањето и подесувањето на независната и зависната прекуструјна заштита во електроенергетскиот систем. Во четвртото поглавје се обработени 2 задачи, поврзани со работата на насочените релеи (релеи на моќност). Во петтото поглавје се презентирани 5 задачи, поврзани со диференцијалната заштита на трансформатори, блок генератор-трансформатор и водови, при што се дадени примери за примена на попречна и подолжна диференцијална заштита. Во шестото поглавје се обработени 13 задачи, со кои се објаснува функционирањето и подесувањето на дистантната заштита. Во седмото поглавје се презентирани 8 решени задачи, кои ја обработуваат проблематиката на заштита на енергетскиот трансформатор. Во следното, осмо поглавје се вклучени 3 задачи од областа на заштита на генератори. Во деветтото поглавје се решени две задачи од проблематиката на заштита на мотори, а во десеттото поглавје е обработен еден пример кој ја илустрира примената на релејната заштита за заштита на собирници. Во Анексот (поглавје 11) се прикажани формулите за пресметка на струите на куси врски во зависност од типот на грешка и нивните симетрични компоненти, како и ознаките на релеите според ANSI, IEC и IEEE-стандардите. Во последното дванаесетто поглавје е изложена користената литература која се состои од 29 референци. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е целосно усогласен со предметната содржина на предметот Релејна заштита за прв циклус студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Забелешките на текстот, воочените грешки од технички карактер, како и останатите предлози и сугестиии за потребни корекции и |

| | |
|---|---|
| | подобрување на квалитетот на ракописот, се нотирани во добиениот материјал и им се доставени на авторите. |
| **Оцена на ракописот:** | Материјалот изложен во ракописот е коректно и детално разработен. Напишан е квалитетно и стручно и е презентиран на начин разбирлив за студентите. Сите обработени примери се детално објаснети и образложени, со изведување на потребните формули, замена на нумеричките вредности и се илустрирани со потребните слики. Исто така, овој материјал претставува целосна поддршка за предавањата по предметот Релејна заштита. Објавувањето на оваа збирка задачи по релејна заштита ќе биде од голема корист како за студентите од Факултетот на електротехника и информациски технологии во Скопје за совладување на содржината по предметот Релејна заштита, така и за инженерите вработените во електроенергетските компании во земјата кои се занимаваат со оваа проблематика.<br>Исто така, објавувањето на ова учебно помагало ќе ја збогати постојната техничка литература на македонски јазик од обласата на електроенергетиката, која досега е малку застапена, а е неопходно потребна. |
| **Категоризација:** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 172 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 12 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 130 слики и 18 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Релејна заштита, примарно наменет за студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии.

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Атанас Илиев, с.р.**

## Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Мирко Тодоровски

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Збирката задачи по Релејна заштита содржи вкупно 69 задачи, за кои е дадена детална постапка за решавање. Таа е поделена на 10 глави, како што следува:<br>1. Добивање на мерни величини за потребите на релејната заштита<br>2. Пренос на струи на куса врска низ енергетски трансформатор<br>3. Прекуструјна заштита<br>4. Насочени релеи на моќност<br>5. Диференцијална заштита<br>6. Дистантна заштита<br>7. Заштита на трансформатори<br>8. Заштита на генератори<br>9. Заштита на мотори<br>10. Заштита на собирници<br>Покрај наведените глави, збирката содржи уште и анекс и список на користена литература.<br>Во првото поглавје се дадени 17 задачи во кои се обработени проблеми каде што се пресметуваат мерните величини за потребите на релејната заштита. Во задачите се разгледувани шеми со 2 и 3 струјни мерни трансформатори, при што е дадена постапка за определување на симетричните компоненти на струите и напоните за различни видови куси врски.<br>Второто поглавје содржи 4 задачи, во кои е анализиран начинот на определување на струите на куса врска на двете страни на енергетски трансформатор во зависност од видот на кусата врска, преносниот однос и групата на соединување.<br>Третото поглавје содржи 14 задачи, во кои детално се разработени принципите на функционирање на прекуструјната заштита, и тоа за случај на независна и зависна прекуструјна заштита.<br>Принципот на работа на насочените релеи на моќност, водејќи сметка за нивната максимална осетливост, е објаснет преку 2 задачи во четвртото поглавје.<br>Во петтото поглавје се дадени 5 задачи од областа на диференцијалната заштита. Во нив е демонстрирано дека диференцијалната заштита во суштина е прекуструјна заштита која реагира на разлика на две струи на одреден штитен елемент. Разгледувани се случаи со трансформатори, блокови генератор-трансформатор и водови.<br>Шестото поглавје содржи 13 задачи, каде што се обработени проблеми поврзани со дистантната заштита која делува на количникот од измерениот напон и струја, т.е. на измерена импеданција во случај на грешка. Детално се |

| | |
|---|---|
| | обработени различни случаи со дистантна заштита на вод, како што се поединечни и паралелни водови. Соодветно внимание е посветено и на степенувањето на дистантната заштита.<br>Седмото поглавје ги обработува проблемите од областа на заштита на енергетски трансформатори. Во него, преку 8 задачи, е обработена проблематиката на диференцијалната заштита на двонамотни и тринамотни трансформатори, како и прекуструјната и дистантната заштита на трансформатори. Прикажана е ефикасноста на заштитата во зависност од изборот на струјните мерни трансформатори со и без меѓутрансформатори.<br>Осмото поглавје содржи 3 задачи за заштита на генератори, каде што е определувана мртвата зона на генератор штитен со прекуструјна заштита, како и проблеми со определување на потенцијалот на ѕвездиштето на генераторот.<br>Деветтото поглавје има 2 задачи, во кои е се обработени проблеми со заштита на асинхрони мотори.<br>Во десеттото поглавје е разгледувана проблематиката за заштита на собирници која е илустрирана преку пример со нагодување на прекуструјната заштита за да се постигне зададен коефициент на осетливост.<br>Единаесеттото поглавје е анекс, во кој се дадени изразите за пресметка на симетричните компоненти на струите на куси врски, како и нивните фазни вредности за сите типови на куси врски. Освен тоа, дадени се ознаките на релеите според стандардите на ANSI, IEC и IEEE.<br>Списокот на користена литература, кој содржи 29 референци, е даден во последното, дванаесетто поглавје. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Збирката задачи е целосно усогласена со содржината на предметот Релејна заштита, кој е вклучен во првиот циклус студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Определени печатни и технички грешки, како и сугестии за подобрување на квалитетот на текстот се обележани во материјалот добиен за рецензија. Тие се доставени до авторите. |
| **Оцена на ракописот:** | За ракописот кој е предмет на рецензија заслужува да се нагласи дека задачите не само што се групирани според проблематиката на која се однесуваат, туку дополнително се подредувани според сложеноста – што значи дека е следен еден од основните дидактички принципи. Со тоа, на читателот му се нуди можност постапно да ги совладува проблемите и да се стекнува со искуство |

| | |
|---|---|
| | неопходно за решавање на посложени проблеми присутни во практиката. |
| **Категоризација:** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Предложениот ракопис претставува оригинален труд, во кој на најсовремен начин е изложена проблематиката на релејна заштита во електроенергетските мрежи. По својата содржина, тој е целосно во согласност со наставната програма по предметот Релејна заштита. Тој ќе биде од корист за сите студенти на студиски програми од областа на електроенергетиката на Факултетот за електротехника и информациски технологии, за студентите од други електротехнички факултети, но и за сите електроинженери кои работат во доменот на електроенергетиката.<br>Ракописот е пишуван со јасен и разбирлив стил. Задачите во него се оригинални и стилот и начинот на решавање е автентичен. По својот квалитет, содржина и обем, тој е сосема подобен за збирка задачи по горенаведениот предмет. |

Со оглед на изнесеното во рецензијата, чест ми е да предложам ракописот „Збирка решени задачи по релејна заштита“ да се отпечати како учебно помагало по предметот Релејна заштита.

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Мирко Тодоровски, с.р.**

***Прилог бр. 4***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА РАЗВОЈ НА МЕТОД ЗА ДИРЕКТНО ТРГУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА: ВИРТУЕЛНА НЕТО НАПЛАТА ОД М-Р ВЛАДИМИР ЃОРГИЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на седницата одржана на 16.6.2021 година, со Одлука број 02-878/7, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Владимир Ѓоргиевски со наслов: „Развој на метод за директно тргување со енергија: виртуелна нето наплата“, во состав: проф. д-р Марија Кацарска (претседател), проф. д-р Снежана Чундева (ментор), проф. д-р Мирко Тодоровски (член), проф. д-р Димитар Димитров (член) и проф. д-р Џорџ Георгиу (надворешен член – Универзитет во Кипар, Факултет за електротехника и компјутерски науки, Истражувачки центар за одржлив развој – ФОС, Кипар).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот **м-р Владимир Ѓоргиевски**, со наслов: **Развој на метод за директно тргување со енергија: виртуелна нето наплата**, содржи 137 страници компјутерски обработен текст со фонт Times New Roman, со 1,15 проред и големина на букви 12, со 157 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, меѓународни прописи и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во осум глави, а материјалот е систематизиран во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува читливост на содржината која е обработена во истражувањето.

**Првата глава** претставува вовед во проблематиката на директно тргување со енергија. Во оваа глава, презентирана е мотивацијата зад истражувањето и даден е критички преглед на постојната научна литература од областа на енергетски заедници и директното тргување со енергија, со посебен фокус на концептите за праведност и пресметковна комплексност. Во остатокот од првата глава, презентирани се истражувачкиот проблем, двете хипотези на истражувањето, придонесот и структурата на дисертацијата.

Во **втората глава** е дадена теоретска рамка врз основа на којашто се дискутирани енергетските заедници. Дискутирани се потребните услови за формирање на енергетски заедници и главните улоги кои ги преземаат чинителите при формирањето и управувањето на заедниците. Водејќи сметка за различните својства што може да ги имаат енергетските заедници, изложена е детална класификација на различните типови заедници и нивната поделба во европската легислатива. Во втората глава, наведени се и нумеричките индикатори што служат за квантифицирање на економските, еколошките, техничките и социјалните придобивки од постоењето на енергетски заедници. На крајот на втората глава, дискутиран е концептот на праведност и изложени се три дефиниции за праведност кои подоцна се користат во шестата глава.

Во **третата глава** од дисертацијата, презентиран е математички модел што служи за пресметка на енергетските биланси на заедниците и нивните членови. Разгледани се енергетските биланси на потрошувачи-производители со батерии и без батерии. Опишани се три управувачки стратегии кои може да се користат за контрола на полнењето и празнењето на батериите. На ниво на енергетска заедница, понуден е математички апарат кој ја раздвојува сопствената потрошувачка на локалното производство на дел кој произлегува од индивидуалната сопствена потрошувачка на членовите на заедницата и дел кој произлегува од споделувањето енергија меѓу нив. Потоа, презентирани се пет нумерички индикатори што служат за анализа на енергетските биланси. На крајот од третата глава, изнесени се формулите кои служат за пресметка на трошоците за електрична енергија на индивидуално и колективно ниво.

Во **четвртата глава**, презентирани се математичките формулации на 10 методи за директно тргување со енергија од постојната научна литература. Посебен фокус е ставен на методите за колективно директно тргување со енергија во енергетски заедници. Презентираните методи може да се класифицираат во три категории: методи за распределба на колективниот трошок, методи за распределба на колективната придобивка и ценовни механизми за локални пазари во енергетски заедници. Од категоријата на методи за распределба на колективен трошок, опишани се: методот за еднаква распределба на колективниот трошок и методот за пропорционална распределба на колективниот трошок. Од категоријата на методи за распределба на колективната придобивка, опишани се: методот за виртуелно нето мерење и четири методи базирани на теоријата на кооперативни игри: Нешово пазарење, нуклеолус, МинВар, Шеплиева вредност. Од категоријата на ценовни механизми за локални пазари на електрична енергија, презентирани се: механизмот на делење на колективна сметка, механизмот за средна цена и механизмот на количник на понуда и побарувачка.

Во **петтата глава** е презентирана математичката формулација на методот за виртуелна нето наплата, кој е развиен во рамки на докторскиот труд. Методот за виртуелна нето наплата претставува приспособување на постојниот концепт на индивидуална нето наплата кон енергетските заедници. Приспсобувањето се состои во тоа што методот за виртуелна нето наплата содржи правило кое во реално време ја распределува колективната придобивка меѓу членовите на заедницата, а која се создава како резултат на здруженото делување. Ова правило, наречено правило за пропорционална распределба, на секој член од заедницата му доделува дел од колективната придобивка кој е пропорционален со неговиот придонес во создавањето на таа придобивка. Својствата на методот се дискутирани аналитички, со примена на концепти од теоријата на кооперативни игри. Покажано е дека карактеристичната функција на кооперативната игра базирана на овој метод е супераддитивна и дека јадрото на кооперативната игра не е празно. Овие својства укажуваат на тоа дека примената на методот за виртуелна нето наплата мотивира соработка меѓу членовите на заедницата, а дека колективната придобивка што е создадена како резултат на таа соработка може праведно да се распредели.

Во **шестата глава**, предложениот метод за виртуелна нето наплата е анализиран со помош на компјутерски симулации на голем број енергетски заедници. Користени се реални мерни податоци од јавно достапна база. Методот е спореден со пет постојни методи од литературата, и тоа: механизмот за делење на колективна сметка, механизмот на средна цена, механизмот за количник на понуда и побарувачка, Шеплиевата вредност и МинВар. Овие методи се избрани затоа што тие се најчесто застапени во консултираната литература. Предложениот метод и постојните методи се споредени од аспект на нивната праведност и пресметковна комплексност. Анализата на праведноста е спроведена со помош на теоретската рамка за праведност, која претходно е презентирана во втората глава. Врз основа на резултатите, дискутирани се предностите и недостатоците на предложениот метод. Резултатите од оваа глава ја поддржуваат првата хипотеза на докторската дисертација.

Во **седмата глава**, спроведена е статистичка анализа на билансите на моќност и енергија во домаќинства со фотоволтаични генератори. За таа цел, освен базата со податоци која е користена во шестата глава, користени се податоци од уште една базата, која содржи мерења спроведени од страна на Универзитетот во Кипар. Разгледувани се случаи на индивидуални домаќинства и домаќинства здружени во енергетски заедници. За секое домаќинство и енергетска заедница, пресметани се енергетските биланси и техничките индикатори што ги квантифицираат тие биланси. Потоа, со примена на мултиваријантна линеарна регресија, утврдени се статистички значителни корелации меѓу пресметаните параметри. Овие корелации помагаат во препознавање на факторите што влијаат врз заштедите на домаќинствата и енергетските заедници.

Во **осмата глава,** даден е заклучок на спроведеното истражување. Потоа, детално се презентирани придонесите од истражувањето и нивната врска со публикуваните трудови кои произлегуваат од него. На крајот на осмата глава, дискутирана е примената на резултатите од дисертацијата и насоките за идни истражувања.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражувањето во докторската дисертација се енергетските заедници чии членови (потрошувачи-производители) директно тргуваат и разменуваат енергија меѓу себе, со цел да остварат економски заштеди. Ваквиот модел уште е познат како бизнис-модел за тргување

со енергија помеѓу потрошувачи-производители. Поконкретно, во дисертацијата се разгледува посебна категорија на методи за директно тргување со енергија, наречени методи за колективно директно тргување со енергија. При колективно директно тргување со енергија, членовите на енергетската заедница назначуваат управител на заедницата, кој има за цел да ги надгледува тековите на моќност и енергија и да ја максимизира добросостојбата на сите членови на заедницата. На крајот од секој период за наплата, управителот на заедницата ги пресметува придобивките што секој член ги има од тргувањето и нив ги споделува со дистрибутивниот систем-оператор и снабдувачите на електрична енергија на членовите од заедницата, со цел да им се издадат сметки за електрична енергија на членовите на заедницата. Притоа, се претпоставува дека членовите на енергетската заедница се автономни чинители и дека трети лица не смеат да управуваат со нивните уреди за производство и/или потрошувачка на електрична енергија. За да тргуваат и разменуваат енергија, членовите на заедницата имаат пристап до систем што содржи соодветна физичка инфраструктура и виртуелна платформа. Физичката инфраструктура ги вклучува системите за производство и складирање на енергија, врската со дистрибутивната мрежа за електрична енергија и опремата за мерење и меморирање на временските дијаграми на производството и потрошувачката на енергија. Виртуелната платформа, од друга страна, ја овозможува комуникацијата меѓу членовите на енергетската заедница и останатите чинители на пазарот на електрична енергија.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Интересот за научното подрачје во кое е работена докторската дисертација бележи значителен подем во текот на изминатите години. Имено, бројот на научни публикации кои го содржат терминот „енергетски заедници“ се зголемил за повеќе од 3 пати во последните 10 години. Во 2020 година биле објавени речиси 4 000 научни публикации од истражувања од подрачјето на енергетски заедници. Енергетските заедници се социјални структури составени од производители и крајни потрошувачи на електрична енергија кои овозможуваат здружено да се произведува, да се пренесува, да се складира, да се продава или да се разменува енергија. Во научната литература постои посебен интерес за енергетски заедници чии членови меѓусебно разменуваат енергија.

Во ваквите заедници, вишокот производство на еден член на заедницата се продава/споделува со друг член на заедницата. Ова е потесното подрачје на истражување со кое се занимава дисертацијата, а кое се нарекува директно тргување со енергија. Зачетокот на подрачјето за директно тргување на енергија датира околу 2015 и 2016 година, кога се публикуваат и првите релевантни научни трудови на темата. Во истиот тој период, низ светот се појавуваат и првите практични проекти. Искуства од тие проекти укажуваат на многуте предизвици што треба да се надминат за да има успешна практична имплементацијата на директно тргување со енергија во заедници. Еден од главните предизвици е изборот на методот според кој ќе се одвива директното тргување.

Како резултат на овој предизвик, во научната литература се предлагаат низа различни методи за директно тргување. Денес, истражувањата поврзани со директно тргување се делат во два правци: билатерално директно тргување и колективно директно тргување. Истражувањето на докторската дисертација се занимава со колективното директно тргување. Методите за колективно директно тргување може да се класифицираат како: методи за распределба на трошоци, методи за распределба на придобивки и ценовни механизми за локални пазари на електрична енергија. Методите од трите категории, во основа, имаат иста цел и служат за пресметување на крајните сметки на електрична енергија на членовите на енергетската заедница. Постојната научна литература покажува дека постои компромис помеѓу практичноста и праведноста на ваквите методи. На пример, методите кои гарантираат дека сите членови на заедницата ќе бидат задоволни од исплатата што ја добиле за својот придонес, честопати не се применливи во практични услови, затоа што нивните пресметки траат десетици до стотици часа. Од друга страна, методите кои се базираат на едноставни правила и кои пресметките ги извршуваат за кусо време (помалку од 1 минута), со помала веројатност гарантираат праведност на распределбата на колективната придобивка.

Денес, сè поголем број на публикации се занимаваат со развој на методи за директно тргување кои се праведни и пресметковно ефикасни. Постои значителна практична оправданост за интересот во ова истражување. Во рамки на Европската Унија, директивите 2019/944/ЕУ и

2018/2001/ЕУ со кои се уредени енергетските заедници, предвидуваат дека земјите членки на Европската Унија треба да овозможат услови за непречено, доброволно и отворено формирање на енергетски заедници. Притоа, тие истакнуваат дека на членовите на енергетските заедници треба да им се овозможи меѓусебно да споделуваат енергија. Пред да се воспостави соодветна правна рамка што тоа го овозможува, научните истражувања треба да понудат решенија кои ќе бидат праведни за крајните корисници, со цел да се обезбеди стабилност на енергетските заедници во кои тие се здружиле. Затоа, очекувано е дека постоењето на соодветен метод за директно тргување, кој е истовремено праведен и пресметковно ефикасен, ќе придонесе за зголемено прифаќање на концептот за тргување и споделување енергија меѓу производители и крајни потрошувачи здружени во енергетски заедници.

**Краток опис на применетите методи**

Во докторската дисертација, извршен е преглед на релевантната научна литература од областа на енергетски заедници. Врз основа на сознанијата од литературата, поставени се две хипотези кои се занимаваат со претходно дискутираното истражувачко прашање. Првата хипотеза гласи: „Еден метод за директно тргување со енергија, наменет за енергетски заедници, е праведен и пресметковно ефикасен доколку ја распределува колективната придобивка на енергетската заедница во реално време, пропорционално на придонесот што секој член го има во создавање на таа придобивка“, додека втората хипотеза гласи: „Постои статистички значителна корелација помеѓу стапката на сопствена потрошувачка (SCR) и односот меѓу произведената и потрошената електрична енергија (GTDR) на ниво на индивидуален потрошувач-производител и на ниво на енергетска заедница“. Научните методи кои се применети во трудот се основаат на симулација, оптимизација и статистичка обработка на податоци. Користени се две достапни бази податоци со реални мерења за произведената и потрошената енергија во домаќинства. Реалните мерења од двете бази се користат како влезни податоци во компјутерските симулации со кои се вршат пресметките за исплатите од анализираните методи за директно тргување. Во недостаток на мерења од реални енергетски заедници, создадени се хипотетички енергетски заедници со комбинирање на случајно избрани домаќинства од користените бази. Методот за виртуелна нето наплата е спореден со пет постојни методи од релевантната литература. Предностите и недостатоците на предложениот метод се дискутирани врз основа на резултати од три индикатори за праведност, потребното време за извршување на пресметките и со примена на концепти од теорија на кооперативни игри.

Податоците од двете бази служат за пресметка на енергетските биланси на домаќинствата чии податоци биле мерени. За таа цел, анализирани се производството и потрошувачката во домаќинства со фотоволтаични генератори без батерии. Потоа, за истите домаќинства, предвидена е работата на батерија, чиешто полнење и празнење е компјутерски симулирано. За управување на батеријата, споредени се ефектите од користење на три управувачки алгоритми. Врз основа на пресметаните енергетски биланси, пресметани се пет технички индикатори кои ги квантифицираат енергетските биланси на индивидуално ниво, за секој потрошувач-производител. Потоа, анализирани се енергетските биланси на хипотетички енергетски заедници, кои се формирани на истиот начин како и претходно. Енергетските биланси и соодветните технички индикатори се пресметани повторно, за секоја хипотетичка енергетска заедница одделно. Резултатите од овие пресметки се користат како влезни податоци во линеарна регресија, која служи за утврдување на статистички корелации помеѓу одредени параметри.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Резултатите од истражувањето се презентирани во две одделни глави, така што секоја глава е посветена на една од двете хипотези. Во шестата глава од дисертацијата, предложениот метод за виртуелна нето наплата е анализиран од аспект на праведност за членовите на енергетската заедница и пресметковната комплексност на применетиот метод. За квантифицирање на праведноста на методот, користени се три индикатори: Цејновиот индекс, индексот за праведност и максималниот вишок на коалицијата. Овие три индикатори се пресметани и за пет постојни методи од релевантната литература за директно тргување. Резултатите покажуваат дека предложениот метод (1) на секој член на заедницата му гарантира дека нема да биде во загуба ако се приклучи кон заедницата, (2) на секој член на заедницата му гарантира дека ќе има придобивка која е пропорционална на неговиот придонес во создавање на колективната заштеда на заедницата и (3) дека нееднаквоста на исплатите на членовите на

заедницата е минимална. Овие резултати ја поткрепуваат првата хипотеза поставена во дисертацијата.

Во седмата глава од дисертацијата, презентирани се резултатите од статистичката анализа на билансите на моќност и енергија на индивидуални потрошувачи-производители и на енергетски заедници. Од анализата на домаќинства со фотоволтаици и батерии, се заклучува дека изборот меѓу трите управувачки стратегии не влијае значително врз енергетската независност на домаќинството, но влијае врз врвната моќност што тоа домаќинство ќе ја разменува со мрежата. Во оваа глава, детално е анализирана стапката на сопствена потрошувачка на домаќинства и енергетски заедници, затоа што таа укажува на финансиските заштеди. Резултатите покажуваат дека заштедите на една заедница растат како што се зголемува бројот на членови во заедницата. Тоа покажува дека соработката меѓу членовите во заедницата и нејзиното проширување со нови членови води, во просек, до поголема придобивка за сите членови на заедницата. Освен тоа, резултатите покажуваат дека одредени податоци за членовите на заедницата, кои се лесно достапни (на пример, месечната потрошувачка и производство на енергија), можат да послужат за апроксимирање на придобивките од инсталирање на фотоволтаични генератори. Лесно достапните податоци може да послужат и за апроксимирање на придобивките кои членовите од заедницата ги имаат од меѓусебното споделување енергија. Овие резултати ја поткрепуваат втората хипотеза поставена во дисертацијата.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на м-р Владимир Ѓоргиевски, со наслов: „Развој на метод за директно тргување со енергија: виртуелна нето наплата“, претставува научно истражување од областа на електротехниката, во потесното подрачје на директно тргување со енергија во енергетски заедници. Истражувачкиот проблем со кој се занимава е поврзан со развојот на праведен и пресметковно ефикасен метод за директно тргување со енергија. Мотивацијата на истражувањето е оправдана, затоа што истражувачкиот проблем е актуелен во научната литература и затоа што за него постојат голем број отворени научни прашања. Развојот на праведен и пресметковно ефикасен метод е важен и од практичен аспект, затоа што методот треба да биде комплемент на европската правната рамка за енергетски заедници. Тоа дополнително ја потврдува подобноста на темата.

Докторската дисертација е поделена во осум глави. Оваа структура овозможува добра читливост на текстот, а редоследот на содржината е логичен и јасен. Содржината е презентирана на недвосмислен, концизен и транспарентен начин. Истражувањето го следи класичниот научен метод базиран на преглед на релевантната литература, дефинирање на истражувачки проблем, поставување на научни хипотези, вршење анализи и донесување заклучоци за поставените хипотези врз основа на резултатите од анализите. Врската меѓу поставените научни хипотези и истражувачкиот проблем е јасно аргументирана. Користените методи и материјали се детално изнесени, со што се овозможува повторливост и следливост на истражувањето. Анализите се базираат на компјутерски симулации.

Во компјутерските симулации се применуваат детерминистички и оптимизациски алгоритми. Пресметаните вредности од компјутерските симулации се статистички анализирани со цел да се добијат конечни резултати. Резултатите од истражувањето се презентирани во шестата и седмата глава. Притоа, резултатите презентирани во шестата глава ја поткрепуваат првата хипотеза поставена во докторската дисертација, додека резултатите од седмата глава ја поткрепуваат втората поставена хипотеза. Заклучоците на дисертацијата, кои се опишани во осмата глава, јасно произлегуваат од резултатите и од дискусијата на резултатите. Во осмата глава, покрај заклучоците, презентирани се и придонесите на дисертацијата. Детално се дискутирани и врските меѓу придонесите и публикациите кои се објавени како резултат на истражувањето спроведено во докторската дисертација.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Пред одбраната на докторската дисертација, кандидатот објавил осум рецензирани истражувачки труда од областа на истражување, од кои два се објавени во списание со фактор на влијание:

[5]. **V. Z. Gjorgievski,** S. Cundeva, G.E. Georghiou, “Social arrangements, technical designs and impacts of energy communities: A review”, *Renewable Energy*, vol. 169, p. 1138-1156, 2021. **(IF = 8,004)**

[6]. **V. Z. Gjorgievski,** N.G. Chatzigeorgiou, V. Venizelou, G.C. Christoforidis, G.E. Georghiou, G.K. Papagiannis, “Evaluation of Load Matching Indicators in Residential PV Systems-the Case of Cyprus”, *Energies*, vol. 13(8), p.1934, 2020. **(IF = 2,702)**

[7]. **V. Z. Gjorgievski**, S. Cundeva, Natasa Markovska, G.E. Georghiou, “Virtual net-billing with proportional fair sharing: a computationally efficient method for real-time energy sharing in communities”, *16th Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems (SDEWES),* Dubrovnik, 2021.

[8]. **V. Gjorgievski**, S. Cundeva, “The effects of residential battery storage on grid impact indicators”, *IEEE Milan PowerTech*, 2019.

[9]. **V. Gjorgievski**, K. Demerdziev, B. Velkovski, V. Shokarovski, D. Dimitrov, S. Veleva, M. Kacarska, “Simulation Based Approach for Determining the Battery Control Strategy of a PV and Battery Pilot System”, *2019 16th Conference on Electrical Machines, Drives and Power Systems (ELMA), IEEE*, Varna, 2019.

[10]. **V. Gjorgievski**, S. Cundeva, “Implications of Residential Battery Charge and Discharge Rates on Self-consumption and Peak Power Exchange”, *2019 16th Conference on Electrical Machines, Drives and Power Systems (ELMA)*, IEEE, Varna, 2019.

[11]. **V. Gjorgievski**, A. I. Nousdilis, E. O. Kontis, G. C. Kryonidis, G. A. Barzegkar-Ntovom, S. Cundeva, G. C Christoforidis, G. K Papagiannis, “Sizing of Electrical and Thermal Storage Systems in the Nearly Zero Energy Building Environment-A Comparative Assessment”, *2019 1st International Conference on Energy Transition in the Mediterranean Area (SyNERGY MED)*, IEEE, 2019.

[12]. **V. Gjorgievski**, D. Dimitrov, M. Kacarska, “On the Effectiveness of Three Battery Control Strategy Formulations for Residential PV Applications”, *ETAI 2018 Conference*, Struga, 2018.

Според законите на Република Северна Македонија, трудот е внесен во базата на податоци на Министерството за образование и наука – plagijati.mon.gov.mk и врз основа на добиениот извештај, а и врз основа на нашите сознанија, трудот не претставува плагијат.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главните придонеси на докторската дисертација се согледуваат во следното:

- Детално е прегледана релевантната научна литература и систематизирана е европската регулатива од областа на енергетските заедници и директното тргување со енергија.
- Предложена е теоретска рамка за анализа на праведноста на различни методи за директно тргување, која се базира на три дефиниции и три нумерички индикатори.
- Развиен е метод за директно тргување со енергија кој е праведен и едноставен за практична имплементација. Методот нуди најмал компромис меѓу праведноста и пресметковната комплексност во споредба со петте методи од консултираната литература со кои е споредeн.
- Предложен е детален математички модел за енергетските биланси во енергетска заедница. Воведено е временско и структурно разложување на сопствената потрошувачка на енергија, што дава јасна слика за начинот на кој се генерира колективната придобивка во заедницата.
- Утврдена е статистички значителна корелација меѓу сопствената потрошувачка и односот меѓу вкупно произведената и потрошената енергија. Покажано е дека (1) стапката на сопствена потрошувачка и (2) енергијата на сопствената потрошувачка на колективно ниво може да се апроксимираат само врз основа на лесно достапни податоци за енергетска заедница.
- Енергетскиот биланс во домаќинство со фотоволтаичен систем со и без батерија е квантифициран со помош на соодветни технички индикатори. Односот меѓу произведената и потрошената енергија е предложен како индиректен показател за стапката на сопствена потрошувачка на домаќинството.

Се заклучува дека двете научни хипотези, поставени на почетокот на докторската дисертација, се јасно поткрепени со резултатите од истражувањето. Предложениот метод, наречен виртуелна нето наплата, претставува оригинален придонес во областа на истражување, со оглед на тоа што овозможува имплементирање на праведно директно тргување, преку проширување и адаптација на методот за индивидуална нето наплата. Според тоа, докторската дисертација на м-р Владимир Ѓоргиевски, со наслов „Развој на метод за директно тргување со енергија: виртуелна нето наплата“, е оригинално научно истражување чии придонеси се корисни за академската заедница и останатите засегнати чинители во електроенергетскиот сектор.

Врз основа на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Владимир Ѓоргиевски,** со наслов: **Развој на метод за директно тргување со енергија: виртуелна нето наплата.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Кацарска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Чундева, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Мирко Тодоровски, член, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Димитров, член, с.р.**
**Проф. д-р Џорџ Георгиу, член, с.р.**
**Универзитет во Кипар, Факултет за електротехника и компјутерски науки, Истражувачки центар за одржлив развој – ФОС, Кипар**

***Appendix no. 4***

# REVIEW

## FOR THE ASSESSMENT OF THE DOCTORAL THESIS DEVELOPMENT OF A COMMMUNITY-BASED ENERGY SHARING METHOD: VIRTUAL NET-BILLING BY VLADIMIR GJORGIEVSKI, MSC., ENROLLED AT THE FACULTY OF ELECTRICAL ENGINEERING AND INFORMATION TECHNOLOGIES IN SKOPJE

At the meeting held on 16.6.2021 and the decision no. 02-878/7, the Council of the Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies in Skopje formed a thesis Examination Committee for the evaluation of the doctoral thesis of the candidate Vladimir Gjorgievski, MSc. titled “Development of a community-based energy sharing method: virtual net-billing”, comprised of: prof. Marija Kacarska, PhD (chair), prof. Snezana Cundeva, PhD (supervisor), prof. Mirko Todorovski, PhD (member), prof. Dimitar Dimitrov, PhD (member), prof. George Geoghiou (University of Cyprus, FOSS Research Centre for Sustainable Energy, PV Technology Laboratory, Department of Electrical and Computer Engineering, Nicosia, Cyrus).

## REPORT

### ANALYSIS OF THE THESIS

The thesis of the candidate **Vladimir Gjorgievski, MSc**, titled **“Development of a community-based energy sharing method”**, contains 137 pages digitally edited text written in the font Times New Roman, with a line spacing of 1.15 and font size of 12, with 157 references including scientific papers, articles, books, international guidelines and internet-resources.

The thesis is structured in eight chapters, and the material is separated using headings and subheadings, both adequately titled, which facilitates the easy comprehension of the material that is discussed.

The **first chapter** gives an introduction to the research topic of peer-to-peer energy trading. In this chapter, the motivation for the research has been presented. Moreover, a critical review of the existing scientific literature from the research field of energy communities and peer-to-peer energy trading is given, with a focus on the concepts of fairness and computation complexity. In the remainder of the first chapter, the research problem, the two research hypotheses, the contribution and the structure of the thesis are presented.

The **second chapter** presents a theoretical framework based on which energy communities can be discussed. The conditions required for the successful formation of energy communities are elaborated and the roles that can be undertaken by different stakeholders are defined. Taking the various possible characteristics of energy communities into consideration, a detailed classification of the different energy community types is given. The classification of energy communities in the European legislation is also discussed. At the end of the second chapter, the concept of fairness is presented. A framework for the assessment of fairness, based on three definitions, which is later used in chapter six, is given.

The **third chapter** of the thesis presents a mathematical model that is used for the calculation of the energy balances of energy communities and their individual members. The energy balances of prosumers with and without batteries are assessed in detailed. At the level of an energy community, a mathematical model is given, which decomposes the self-consumption of the local generation into a portion that is caused by behind-the-meter self-consumption and a portion that is caused by the energy sharing. Afterwards, five numerical indicators, which are helpful for quantifying the energy balances of prosumers and energy communities, are presented. The mathematical equations that serve for the calculation of the electricity bills of individual prosumers and energy communities are given at the end of the third chapter.

In the **fourth chapter**, the mathematical formulations of 10 peer-to-peer energy trading methods from the existing scientific literature are reviewed. Special focus has been dedicated on the methods for community-based peer-to-peer energy trading. The presented methods are classified in three distinct categories: methods that are used to share the collective costs, methods used to share the collective benefits and pricing mechanisms for local electricity markets in energy communities. In the

category of methods that share the collective costs among the members of the community the following are discussed: equal sharing method and proportional sharing method. In the category of methods that share the collective benefits among the members of the energy community, the virtual net-metering method and four methods based on cooperative game theory: Nash bargaining, nucleolus, MinVar, Shapley value, are presented. In the category of pricing mechanisms for local electricity markets, the bill sharing, mid-market rate, supply and demand ratio have been presented.

In the **fifth chapter**, the mathematical formulation of the virtual net-billing method, which is developed in the thesis, is presented. The virtual net-billing method enhances and extends the existing net-billing method used for prosumers, thus making it suitable for energy communities. The proposed method treats the energy community as a single prosumer, but simultaneously distributes the collectively generated benefit among the members of the community in real time. The rule that facilitates this distribution, called proportional fair sharing rule, allocates a portion of the collective surplus to each member of the community, based on their individual contribution to the generation of that collective surplus. The properties of the method are discussed analytically, using concepts from cooperative game theory. Namely, it is shown that the characteristic function of the cooperative game is superadditive and that the core of the cooperative game is a non-empty set. These properties indicate that the use of the virtual net-billing method motivates the members of a community to cooperate with each other, and that the collective surplus of the community, which is created as a result of that cooperation, can be fairly shared among the members.

In the **sixth chapter**, the proposed virtual net-billing method is analyzed using computer simulations of a large number of hypothetical energy communities. The simulations are performed using data from a publicly available databases. The proposed method is compared to five existing methods from the scientific literature. The following methods are considered in this comparison: bill sharing, mid-market rate, supply and demand ratio, Shapley value, MinVar. These methods are chosen because of their widespread use in recent publications. The proposed method is compared to the existing methods in terms of the fairness it provides to the members of the community, and in terms of the computational complexity of the method. The fairness of the methods is assessed using the theoretical framework that is presented in the second chapter. Based on the results, the advantages and disadvantages of the proposed method are discussed. The results presented in the sixth chapter support the first hypothesis of the thesis.

The **seventh chapter** presents the results of the statistical analysis of the balances of energy and power of individual prosumers with photovoltaic generators. For this purpose, a second database, containing measurements performed by the University of Cyprus, is used. The energy balances of individual prosumers as well as those of energy communities are evaluated. Various technical indicators for the quantification of the energy balances are evaluated in the analysis. Then, using multivariable linear regression, statistical correlations of the calculated parameters are explored. These correlations are helpful in determining the factors that influence the savings of prosumers and energy communities.

In the **eighth chapter**, a conclusion of the conducted research is given. Then, the contributions of the thesis, as well as their relationship to the publications, are presented in detail. At the end of this chapter, the application of the results and directions for future research are discussed.

**Topic of research**

The topic of the research conducted in the thesis is related to energy communities whose members (prosumers) exchange and trade energy among each other, with the aim of reducing their electricity bills. This model is also known as behind-the-meter trading. More specifically, the thesis deals with a particular type of peer-to-peer energy trading, called community-based energy trading. When community-based energy trading is implemented, the members of the energy community appoint a community manager who oversees the energy flows and maximizes the overall welfare of the community. At the end of each billing period, the community manager calculates the payoffs of each community member and communicates them to the distribution system operator and the supplier of the energy community. It is assumed that the members of the community are autonomous self-interested actor and that no third party has control over their electricity generation and consumption units. In order to trade energy, the members of the community have access to the necessary physical and virtual platforms. In the physical layer, they have access to a suitable distribution grid, generation, consumption and storage units, and energy metering equipment. The virtual platform, on the other, facilitates the communication between the members of the energy community and the other members of the electricity market.

## Information about the state of the field of research of the thesis

In recent years, there is an increasing interest in the thesis' field of research. Namely, the number of publications that include the term “energy community” increased by a factor of 3 in the last 10 years. In 2020, around 4000 scientific papers dealing with issues related to energy communities were published. Energy communities are social structures comprised of producers and consumers of energy which facilitate the joint generation, distribution, storage, selling and sharing of energy. In the scientific literature, there is a specific interest in energy communities whose members exchange energy among each other.

In these types of communities, the surplus generation of some members in the community is sold/shared with other members of the community. The thesis focuses on this narrower field of research, called peer-to-peer energy trading. The inception of this research field occurs around 2015 and 2016, when the first scientific papers on the topic are published. During this period, a number of practical projects are also implemented around the world. The experience from these projects shows the challenges that need to be overcome in order to successfully implement peer-to-peer energy trading in energy communities. One of the main challenges is related to the choice of the energy sharing method.

As a result of this challenge, a variety of different methods are proposed in the literature. Today, the research on this topic spans in two directions: bilateral energy trading and community-based energy trading. The research of the thesis deals with community-based energy trading. The methods for community-based energy trading are additionally classified as: cost sharing methods, benefit sharing methods and pricing mechanisms for local electricity markets. All of these methods have the same basic goal, which is to calculate the final electricity bills of the energy community members. The existing literature on the topic indicates that there is a compromise between the practicality and the fairness of these methods. For example, the methods which guarantee that all community members will be satisfied with their payoffs are often not applicable in practical conditions because their calculations last for up to tens or hundreds of hours. On the other hand, the methods that are based on simple rules with calculations that last less than one minute have a lower probability of guaranteeing a fair distribution of the collective surplus.

Today, an increasing number of publications aim to develop peer-to-peer energy trading methods that are both fair and practically applicable. There is a practical reason for these scientific pursuits. Within the European Union, the directives 2019/944/EU and 2018/2001/EU, which cover energy communities, state that Member States of the European Union should enable the voluntary and open formation of energy communities. Thus, they highlight that the within such communities, the members should be free to share and exchange energy among each other. Before a judicial framework is developed for this purpose, the scientific publications should provide solutions which will be fair for end consumers, in order to ensure the stability of the coalition formed in the community. It is therefore expected that the existence of a suitable peer-to-peer energy trading method, which is simultaneously fair and computationally efficient, will contribute to the increased uptake of the concept of energy sharing between energy producers and end-consumers.

## Description of the applied methods

In the thesis, a review of the relevant scientific literature on the topic of energy communities is conducted. Based on the findings of this review, two hypotheses are proposed. The first hypothesis states: “An energy sharing method for energy communities is fair and computationally efficient if it distributes the collective surplus of the energy community in real time, based on each member's contribution.” While the second hypothesis states: “There exists a statistically significant correlation between the self-consumption of prosumers and the ratio of their generation and demand, both on an individual and community level.”. The scientific methods applied in the research are based on simulation, optimization and statistical analysis of the results. Two publically available databases, containing measurements of the electricity generation and demand of households with photovoltaic generators are used. The measured data from the two databases are used as input in the computer simulations which calculate the payoffs of the analyzed peer-to-peer energy trading methods. In the absence of measurements of realistic energy communities, hypothetical energy communities are formed by combining randomly chosen households from the databases. The proposed virtual net-billing method is compared to the five existing methods from the relevant literature. The advantages and disadvantages of the proposed method are discussed based on the results of three fairness indicators, the time required to perform the calculations and through the use of concepts from cooperative game theory.

The measurements from the two databases are also used in the calculations of the energy balances. For this purpose, the generation and consumption are firstly studied in prosumers without batteries. Then, the operation of a residential battery is considered, where the charging and discharging of the battery is obtained using computer simulations. For the operation of the battery, three control strategies are compared. Based on the energy balances of the four cases (without a battery and with a battery, controlled in three different ways), five numerical indicators are calculated on an individual level, for each prosumer, separately. Afterwards, the energy balance of energy communities, formed in the same way as previously described, are analyzed. The numerical indicators are calculated once again, for each hypothetical energy community, separately. The results from the calculation are used as input for a linear regression analysis, which serves to determine the statistical correlations between certain parameters.

**A brief description of the results**

The results from the research are presented in two separate chapters, such that each chapter deal with a separate hypothesis. In the sixth chapter of the thesis, the proposed virtual net-billing method is analyzed in terms of the fairness it provides to the community members, as well as in terms of its computational efficiency. To quantify the fairness of the method, the following numerical indicators are used: Jain's index, fairness index and the maximum excess. These three indicators are also calculated for the payoffs obtained from the five methods of the relevant literature on peer-to-peer energy trading. The results show that the proposed method (1) guarantees a non-negative payoff to each member of the community, (2) guarantees that the payoff of each member will be proportional to their contribution to the collective self-consumption and (3) that the inequality of the payoffs is very small. These results support the first hypothesis that is proposed in the thesis.

The seventh chapter in the thesis presents the results from the statistical analysis of the energy balances of individual prosumers and energy communities. From the analysis of prosumers with photovoltaic generators and batteries, it is concluded that choosing among the different control strategies that were presented in the thesis does not affect the self-sufficiency of the prosumer, but that it affects the peak power exchanged with the distribution grid. In this chapter, the self-consumption rate of prosumers and energy communities is thoroughly studied, since it can be used to evaluate the financial savings of end-consumers. The results show that the total savings of the energy community increase with its size. It is concluded that the cooperation among community members and the broadening of the community with new members, on average, results in higher payoffs for all. Besides this, the results indicate that certain data for the members of the community which is easily available (for example, the monthly generated and consumed energy), can be used to estimate the economic savings obtained from the installation of photovoltaic generators. The easily available data can also be used for the estimation of the benefits that the members of the community have from the energy sharing. These results support the second hypothesis proposed in the thesis.

**EVALUATION OF THE THESIS**

The thesis of Vladimir Gjorgievski, MSc., titled, “Development of a community-based energy sharing method: virtual net-billing” contains original research from the field of electrical engineering, on the narrower topic of peer-to-peer energy trading in energy communities. The research problem of the thesis is related to the development of a fair and computationally efficient energy sharing method. The motivation behind the research is justified, since it deals with an active research problem with many open questions. The development of a fair and computationally efficient energy sharing method is also important from a practical viewpoint, since such a method should complement the European legislative framework on energy communities. This additionally confirms the suitability of the topic.

The thesis is structured in eight chapters. This structure ensures that the text is easily readable, while the order of the presented material is logical and clear. The text of the thesis is presented in an unequivocal, concise and transparent manner. The research follows the typical scientific method, based on a literature review, definition of a research problem, proposal of hypotheses, analysis and drawing conclusions related to the hypothesis based on the results. The relation between the proposed scientific hypotheses and the research problem is clearly argued. The used methods and materials are presented in detail, which enables the replicability of the research. The analyses are based on computer simulations.

In the computer simulations, deterministic and optimization-based algorithms are used. The values calculated from the computer simulations are statistically analyzed with the aim of obtaining the final results. The results of the research are presented in the sixth and seventh chapter. The results of the

sixth chapter support the first hypothesis that is proposed in the thesis, while the results of the seventh chapter support the second hypothesis proposed in the thesis. The conclusions of the thesis, presented in the eighth chapter, are clearly related to the results and the discussion sections. This chapter also contains information regarding the main contribution of the thesis and their relations to the papers that were published as part of the research.

**FULFILLMENT OF LEGAL CONDITIONS FOR THE THESIS DEFENSE**

Before the defense of the thesis, the candidate published eight research papers on the researched topic, two of which were published in journals with an impact factor:

[13]. **V. Z. Gjorgievski,** S. Cundeva, G.E. Georghiou, “Social arrangements, technical designs and impacts of energy **communities**: A review”, *Renewable Energy*, vol. 169, p. 1138-1156, 2021. **(IF = 8,004)**

[14]. **V. Z. Gjorgievski,** N.G. Chatzigeorgiou, V. Venizelou, G.C. Christoforidis, G.E. Georghiou, G.K. Papagiannis, “Evaluation of Load Matching Indicators in Residential PV Systems-the Case of Cyprus”, *Energies*, vol. 13(8), p.1934, 2020. **(IF = 2,702)**

[15]. **V. Z. Gjorgievski**, S. Cundeva, Natasa Markovska, G.E. Georghiou, “Virtual net-billing with proportional fair sharing: a computationally efficient method for real-time energy sharing in communities”, *16th Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems (SDEWES),* Dubrovnik, 2021.

[16]. **V. Gjorgievski**, S. Cundeva, “The effects of residential battery storage on grid impact indicators”, *IEEE Milan PowerTech*, 2019.

[17]. **V. Gjorgievski**, K. Demerdziev, B. Velkovski, V. Shokarovski, D. Dimitrov, S. Veleva, M. Kacarska, “Simulation Based Approach for Determining the Battery Control Strategy of a PV and Battery Pilot System”, *2019 16th Conference on Electrical Machines, Drives and Power Systems (ELMA), IEEE*, Varna, 2019.

[18]. **V. Gjorgievski**, S. Cundeva, “Implications of Residential Battery Charge and Discharge Rates on Self-consumption and Peak Power Exchange”, *2019 16th Conference on Electrical Machines, Drives and Power Systems (ELMA)*, IEEE, Varna, 2019.

[19]. **V. Gjorgievski**, A. I. Nousdilis, E. O. Kontis, G. C. Kryonidis, G. A. Barzegkar-Ntovom, S. Cundeva, G. C Christoforidis, G. K Papagiannis, “Sizing of Electrical and Thermal Storage Systems in the Nearly Zero Energy Building Environment-A Comparative Assessment”, *2019 1st International Conference on Energy Transition in the Mediterranean Area (SyNERGY MED)*, IEEE, 2019.

[20]. **V. Gjorgievski**, D. Dimitrov, M. Kacarska, “On the Effectiveness of Three Battery Control Strategy Formulations for Residential PV Applications”, *ETAI 2018 Conference*, Struga, 2018.

In accordance with the laws in the Republic of North Macedonia, the thesis was uploaded in the database of the Ministry of education and science – plagijati.mon.gov.mk and based on the obtained report it is concluded that the thesis is not plagiarized.

**CONCLUSION AND SUGGESTION**

The main contributions of the thesis are as follows:

- A detailed review of the relevant scientific literature and European legislation related to energy communities and energy sharing has been conducted.
- A theoretical framework, suitable for the analysis of the fairness of different energy sharing methods, which is based on three definitions and three indicators, has been proposed.
- An energy sharing method, which is fair and easy to implement in practical settings, has been developed. The method yields the lowest compromise between fairness and computation complexity, in comparison to five existing methods from the reviewed literature.
- A detailed mathematical model that describes the energy balances of an energy community has been proposed. The model introduces a structural and temporal decomposition of the self-consumption of the energy community, thus providing a clear picture of how the collective benefit of the community is generated.
- A statistical correlation between the self-consumed energy and the ratio between the generated and consumed energy has been identified. It has been shown that (1) the self-consumption rate and (2) the self-consumed energy of an energy community can be estimated using data that is easily obtainable from the electricity bills of the members of the energy community.
- The energy balance of prosumers with and without a battery in their photovoltaic system have been quantified. It was proposed that the ratio of the generated and consumed energy of a prosumer can be used as an indirect indicator of their self-consumption.

It is concluded that the two scientific hypothesis proposed in the thesis are clearly supported by the results of the conducted research. The proposed community-based energy sharing method, called virtual net-billing, is found to be an original contribution to the field of research, as it enables the implementation of fair energy sharing, through the extension and adaptation of the individual net-billing method. Based on this, the thesis of Vladimir Gjorgievski, MSc. titled “Development of a community-based energy sharing method: virtual net-billing” is an original scientific research which has contributions that are useful both to the scientific community and to other concerned parties in the energy sector.

Based on all the above, the Examination Committee suggests to the Council of the Faculty of electrical engineering and information technologies in Skopje to accept the positive evaluation and to schedule the defense of the doctoral dissertation of the candidate **Vladimir Gjorgievski, MSc.** titled **“Development of a community-based energy sharing method: virtual net-billing”**.

**EXAMINATION COMMITTEE**

**Prof. Marija Kacarska, PhD, chair**
**Prof. Snezana Cundeva, PhD, supervisor**
**Prof. Mirko Todorovski, PhD, member**
**Prof. Dimitar Dimitrov, PhD, member**
**Prof. George Georghiou, PhD, member**
**University of Cyprus, FOSS Research Centre for Sustainable Energy, PV Technology Laboratory, Department of Electrical and Computer Engineering, Nicosia, Cyprus**

# П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови (**септември 2021**)

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје**

**Факултет за електротехника и информациски технологии**

## 1. Електрични машини и автоматизација

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Број на одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ***Шаиӣ Дауӣи*** | Современи системи за заштита и монито-ринг на енергетските трансформатори | Novel Systems for Power Transformers Protection and Monitoring | Проф. д-р Гога Цветковски | 02-1325/13 од 22.9.2021 |

## 2. Обновливи извори на енергија

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Број на одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ***Даниела Цвеӣкоска*** | Електрична заштита на производни еди-ници од обновливи извори на енергија | Electrical protection of generating units from renewable energy sources | Проф. д-р Антон Чаушевски | 02-1325/14 од 22.9.2021 |
| 2 | ***Десӣина Трајковска*** | Перформанси на фотоволтаичните централи со панели поставени на нерам-ни терени | Peformances of photovoltaic power plants placed on inclined terrains | Проф. д-р Димитар Димитров | 02-1325/15 од 22.9.2021 |

*Прилог бр. 2*

РЕФЕРАТ

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА): ВИДОВИ ИНСТРУМЕНТИ (ВИОЛИНА) (60910) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за музичка уметност – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 10.6.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област видови инструменти (виолина) (60910), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр. 02-400/1, донесена на 7.7.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Олег Кондратенко, проф. м-р Љубиша Кировски и проф. м-р Михајло Куфојанакис.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областа: видови инструменти (пијано) (60910), во предвидениот рок се пријави еден кандидат, вонр. проф. м-р Владимир Костов.

**1. Биографски податоци и образование**

М-р Владимир Костов е роден на 15.7.1975 во Битола.

Своето музичко образование го започнал на петгодишна возраст. Основното и средното музичко образование го завршил во музичкото училиште во Битола во класата на проф. Зоран Маневски. Понатамошното образование го продолжил на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. м-р Михајло Куфојанакис, каде што дипломирал со највисока оценка. Во текот на своето студирање, тој е активен во сите концертни активности организирани од Факултетот како еден од најдобрите студенти во својата генерација. Магистерските студии ги запишал на истиот факултет, завршувајќи ги во класата на проф. М-р Михајло Куфојанакис, исто така со највисока оценка.

Стручно се усовршувал кај познатата виолинистка Сихана Бадивуку, а и посетувал голем број на семинари, од кои би се издвоиле семинарите кај проф. Благоја Димчевски (Македонија), Корнелија Бронзети (Романија), Ирина Бочкова (Русија), Наталија Пришепенко (Германија) и др.

Тој е единствен член во периодот од 1999 до 2000 година кој по пат на аудиција е избран во Светскиот симфониски оркестар на музичка младина, каде што имал можност да соработува со еминентни светски имиња, а во 2005 е повторно повикан, овојпат по покана на организаторот, да учествува во овој оркестар. Со овој оркестар настапувал во најпознатите светски концертни сали во Европа, САД, Канада и Кина, соработувајќи со врвни светски имиња како што се: Ана Софи Мутер, Курт Мазур, Даниел Милер Шот, Јаков Крајцберг и многу други.

Во периодот 2000 – 2004 е вклучен во работата на младинскиот оркестар на ЦЕИ, каде што ја предводел групата од Македонија и работел како наставник во Оркестарот на ЦЕИ. Тоа воедно претставува и негово прво педагошко искуство. Како солист има настапувано на: „Денови на македонска музика“, „Есенски музички свечености“, „Битолско културно лето“, „Салон 19.19“, „Охридско лето“, „Хереклејски вечери“, „Златна лира“, а од фестивалите надвор од Македонија на: „Средба на европски композитори“ - Краков, „Време, простор, музика“ - Одеса, Украина, „Дрезден фестивал“ – Dance off, Дрезден, Германија, „Источноевропски средби“ - Лондон, Англија и многу други.

Неговата особена наклоност кон камерното музицирање му овозможува соработка со голем број на ансамбли, со кои остварува богата концертна програма, изведувајќи огромен број композиции од домашни и светски композитори, од кои голем број се и премиерни изведби. Членува во голем број ансамбли, од кои би ги издвоиле: ансамблот за современа музика „Алеа“, камерното барокно студио „Бахус“, клавирко трио „ВАМ“, гудачки квартет „Бревис“, кларинет трио „Иванов – Костов – Вршкова“, ансамблот за современа музика „Con Tempora“ и др. Со ансамблите за современа музика „АЛЕА“, а потоа „CON TEMPORA“, има изведено преку 100 композиции од светски и домашни композитори на современа музика, меѓу кои голем број светски премиери. Има одржано повеќе солистички настапи – рецитали, и тоа:

- 2001, 2005, 2009 , 2013 - Салон 19.19 рецитал со Марија Вршкова
- 2002 - Источноевропски средби - Лондон, рецитал со Марија Вршкова
- 2004 – рецитал со Марија Вршкова, Дом на културата „Ацо Шопов“ – Штип
- 2003 – рецитал со Марија Вршкова во Центар за култура „Трајко Прокопиев“, Куманово
- 2002 – рецитал во Салон 19,19. со Марија Ѓошевска
- 2013 – рецитал Македонско-австриска музика – Виена
- 2017 – рецитал во камерната сала на МФ со Марија Ѓошевска
- 2017 – рецитал со Марија Вршкова во Њујорк.

Подолго време членува во оркестарот на Музичка младина на Македонија, каде што честопати е концерт-мајстор и солист. Композиторот Сони Петровски за него ја пишува неговата најпозна композиција за соло виолина „BRIC A BRAC“, што, воедно, е и наслов на неговото прво ЦД во 2011 год. Во истата година, ЦД има снимено и со клавирското трио „ВАМ“.

Неколку пати има настапувано и како солист со Македонската филхармонија, изведувајќи:
- 2005 – Концерт за виолина и виола од В.А. Моцарт со виолистот Блерим Груби ,
- 2007 – Концерт за виолина и виолончело од Ј. Брамс со виолончелистот Драган Ѓорѓевиќ ,
- 2014 – Концерт за виолина и оркестар од Филип Глас .
- 2018 – А. Шнитке, „Моц – Арт – Ала Хајдн“, која беше премиерна изведба во Македонија.

Од 1999 година работи во Македонската филхармонија како концерт-мајстор. Основач е на фестивалот за млади виолинисти ВИОЛИН ФЕСТ.

**2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата**

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во оваа област, кандидатот вонр. проф. м-р Владимир Костов изведува настава од прв и втор циклус по предметите Виолина и Оркестарски делници. Бил член на 10 дипломски и еден магистерски труд.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатот Владимир Костов е основач и уметнички раководител на проектот „Виолин фест“ од 2013 година, па до денес. Овој проект ги застапува младите талентирани виолинисти во фаза на едукација од музичкообразовните центри од Македонија и пошироко. Во текот на изминативе години, на овој проект настапиле голем број на талентирани виолинисти, носители на високи награди на регионалните, државните и меѓународните натпревари. Овој проект од самиот почеток стана препознатлив меѓу стручната и пошироката јавност, како и голем двигател во културниот живот во државата.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот Владимир Костов добил позитивни оценки од сите анонимно спроведени анкети на студентите на Факултетот за музичка уметност во Скопје во периодот од неговиот последен избор во звањето вонреден професор до денес.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Владимир Костов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Владимир Костов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научната област: видови инструменти (виолина).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, м-р Владимир Костов да биде избран во звањето **редовен професор** во научната област: видови инструменти (виолина).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**1. Проф. м-р Олег Кондратенко, с.р.**
**2. Проф. м-р Љубиша Кировски, с.р.**
**3. Проф. м-р Михајло Куфојанакис, с.р.**

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Владимир Костов**
Институција: **Факултет за музичка уметност – Скопје**
Научна област: **видови инструменти (виолина) (60910)**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА – ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1. | За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус | ДА |
| 2. | Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата<br>(да се наведат/опишат) | Владимир Костов е еден од најистакнатите македонски виолинисти. Со секој негов нов настап се потврдува фактот дека во неговата личност, која со својот несомнен талент, рафинираност, сензитивност и изразита индивидуалност, македонската музичка сцена добива виолинист со длабокочувствителни музички идеи.<br>Со своето богато долгогодишно искуство, м-р Владимир Костов дава голем придонес во професионалното и уметничко формирање на студентите на првиот и вториот циклус. Тој ја остварил својата многу значајна функција во поставување на музичките дела и нивната јавна презентација, не само за потребите на наставно-образовниот процес на Факултетот, туку и на музичките сцени во Македонија и во странство. |
| 3. | Има способност за наставна работа | ДА |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
**1. Проф. м-р Олег Кондратенко, с.р.**
**2. Проф. м-р Љубиша Кировски, с.р.**
**3. Проф. м-р Михајло Куфојанакис, с.р.**

## ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Владимир Сотир Костов**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Факултет за музичка уметност – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: видови инструменти (виолина)**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Одржување настава од прв циклус студии | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Виолина и оркестарски делници, учебна 2017, летен семестар, неделен фонд 10 часа | 6 |
| 2. | Виолина и оркестарски делници, учебна 2017/2018, зимски семестар, неделен фонд 10 часа | 6 |
| 3. | Виолина и оркестарски делници, учебна 2017/2018, летен семестар, неделен фонд 10 часа | 6 |
| 4. | Виолина и оркестарски делници, учебна 2018/2019, зимски семестар, неделен фонд 10 часа | 6 |
| 5. | Виолина и оркестарски делници, учебна 2018/2019, летен семестар, неделен фонд 10 часа | 6 |
| 6. | Виолина и оркестарски делници , учебна 2019/2020, зимски семестар, неделен фонд 10 часа | 6 |
| 7. | Виолина и оркестарски делници, учебна 2019/ 2020, летен семестар, неделен фонд 10 часа | 6 |
| 8. | Виолина и оркестарски делници, учебна 2020/2021, зимски семестар, неделен фонд 10 часа | 6 |
| 9. | Виолина, втор циклус, учебна 2018/2019, зимски семестар, неделен фонд 1 час | 0,75 |
| 10. | Виолина, втор циклус, учебна 2018/2019, летен семестар, неделен фонд 1 час | 0,75 |
| 11. | | |
| 12. | | |
| 13. | | |
| 14. | | |
| 21. | | |
| 22. | | |
| 23. | | |

| | | |
|---|---|---|
| 24. | | |
| 25. | | |
| | **Вкупно** | **49,5** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерски труд (1) | 2 |
| | | |
| | **Вкупно** | **2** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Солистички концерт со Марија Ѓошевска, 28.11.2017 | 8 |
| 2. | Солист со Македонска филхармонија, 4.5.2018 | 8 |
| 3. | Концерт со „Con tempora“, 29.3.2017 | 2 |
| 4. | Концерт со камерен ансамбл во Едеса, 18.3.2017 | 2 |
| 5. | Настап на мултимедијален концерт, 15.12.2017 | 2 |
| 6. | Настап во Француска амбасада, 14.6.2018 | 2 |
| 7. | Концерт со камерен ансамбл – Скопје, 8.12.2018 | 2 |
| 8. | Концерт со камерен ансамбл (репризен), Велес, 9.12.2018 | 1 |
| 9. | Концерт „Авторска музика на Дамјан Темков и Филип Иванов“, 5.5.2018 | 2 |
| 10. | Камерен концерт со Борис Березовски, 29.5.2019 | 2 |
| 11. | Авторски концерт на Гоце Коларовски, Скопје (репризен), 16.11.2019 | 1 |
| 12. | Авторски концерт на Гоце Коларовски на НИМУС – Ниш, 5.11.2019 | 2 |
| 13. | Член на камерниот оркестар NO BORDERS – концертна турнеја, 2018 | 1 |
| 14. | Член на камерниот оркестар NO BORDERS – концертна турнеја, 2019 | 1 |
| 15. | Настап на „Денови на македонска музика“, Авторска вечер на Г. Коларовски, 16.9.2020 | 2 |
| 16. | Настап на „Денови на македонска музика“, Авторска вечер на Благој Цанев, 19.10.2020 | 2 |
| 17. | Концерт-мајстор на Македонска филхармонија (10 настапи), 2017 | 2 |
| 18 | Концерт-мајстор на Македонска филхармонија (10 настапи ), 2018 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 19 | Концерт-мајстор на Македонска филхармонија (10 настапи), 2019 | 2 |
| | **Вкупно** | **46** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Член на национална жири-комисија – ОХРИД ТЕ САКАМ, 2017 | 1 |
| 2. | Член на меѓународна комисија – ОХРИДСКИ БИСЕР, 2020 | 2 |
| | **Вкупно** | **3** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | | |
| | **Изготвување и пријавување на уметнички национален проект** | |
| 1. | Ревијален концерт на млади виолинисти ВИОЛИН ФЕСТ, 2017 | 1 |
| 2. | Ревијален концерт на млади виолинисти ВИОЛИН ФЕСТ, 2018 | 1 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | **2** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **49,5** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **2** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **46** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **3** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **2** |
| | |
| **Вкупно** | **102,5** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
**1. Проф. м-р Олег Кондратенко, с.р.**
**2. Проф. м-р Љубиша Кировски, с.р.**
**3. Проф. м-р Михајло Куфојанакис, с.р.**

*Прилог бр. 4*

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИДЕОЛОШКИТЕ ПРЕФЕРЕНЦИ ЗА МОДЕЛОТ НА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ПЕРЦЕПЦИИ НА РАЗЛИЧНИ ГРУПИ НА ИНТЕРЕС“ ОД М-Р ЕЛИСАБЕТА ОЛОГУ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 7.9.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Елисабета Ологу со наслов ,,Идеолошките преференци за моделот на социјална политика во Република Македонија: перцепции на различни групи на интерес“, во состав: проф. д-р Сузана Борнарова (претседател), проф. д-р Маја Геровска Митев (ментор), проф. д-р Ило Трајковски (член), проф. д-р Светлана Трбојевиќ (член) и проф. д-р Наташа Богоевска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Елисабета Ологу, со наслов „Идеолошките преференци за моделот на социјална политика во Република Македонија: перцепции на различни групи на интерес“, содржи 306 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 139 фусноти, 200 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 5 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува дека идеологијата е недоволно истражена во општествените науки и често се гледа како секундарна влијателна варијабла. Во таа насока, кандидатката ја заснова тезата дека, во контекст на државата, постојат докази за врската помеѓу развојот на социјалната држава и идеолошките сили. Кандидатката аргументира дека социјалните политики во Северна Македонија, слично на другите посткомунистички земји, доживеале енергични трансформации во однос на системите за социјално осигурување. Таа посочува дека за време на транзицискиот период, со посебен фокус во последната деценија, социјалните политики се развивале како произволни интервенции со евидентен недостаток на експертиза, првенствено потпирајќи се на економски раст, демографски промени и меѓународна финансиска помош. Покрај тоа, се аргументира дека идеолошките влијанија во социјалната политика во најголем дел се поврзани со идеолошките преференции на владеачката политичка партија. Затоа, во тезата е широко дискутирана државната идеологија како движечка сила во примената на специфичен модел на социјална политика.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Преглед на литература“. Таа е составена од три потпоглавја: првото потпоглавје ги

разгледува теоретските пристапи имајќи ги предвид двете варијабли, идеологија и социјална политика, а потоа дава теоретски дискусии во врска со социјалната држава, дефиниции на социјалната политика, улогата на државата, пазарот и други варијабли меѓусебно поврзани со социјална политика. Ова потпоглавје завршува со преглед на најрелевантните идеолошки пристапи во истражувањата за социјалната политика. Во второто потпоглавје, се разгледуваат теоретските дебати во социјалните посткомунистички земји и главната улога на економските перформанси и наследството од поранешниот социјалистички систем. Во ова потпоглавје, исто така, е опфатена и анализа заснована врз студија на случај. Во потпоглавје три, користејќи дедуктивен пристап во прегледот на литературата, се анализираат социјалната држава во контекст на Северна Македонија и реформите во пет домени: образование, здравствена заштита, социјална заштита, невработеност и пензии. Поглавјето за преглед на литература завршува со последното потпоглавје, кое е фокусирано на улогата на групите на интерес и политички партии во процесите на креирање социјална политика. Исто, овие две се целни групи и за емпирискиот дел.

**Втората глава** ги анализира методите што се користат за собирање на податоци, истражувачки алатки и методите на анализа. Во поглавјето за методологија, се донесуваат заклучоци преку објаснување на одредени методолошки ограничувања во мерењето на јавната перцепција на целните групи, членови на групите на интерес и политички партии.

За испитување на поставените хипотези, кандидатката користи квалитатитвна и кванитативна методологија. На тој начин, кандидатката успева да одговори на сите истражувачки прашања и да ги тестира хипотезите, преку кои доаѓа до постигнување на целите на истражувањето и целта на дисертацијата. Покрај тоа, истражувањето обезбедува проценка на најрелевантните тековни домени на политиките преку анализа на документи и проценка на перцепцијата на групи на интерес и членови на политички партии, преку емпириски тестови. Истражувањето е фокусирано на примарни и секундарни ресурси на податоци. Вклучува документи на јавна политика, истражување, длабински интервјуа со актери кои поседуваат знаење во врска со процесите на социјална политика, политички партии, синдикати, организација на работодавачи, студентски/ младински организации, родителска организација, и/или слично). Дел од истражувањето е и студија на случај, која има за цел да ги испита сличностите помеѓу два истражувачки контексти. Имено, дел од студијата е анализа на албанските социјални политики преку длабински интервјуа и други јавни ресурси и потоа, преку компаративен пристап се прикажани социјалните структури и процеси во двете земји, Северна Македонија и Албанија. Оваа компаративна анализа е дадена врз основа на претпоставки во врска со многу сличности што можат да се препознаат меѓу двете земји во однос на институциите, економскиот развој, влијанието на меѓународните финансиски организации, процесот на интеграција во ЕУ итн.

Перцепциите емпириски измерени во ова истражување имаат индикативен карактер. Како и да е, примерокот избран за тестирање на варијаблите е особено важен, особено испитаниците од групите на интерес кои можат точно да го претставаат посочениот сегмент од населението.

**Третата глава** претставува анализа на податоците и резултатите. Преку емпириско истражување, ова поглавје истражува некои од најрелевантните идеолошки преференци на групите на интерес и политичките партии во врска со моделот на социјална политика во Северна Македонија. Квантитативната анализа ги вклучува податоците на 360 испитаници кои учествуваа во анкетата, а квалитативната анализа вклучува наоди од интервјуа со 13 експерти. Согласни

добиените податоци, еден од заклучоците кои произлегува е фактот дека разликите во перцепциите/преференците помеѓу двете групи на испитаници постојат особено кога се анализираат одделно, иако тие делат заеднички преференци кога перцепциите се мерат заедно. Врз основа на дел оф наодите од ова поглавје, двете групи споделуваат висока компатибилност во однос на нивните сфаќања за улогата на државата, пазарот и семејството во врска со обезбедувањето или администрирањето на социјалната благосостојба. Двете групи го перцепираат заедничкото влијание помеѓу државните и пазарните сили, но постои разлика во тоа како ги рангираат. Запрашани посебно, групите на интерес изгледаат повеќе ориентирани кон пазарот, или подобро, тие велат дека ја препознаваат важноста и улогата на пазарот во државата на благосостојба, но сметаат дека придонесот на пазарот треба да се калибрира преку соодветна социјална политика (државна интервенција). За нив, пазарот е на прво место во однос на обезбедувањето и администрирањето на благосостојбата, потоа семејството како важен (неформален) ресорт за социјална благосостојба, и на крајот државата. За политичките партии, државата е на прво место, потоа следува улогата на семејството и на крајот, улогата на пазарот. Улогата и придонесот на пазарот се претерано важни за групите на интерес, бидејќи многу од нив се дел од профитниот и непрофитниот сектор кој обезбедува социјални услуги. Нивото на свесност за нив е повисоко во однос на улогата на пазарот.

Во **четвртата глава**, резултатите од истражувањето се анализирани преку дискусија со други слични истражувања и поврзување со теоретските дебати, кои се широко дискутирани во поглавјето за преглед на литературата. Кандидатката на прецизен начин ги поврзува дискусиите со секое поставено истражувачко прашање. Така на пример, во врска со третото истражувачкото прашање, чија цел е да се идентификуваат идеолошките вредности на доминантните политички партии во контекст на земјата во сферата на благосостојбата, резултатите (од Х3.1 до Х3.3) покажуваат дека во реалноста, членовите на политичките партии генерално немаат знаење во однос на идеолошките вредности на соодветната политичка партија. Во однос на ова истражувачко прашање, контроверзните резултати покажаа дека и покрај политичката партија, сите сметаат дека прифаќаат левичарски политички вредности за социо-економски прашања. Ова е спротивно од она што претходно е резултат во истражувањето на Климовски и соработниците (Klimoski et al. 2016) дека идеолошката разновидност е уште поголема благодарение на етничката, социјалната и верската хетерогена природа на Македонија. Резултатите на дисертацијата на Ологу повеќе ги поддржуваат претходните наоди од Христова (Hristova, 2011), која тврди дека политичките идентитети се темелат на алтернативната поделба помеѓу либерализмот и конзервативизмот, базирана на вредности и особено на националниот идентитет.

**Во заклучните согледувања**, кандидатката внимателно, без да излегува од рамки на наодите кои ги нуди докторското истражување, посочува одредени дилеми, како: Зошто неолиберализмот ја загрозува социјалната политика во Северна Македонија?; Дали се залагаме за пријателско пазарна социјална политика како што наметнува неолибералната агенда?; Нови насоки за социјалната политика. Кандидатката дава само неколку (генерички) препораки за институциите од јавен интерес и другите актери вклучени во продукцијата и обезбедувањето на благосостојба, со цел да се одржат горенаведените дилеми како можност за понатамошно истражување фокусирано во една или повеќе домени на социјална политика.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување во оваа докторска теза е концептот на идеологија и неговото влијание врз социјалната политика во контекст на Северна Македонија, како и до кој степен идеологијата може да биде влијателна во применетиот и развиен „модел на социјална политика“. Оваа дисертација се обидува да ги анализира идеолошките дебати во врска со улогата на државата во некои домени на социјалната политика. Особено се фокусира на анализа на реформските процеси за развој на идеи и политики во домените: образование, здравство, социјална заштита, невработеност и пензии. За таа цел, истражувањето ги опфаќа односите помеѓу идеологијата и социјалната држава и ги мери перцепциите на групите на интерес и политичките партии во врска со идеолошките преференции за моделот на социјална политика во земјата. Овие преференции се мерат емпириски со употреба на квантитативни и квалитативни методи.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Гледано на ниво на меѓународни истражувања, идеолошките специфики на социјалните политики имаат долга историја во рамки на општествените науки, како во рамки на политичките науки, социологијата и социјалната политика, така и во други сродни и интердисциплинарни науки. Истражувачката работа на Маршал (Marshall, 1950; 1963; 1981), Титмус (Titmuss, 1958, 1974 и 1976), Бригс (Briggs, 1961) и Еспинг-Андерсен (Esping-Andersen 1990) се само некои од најрелевантните дела за дефинирање на мисијата на социјалната политика. Истражувачката работа на Титмус (Titmuss) се смета за пионерска во дефинирањето на социјалната политика како академска дисциплина и во обидот да ја објасни социјалната политика како средство во рамките на идејата за социјална држава. Додека се осврнува на социјалната политика, Маршал (Marshall) го користел концептот на државјанство.

Покрај тоа, Еспинг-Андерсен (Esping-Andersen) со својата книга „Трите света на социјалниот капитализам“ (1990) е клучна референца, но и предмет на дебати поради неговите ограничувања, бидејќи неговата работа е фокусирана во демократските земји членки на ОЕЦД, додека другите модели на благосостојба се исклучени од неговата анализа. Како и да е, тој, исто така, нуди разбирање за социјалната држава. Во ова истражување, широко е анализирана работата на Еспинг-Андерсен и истражувањето се фокусира на недостаток на примена на неговите модели на благосостојба, во земјите во развој и посткомунистичките земји. Историчарот Аса Бригс (Asa Briggs) смета дека социјална држава е „држава во која намерно се користи организираната моќ (преку политика и администрација) во обид да се измени играта на пазарните сили во најмалку три насоки“ (Briggs, 1977, стр. 29). Бригс, исто како и Маршал (Marshall, 1950) и Титмус (Titmuss, 1958), ја поврзува социјалната политика со концептот на државјанство. Други научници подоцна, како што се Корпи (Korpi, 1980; 1983) и Еспинг-Андерсен (Esping-Andersen, 1990; 1999), исто така пристапиле кон социјалната политика, користејќи го концептот на државјанство. Повеќето од првичните и подоцнежните придонеси ја признаваат улогата и одговорноста на владата како главна карактеристика во обезбедувањето социјални надоместоци. Како што тврди Мишра (Mishra, 1990), генералниот принцип кој стои зад социјалната држава е дека владите можат и треба да преземат одговорност за одржување на пристоен минимален стандард на живот за сите граѓани.

Неодамнешните студии во посткомунистичките земји сугерираат дека треба да се анализираат многу фактори за да се објасни природата на социјалната држава. Бидејќи посткомунистичките земји веќе го надминаа периодот на транзиција, тие мора постојано да ги проценуваат своите социјални

политики, решавајќи го прашањето не само за тоа колку да потрошат, туку и за тоа како да ги насочат овие трошоци за најдобро решавање на новонастанатите социјални проблеми (Orenstein, 2008, стр. 93).

Во обидот да се идентификува применетиот модел на социјална политика, концептот на идеологија останува високо апстрактен во анализата на државата на благосостојба. Постои јаз помеѓу идеологијата на социјалната држава на теоретско ниво и политиките спроведени во пракса. Овој јаз станува поголем поради недостаток на реални идеолошки вредности на политичките партии при владеење и дизајнирање јавни политики. Следствено, во иднина, анализите, дискусиите и препораките треба да бидат фокусирани кон улогата на политичките партии директно, и потоа и на влијанието на другите групи на интерес. За да се зголеми објективноста на оваа типологија на истражувања, би било препорачливо (во иднина) фокусот да се насочи само кон една од идеологиите и социјалната држава. На пример, ставови на популистичка десничарска политика и социјална политика, или левичарски политички идеологии и социјалната држава, итн.

**Краток опис на применетите методи**

Методите вклучени во истражувањето се анкета; интервјуа (стручно мислење); студии на случај и анализа на содржина на документи. Најголема предност на комбинираната методологија е фактот што опфаќа употреба на иновативни методи за подобрување на учеството и на поединци и на групи во исто истражување. Како и да е, тоа има свои недостатоци во однос на одземањето време и тешкотијата да се опфатат голем број на учесници.

Квантитативниот метод на истражување се користи за собирање информации преку нумерички податоци. Се користи за квантифицирање на перцепциите на испитаниците во однос на однапред дефинирани променливи. Специфично, користениот квантитативен метод на истражување во ова истражување е употребен со две целни групи.

За потребите на истражувањето, применети се два прашалника со две целни групи. Содржината на прашалникот во најголема мера е иста и тој има однапред определено број на затворени прашања.

Вториот инструмент што се применува за емпириско собирање на податоци се однесува на квалитативниот дел од студијата. Спроведени се длабински интервјуа со експерти од областа на социјалната политика. Секундарни извори на податоци: со оглед на периодот земен за анализата и сложеноста на темата, ограничен број документи се избрани да бидат дел од истражувањето. Овие документи вклучуваат закони, национални стратегии, изборни програми и сл.

Емпириските докази во ова истражување се анализирани квантитативно и квалитативно. За квантитативна анализа на податоци, дадена е пресметка на фреквенциите и разликите помеѓу променливите. Статистичката анализа е обезбедена со употреба на SPSS. За проверка и анализа на обемот и природата на односите помеѓу различните варијабли, кандидатката користи методи на корелација и регресија.

За тестирање на хипотезите се користени статистичките операции: коефициент на корелација на Пирсон, линеарна регресија (факторска анализа), Т-тест за просечна разлика (независен примерок за Т-тест и анализа на варијанса - „ANOVA“) и Хи-квадрат тест.

За квалитативните податоци, анализата е обезбедена преку анализа на содржина и, поконкретно, преку методот на рамковна анализа (framework analysis).

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Генерално, наодите презентирани во оваа дисертација покажуваат дека сѐ уште постои ниско ниво на знаење кај групите на интерес, политичките партии и експертите при инкорпорирање на идеолошката компонента во анализата на социјалната држава. Повеќето од нив случајно ја доживуваат идеологијата на социјалната држава како директен избор на владејачката политичка партија. Од друга страна, резултатите покажаа дека повеќето членови на политичките партии традиционално имаат тенденција да ги припишуваат главните одговорности на државата и државните институции, без оглед на политичката идеологија на партијата во која се активни или ја симпатизираат.

Заеднички измерени, севкупните резултати покажуваат дека групите на интерес и политичките партии, и покрај типологијата и идеологијата на партијата, имаат тенденција да ги прифатат социјалдемократските идеолошки вредности во однос на режимот на благосостојба и претпочитаат левичарски политички вредности во однос на политички идеологии. Врз основа на вкупните одговори од двете групи кои се дел од истражувањето, може да се заклучи дека во суштина, преку преференциите за поуниверзалистичка социјална политика, тие се противат на таргетираната социјална политика наметната од неолибералната агенда. Тенденцијата да се преферира државниот интервенционизам како идеолошка вредност, во контекст на земјата, се соочува со постојната политика за благосостојба која има тенденција да биде многу понеолиберална и да ја прошири улогата на пазарот во секој случај.

Севкупните резултати покажуваат дека има дел од идеолошките преференции од двете групи кои имаат тенденција да преминат од социјалдемократија кон конзервативни или барем кон полиберални/неолиберални преференции. Како и во другите претходни истражувања, во некои сегменти се потврдуваат таканаречените „традиционални преференции“ на групите на интерес и политички партии да бидат особено настојувачки кон државите и државните институции во однос на припишувањето на главната одговорност на државата. Затоа, државата се претпочита и се смета за главен обезбедувач и контролор на благосостојбата во многу домени на социјалната политика.

Групите на интерес се залагаат за универзалистичката идеја за социјална политика во која придобивките (особено социјалните трансфери) се прошируваат и не се намалуваат како што е во моментов во моделот на социјална политика, развиен под неолиберално влијание. Неолибералните влијанија во социјалната политика се чини дека се делумно оспорени од групите на интерес, во однос на преференците. На пример, мешаниот модел на благосостојба е подобар во многу домени и често се смета дека е посоодветен, особено за давање социјални услуги. Сепак, мешаниот модел на финансирање на главните домени (како што се социјална заштита, здравствена заштита, пензии, итн.) останува континуирано прашање на многу нивоа. Особено со враќањето на нискиот рамен данок на доход и регресивните даноци на расходи.

Вкупните резултати, делумно се контрадикторни со многуте постоечки теоретски претпоставки, кои се поставениа како почетна точка за формулирање на главните хипотези во оваа дисертација. Како и да е, од друга страна овие резултати даваат нови оригинални сознанија, кои во иднина треба дополнително да се испитаат.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Елисабета Ологу, со наслов „Идеолошките преференци за моделот на социјална политика во Република Македонија: перцепции на различни групи на интерес“, претставува

истражување во научното подрачје социјална политика. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да даде мерливи податоци за идеолошките преференци на социјалната политика, да го покаже соодносот меѓу вредносните очекувања/перцепции на групите на интерес и конкретните контури на социјалната политика во национален контекст. Оригиналниот придонес на оваа докторска дисертација нуди можност за согледување на специфичните идеолошки преференци за моделот на социјална држава и можните импликации за идниот развој на социјалната политика во државата. Имено, согледувајќи ја контрадикторноста на резултатите помеѓу перцепциите за посакуваната идеолошка матрица на социјалната политика во државата и актуелните трендови за сè поголемо префрлање на ингеренциите на државата кон останати даватели на услуги (приватен сектор, цивилен/граѓански сектор и сл.), се поставува прашањето како носителите на одлуки одлучуваат за принципите, опфатот и актерите во социјалната држава.

Се очекува дека оваа докторска дисертација ќе поттикне: зајакнување на научните истражувања и дискусии за идеолошкиот модел на социјална политика; ќе иницира преиспитување на актуелниот модел на социјална политика и поврзаноста со очекувањата и потребите во социјалната заштита; ќе претставува поттик за поголемо вклучување на засегнатите страни, како различни групи на интерес во дискусиите за профилирање на моделот на социјална политика во државата.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Елисабета Ологу, со наслов „Идеолошките преференци за моделот на социјална политика во Република Македонија: перцепции на различни групи на интерес“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

| | **Рецензент на книга:**<br>Mustafa Ibrahimi, ***Praktikum i gjuhës shqipe me kulturë shkrimi 1.*** Interlingua. Shkup 2018.<br>Ајтен Хајдари-Ќамили, ***Gjuhësia shqiptare***, Stobi Trejd Dooel, Shkup, 2019.<br>Asllan Hamiti, ***Shtjellime gjuhësore***, Shkup, 2020.<br>Mustafa Ibrahimi, ***Atlasi dialektologjik i të folmeve shqipe në Republikën e Maqedonisë së Veriut.*** Vëll II – Veglat tradicionale. Interlingua, Shkup, 2020. | 1<br>1<br>1<br>1 |
| | **Вкупно** | **4** |

| | | |
|---|---|---|
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| 1.1. | Раководител на Катедрата за албански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, од 15. 09. 2020 год. | 3 |
| **2.** | **Член на факултетска комисија:** | |
| | Член на Наставно-научниот колегиум за научната област наука за јазик, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, за 2018 год. | 0,5 |
| 2.1. | Член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, за 2018 год. | 0,5 |
| 2.2. | Член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, за 2019 год. | 0,5 |
| 2.3. | Член на Комисија за евалуација на ниво на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, за 2018 год. | 0,5 |
| 2.4. | Член на Комисија за евалуација на ниво на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, за 2021 год. | 0,5 |
| 2.5. | Член на Редакциски одбор на меѓународното научно списание „Современа филологија“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, за 2019 год. | 1 |
| 2.6. | Член на Редакциски одбор на меѓународното научно списание „Современа филологија“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, за 2020 год. | 1 |
| 2.7. | Член на комисија за избор во звање 1 x 0.2 = 0.2 | 0.2 |
| **3.** | **Координатор на студиска програма** | |
| | | |
| **4. Учество во комисии и тела на државни и други органи:** | | |
| 4.1 | Независен читач на државната матура по предметот Албански јазик и литература, Државен испитен центар, 2018 – 2019 год. | 1 |
| 4.2 | Предавач на обуката за директори, Државен испитен центар, ноември (Модул 3 - Луѓето во организација), 2018 – октомври 2019 год. | 1 |
| 4.3 | Предавање и обука на преведувачи и на лектори од државните институции во РСМ во Агенцијата за примена на јазикот (АПЈ) | 1 |
| 4.4 | Обука за стручно усовршување на наставниот кадар – наставници од средните училишта на тема: *Современи концепти на средно образование* | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | *– новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење* во реализација на Академија Ц.Е.С | |
| | **Вкупно** | **11.7** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **149,4** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **68** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **4** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **11,7** |
| **Вкупно** | **233,1** |

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Аслан Хамити, редовен професор, с.р.
2. Д-р Хаки Имери, редовен професор, с.р.
3. Д-р Авзи Мустафа, редовен професор, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АВТОБИОГРАФСКИОТ ДИСКУРС: КНИЖЕВНО-ТЕОРИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО МАКЕДОНСКИ БЕЛЕТРИСТИЧКИ РАМКИ (19 И 20 ВЕК)“ ОД М-Р НАТАША МЛАДЕНОВСКА-ЛАЗАРЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на шеесеттата редовна седница одржана на 16.6.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Младеновска-Лазаревска со наслов „Автобиографскиот дискурс: книжевно-теориски импликации во македонски белетристички рамки (19 и 20 век)“, во состав: проф. д-р Венко Андоновски, претседател, проф. д-р Ангелина Бановиќ-Марковска, ментор, проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска, член, проф. д-р Јасна Котеска, член, и проф. д-р Кристина Николовска, член.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Младеновска-Лазаревска, со наслов „Автобиографскиот дискурс: книжевно-теориски импликации во македонски белетристички рамки (19 и 20 век)“, содржи 240 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со Normal проред и големина на букви 12, со 52 фусноти, 101 библиографска единица, меѓу нив научни трудови, книги, статии, интернет-ресурси.

Трудот е структуриран како целина составена од **вовед** и **осум глави:** 1. За примарниот интерес на автобиографијата; 2. Автобиографскиот дискурс на Прличев, континуиран дијалог меѓу можниот и реалниот живот; 3. Автобиографскиот дискурс на Марко Цепенков, рефлекс на националните погледи на авторот кон едно време на препород и културно самоосвестување; 4. Ракописи од интимен карактер: виртуелна реалност и симулирана фикционалност на писмото; 5. Проблематизирање на идентитетот во нарушената општествена, социјална и културна стварност („Егејци“ од Кица Колбе); 6. Автобиографијата и фикцијата на примерот на романот Insomnia од Димитрие Дурацовски; 7. За автобиографско-мемоарскиот дискурс на Коле Чашуле; 8. Мемоарската душевна таблица на Трајан Петровски. Трудот содржи **заклучни согледби и користена литература**. Деловите (главите) се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, кандидатката ги изложува предметот и целите на истражувањето, ги поставува хипотезата и истражувачките прашања и ја дава теоретската рамка, заедно со методите на своето истражување. Таа укажува дека како саможиво(то)пис, автобиографизмот е посебен облик на дискурзивна практика, која е провокативна за проучување и како книжевна постапка. Кандидатката дава увид во овој поим од аспект на книжевната теорија и книжевната историја, преку истакнување на општествените и дискурзивните стратегии битни за неговото создавање, разгледувајќи ги при тоа и модалитетите на текстуалното производство на раскажувачкиот субјект. М-р Младеновска-Лазаревска истакнува дека автобиографијата најчесто се дефинира како раскажување за сопствениот живот, но со строго поставено вето врз имагинативниот импулс. Потпирајќи се на реални настани од животот кои книжевно се трансформираат и интерполираат во фиктивниот дискурзивен контекст, автобиографскиот наративен дискурс ги укинува границите меѓу фикцијата и стварноста, почитувајќи го „автобиографскиот договор“ на Филип Лежен, меѓу писателот и читателот. Авторката констатира дека тој договор е оперативен само за класичните автобиографии, со автодиегетска нарација (во

кои функционира формулата автор=раскажувач=лик). Современите автобиографски модели користат и други раскажувачки формули кои откриваат хомодиегетска нарација во која раскажувачот и ликот се идентични, но ниту еден од нив не мора да е идентичен со авторот. Затоа, кандидатката го истакнува и местото на дискурсот во нарацијата. Според неа, перспективата на раскажувањето мора да биде ретроспективна, што не исклучува автопортретирање, дневнички, мемоарски или есеистички записи, односно не ја исклучува хрониката, во смисла на општествена и политичката историја, која исто така има свое место во автобиографијата. Оттаму, една од целите на нејзиното истражување е колку во автобиографските текстови од 19 век, во кои доминира референцијалниот однос кон јавното, може да се идентификува интимното, односно автореференцијалната позиција на раскажувачкиот субјект. Од друга страна, пак, преку интерпретацијата на делата од современата македонска книжевност, кандидатката укажува дека ќе ги проследува начините според кои се реализира автобиографизмот како исклучително важен израз, не само во културно-општествениот контекст, туку и во авторските преференции кон интимното, опишувајќи ги наративните техники кои балансираат меѓу надворешните очекувања и внатрешни потреби на автобиографскиот субјект.

Како ментор би сакала да истакнам тука дека при теориската интерпретација на оваа тема, кандидатката користи прво лице еднина која на трудот му дава самосвесна и смела теориска димензија, претворајќи го нејзиниот дискурс во моќен авторски глас.

**Првата глава** од докторската дисертација на м-р Младеновска-Лазаревска е насловена „За примарниот интерес на автобиографијата“. Авторката прави импресивен и сеопфатен преглед на најважните теориски концепти. Го отвора прашањето за човечката субјективност, една од највпечатливите теориски поставки на автобиографскиот дискурс, која со својата проблематичност го надминува интересот за автобиографијата како традиционална творба. Затоа во својот труд Младеновска-Лазаревска му посветува внимание на поимот ,,графо“ (γράφειν), кој ги надградува деталите од нечиј  живот, откривајќи ја автобиографската мисла во којашто се концептуализирал парадоксот за човечката субјективност. Таа истакнува дека во современите теориски расправи, автобиографијата влегла на преминот од педесеттите кон шеесеттите години на дваесеттиот век, паралелно со актуелната разработка на теориската парадигма за модерен роман. Така, автобиографијата се артикулирала не само како жанр, туку и како своевиден проект на автобиографската култура. Според авторката на оваа дисертација, субјективноста (како концепт) реферира на еден внатрешен психички простор, кој во својата тополошка димензија е определен од серија ментални потконцепти, како идентитет, свесност, рационалност, волја, перцепција, интуиција, намера. Тие ја нарушуваат примордијалната граница меѓу поимите внатре-надвор, интимно-јавно, при што автобиографот станува истовремено и објект и субјект на сопствениот дискурс, заклучува м-р Младеновска-Лазаревска, потенцирајќи ја ,,спекуларната структура“ на автобиографското пишување. Оттаму, кандидатката ја застапува тезата дека автобиографијата не може да се канонизира како книжевен жанр, поаѓајќи само од положбата на авторот во текстот, туку дека треба да се тргне и од позиција на читателот при анализата на автобиографското дело.

**Втората глава** од овој труд е посветена на Прличевата *Автобиографија*. Имајќи ја предвид претпоставената идентичност меѓу авторот, раскажувачот и ликот (засведочена од читателот преку примената на прво лице еднина), м-р Младеновска-Лазаревска констатирра дека во автобиографскиот текст на Прличев е испочитуван „автобиографскиот договор“ на Филип Лежен. Станува збор за типична автобиографија, со автодиегетска нарација на која ѝ е приспособено едно континуирано ретроспективно раскажување, збогатено со политички, историски и општествени аспекти кои го откриваат националното чувство на наративниот субјект. Во таа насока, повикувајќи се на теориските размислувања на Морис Албваш и Јан Асман, дека индивидуалното помнење е во интеракција со општественото, значаен дел од нашето гледање на себеси произлегува од тоа како другите нè гледаат нас. Оттаму, Младеновска-Лазаревска истакнува дека при пишувањето на својата автобиографија, Прличев врз себе го понел товарот од спомените на општествено-историските случувања кои ја обликувале сликата за тој временски период. Таа смета дека раскажувачката стратегија на овој автор реферира кон националниот препород, не запоставувајќи го сопствениот развој и афирмација. Според

Младеновска-Лазаревска, Прличев поаѓа од едно темелно јас што допира до биолошкото суштество кое попримило социјални димензии а тоа е темелот кој ја гарантира стабилноста на идентитетот. Согласувајќи се со хрватската теоретичарка Андреа Златар, дека како приказна за еден живот, автобиографијата е „заправо биомимеза, или уште попрецизно биодиегеза“, докторантката констатира дека „автобиографскиот дискурс е задолжен да го постави сепството (субјектот-јас) во центарот на говорниот чин, а токму тоа јас се поставува себеси како објект на исказот во просторно-временската перспектива на записот; јас се посматра себеси како приказна, се раскажува како себе-приказна, што секако е резултат на интересот што автобиографијата го дели со субјективниот, интимен говор или говор на фикцијата“. Младеновска-Лазаревска нагласува дека автобиографскиот субјект ги испитува границите меѓу историското и наративното време, зашто егзистенцијата е основната негова определба, па заклучува дека доминантна состојба на раскажувачкиот субјект во Прличевата *Автобиографија* (како и во повеќето автобиографии од епохата на романтизмот) е носталгијата, или како што тој ја нарекува „татковинска болест“. Оттаму, во својата минуциозна анализа, м-р Младеновска-Лазаровска заклучува дека мотивацијата на својот книжевен исказ Прличев ја базирал на една референцијална уверливост која отсликува едно историско време. Придржувајќи се до автобиографскиот договор меѓу испраќачот и примачот на пораките изнесени во автобиографијата, наративен субјект ја осознал потребата за национална еманципација, потенцирајќи го своето национално чувство. Тоа ја прави *Автобиографијата* на Прличев драгоцен документ на македонската преродба.

И во **третата глава** под наслов „Автобиографскиот дискурс на Марко Цепенков, рефлекс на националните погледи на авторот кон едно време на препород и културно самоосвестување“, авторката констатира дека станува збор за типична автобиографија со автодиегетска нарација која открива тесна поврзаност на авторот со судбината на македонскиот народ и неговата културна историја. Кандидатката констатира дека и во овој автобиографски текст доминираат политичките и општествено-историските случувања, наспроти внатрешната перспектива на доживувањето на субјектот. И во Цепенковата автобиографија ,,писмото е насочено кон јавно читање“, а раскажувачот е ,истовремено и учесник или очевидец на опишаните случувања и автор на раскажувањето (приказната), потврдувајќи го референцијалниот код на нарацијата. Авторката на докторскиот трудот нагласува дека Цепенковиот автобиографски дискурс „достигнала висок степен на самоосвестеност, но текст е значајно оптоварен со референцијалниот простор на јавното. Со тоа што ја прикажува историјата на сопствениот живот, раскажувачкиот субјект ја обликува и приказната, докажувајќи го своето присуство во неа, но и односот спрема другите луѓе кои помалку или повеќе го обележале неговиот животен развој, така што неговата ,,животна историја е резултат на заемното делување и акција помеѓу *јас* и останатите“ (2016; 53). Авторката истакнува дека наративниот субјект во овој автобиографски текст го нагласува односот на поединецот кон една повисоката културолошка цел, и дека ќе биде верифициран преку окото на јавноста, барајќи потпора во историското и социјално милје.

**Четвртата глава** е насловена „Ракописи од интимен карактер: виртуелна реалност и симулирана фикционалност на писмото“. Според истражувачката Младеновска-Лазаревска, за разлика од автобиографиите настанати во 19 век, автобиографскиот дискурс на текстовите од современата македонска книжевност, е насочен кон откривање на интимната перспектива на автобиографскиот субјект. Таа перспектива гради ,,приказна за себеси“ (,,story of the self“), ги преиспитува поимите вистина, меморија и субјект на помнење, проблематизирајќи ги аспектите на јаството и себството, минатото и сегашноста, фикцијата и стварноста, интимното и јавното. Докторантката истакнува дека ако за романтичарските биографии важи формулата *„јас* го пишувам својот живот“, за модерните автобиографии важи една пофлексибилна и поексклузивна наративната стратегија, одразена во формулата „јас го *пишувам* својот живот“, која јасно укажува дека наративен опсег е повеќестрано фокусиран кон раскажувачкиот субјект, преку него кон читателот, а преку читателот кон стварноста. Оттаму и потребата за класифицирање и жанровско систематизирање. М-р Младеновска-Лазаревска констатира дека во современите автобиографии „поимот на

приватното, како и ориентацијата кон внатрешната и интимна перспектива на автобиографскиот субјект, сведени се на ниво на послободна наративна структура, вградени во прозен облик кој поттикнува понепосредна и поаналитичка склоност кон раскажувачкиот (автобиографски) субјект, кој, пак, во овој модел на автобиографско писмо, ја одбира својата тема, го реализира начинот на нејзина обработка и дава сопствен коментар“. Оттаму таа, во продолжението на својата дисертација, ги опишува и ги систематизира општествените и дискурзивните стратегии кои учествувале во неговото создавање за да ги проследи модалитетите и облиците на текстуалното производство на раскажувачкиот субјект. Докторантката констатира дека како литературен режим, современата автобиографија ги надминува утврдените жанровски граници, како исповеден чин, што нè тера да се запрашаме за неговата улога во културниот и интертекстуалниот универзум, кој отвора перспективи кон едно интертекстуално патување.

И во **петтата глава,** која го носи насловот „Проблематизирање на идентитетот во нарушената општествена, социјална и културна стварност (,,Егејци“ од Кица Колбе)“, м-р Младеновска-Лазаревска отвора многу важни прашања. Говори за индивидуалното и колективното помнење, за конструирањето и репрезентирањето на автобиографскиот субјект и за просторот како гранична култура во која се формира идентитетот, па во дискурсот на Колбе препознава автобиографско женско писмо со впечатлива интертекстуална игривост. Со својот феноменолошки и филозофски призвук таа создава хибриден, полидискурзивен прозен текст кој стои на работ меѓу фикцијата и стварноста во која критички е претставена ситуацијата на бегалците од Егејска Македонија. Во овој дел од трудот, авторката го наметнува и прашањето за интерпретацијата на историографските случувања, и тоа од една апостериорна, постмемориска перспектива која ја отвора дилемата за сведокот како објективен набљудувач на една егзилантска приказна, за (не)вдоменоста и различните видови идентитет (колективен, општествен, индивидуален). При тоа, таа ги испитува и поимите *уметност на помнењето* и *култура на сеќавањето*, од аспект на социјалната условеност на индивидуалното помнење. Младеновска-Лазаревска констатира дека „ако не постојат спомени кои треба да се реконструираат, тогаш историското сеќавање може да создаде само празна рамка која не може да се пополни сама од себе“. Затоа ќе рече дека, со својот самосвесен автобиографскиот дискурс, Колбе презела „одговорност за вистината на едно историско случување кое продуцирало непринципиелен национален редукционизам“. Разоткривајќи ги колебливите граници на едно Јас кое поставувајќи си го прашањето за смислата на автобиографското пишување (како начин да се сочува идентитетот), Колбе ја избрала селективноста во постапката, ,,фингирајќи“ ја стварноста и градејќи нова семантичка приказна. Докторантката потсетува дека автобиографските текстови содржат и фикционални елементи, што потврдува дека секоја животна приказна може да се реконструира по пат на интерпретација и селекција на одделни случувања и додава: „на ниво на време на дискурсот, се конструира метаисториска приказна која ја легитимира фикциската сегашност, што на авторот му дозволува на селектираните случувања, доживувања, искуства, да не им придава подеднаква или слична важност. Целта кон која е насочен авторот е самиот тој, односно сликата што тој ја има за сопственото јас. Сè е во функција на таа ,,слика“, бидејќи од неа зависи крајниот исход: дека авторот ќе ја зборува вистината за својот живот и дека автобиографијата треба да биде читана како вистинска приказна за животот на авторот!“, пишува м-р Младеновска-Лазаревска.

Во **шестата глава**, „Автобиографијата и фикцијата на примерот на романот Insomnia од Димитрие Дурацовски“, докторантката Младеновска-Лазаревска констатира дека автобиографското раскажување не е обичен чин на самоизразување, туку еден полидискурзивен запис на што укажа и автобиографскиот текст Insomnia. Оваа дневничко фрагментарна проза го открива постмодернистичкото афтобиографско писмо на Дурацовски. Се работи за хибриден жанр кој значајно ја фингира стварноста преку цитати и промислувања од „туѓи“ автобиографии, филмови, ликовни и книжевни дела, како хронолоија на една документирана стварност. Кандидатката заклучува дека раскажувачкиот субјект се впишал себеси во реалноста на текстот,

огледувајќи се во сопствениот ракопис и вградувајќи се во сопствената бележница, која претставува жанровска одлика на самата автобиографија. Докторантката ја истакнува и улогата на читателот како соучесник во рецепцијата на делот. Поаѓајќи од позиција на читател, таа истакнува дека овој раскажувачки текст „е стварен, поради тоа што е прераскажан“, па заклучува дека тука фикцијата ја произведува стварноста во која интертекстовите на историјата и оние на фикцијата, добиваат паралелен статус. Така овој автобиографски инспириран дневник не е само документ за индивидуалната егзистенција на дневничкиот субјект, туку и простор кој му овозможува на читателот средба со приватноста на авторот. Затоа кандидатката констатира дека „за автобиографот, чекорот од дневникот-живот до фикцијата-текст не е голем“. Дневникот на Дурацовски е реминисценција која се обидува да го сведе на минимум временскиот јаз помеѓу настаните и пишувањето за нив. Така, пречекорувајќи ги границите на еден формален и клиширан ,,автобиографски облик“, раскажувачкиот субјект во *Инсомнија* води кон други облици на интимното и јавното, за кои Младеновска-Лазаревска вели дека не важи веќе Леженовата формула за „дозирано откривање на сопствената душа“. Таа смета дека дискурсот на фикцијата ја открива во ова дело креативната меморија на исповедниот субјект, кој трага по ,,своето автобиографско јас“ преку еден процес на осознавање и соочување со културната Другост. Потпирајќи се на сеќавањата на наративниот субјект, кои не ја следат дословно хронологијата на случувањата, туку фрагментирано и асоцијативно ги обликуваат наративните секвенци, кандидатката го открива општествено-политичкото и културно-историското милје во кое се формирал автобиографскиот субјект на ова дело.

**Седмата глава** го отвора прашањето за мемоарскиот дискурс, како граничен прозен вид актуализиран во современата македонска книжевност на крајот од 20 век, преку книгата *Антимемоари* на Коле Чашуле (објавена постхумно, во 2009 година). Докторантката констатира дека авторот на оваа книга има критичко сфаќање за помнењето како комплексен поим. Со оглед на тоа дека мемоарите претставуваат свесно обраќање кон јавноста, прикажувањето е секогаш самоуверено, интересно и провокативно. Во својата елаборација на овој поджанр близок на автобиографијата, докторантката го одредува и односот на читателот кон мемоарскиот дискурс и заклучува дека записите на Коле Чашуле опфаќаат повеќе децении, географии и биографии, поврзувајќи различни сеќавања, протосеќавања и антимемоари, со кои модернистот Чашуле ги интимизирал своите спомени. „Коментарите кои авторот ги искажува во личен контекст, во прво лице еднина, го пренасочуваат читателот од тековите на нарацијата кон облиците на говор, за кои објективната тематизација на индивидуалното помнење и не е толку карактеристична, колку што е незадржливата емоционалност во образложенијата, што посредно продуцира рефлексија од општ карактер, дозволувајќи авторските коментари да се прелеат во внатрешен монолог на раскажувачот“, пишува таа, потврдувајќи го влијанието на Бахтиновата дијалошка теорија. За м-р Младеновска-Лазаревска највпечатлив начин на себедефинирање е тврдењето дека секоја нарација е нужно релативна, па ако „авторот на автобиографијата третира теми кои во основа се поврзани со настанувањето и развојот на сопствената личност, дотогаш авторот на мемоарите креира простор што не е оптоварен со личната егзистенција, ниту со непресушната потреба да ги преиспитува своите чувства, да се себеспознава... Тогаш, која е целта на Себе во мемоарската проза?“, прашува Младеновска-Лазаревска. Одговорот го наоѓа во „меморабилните наративи“ на овој писател, кои му овозможуваат на читателот увид во поважните книжевно-уметнички и општествено-политички проблеми на времето во кое живеел, така што автобиографско-мемоарскиот дискурс „добива призвук на (само)критичко сведоштво за моралниот долг на субјектот (писател)“, кој ја презел одговорноста над напишаното. Дека постои разлика меѓу наративната структура на мемоарите и наративната структура на автобиографијата, покажува и начинот на кој мемоарскиот дискурс на Чашуле повикува, овој ретроспективен текст во прво лице еднина, да се чита како ,,конвенција или практика на самоконтекстуализација“ во кое наративното јас самото себеси се овластило да зборува, така што сеќавањето за минатото и пишувањето за него веќе не се доживуваат како невини дејства. Оттаму, за разлика од класичниот автобиограф, авторот на мемоарите се поставува како ,личен историчар кој се потпрел на една интерперсоналната историја, во која се обликувале неговите погледи за светот и животот, заклучува Младеновска-Лазаревска.

Именувана како „Мемоарската душевна таблица на Трајан Петровски“ **осмата глава** на овој труд се осврнува на сеќавањата, како фрагментарни прозни записи во книгата *Бев амбасадор*

*на две држави*. Докторантката укажува дека есеизираниот стил на Петровски открива наративна стратегија која укажува на едно ,,фиксирано, стабилно и изворно сепство“, кое оваа мемоарска проза ја прави автентична и психолошки уверлива. Како сведок на клучни политички настани, мемоаристот ја претпоставува сегашноста на минатото, но со оглед на тоа дека пишува од една временска дистанца, времето на приказната во наративниот текст, се разликува од времето на нејзиното запишување. Според докторантката Младеновска-Лазаревска, наративната стратегија на раскажувачкиот субјект е насочена кон другиот, кон себеси (преку другиот), а преку другиот кон читателот. Како облик на егзистенција, ваквото раскажувачко искуство стапува во функција на читателските очекувања, за кои раскажувачот води сметка при што субјективниот тон на раскажувањето го подредува на јавниот интерес, без посебна потреба за интроспекција. Тоа, според докторантката, значи дека наративниот субјект тежнее да го пренесе своето животно искуство „како сублимација на биографското и на социјално искуство, во висок степен лишено од признакот на лична и на интимна преживеаност..., но неговиот однос кон минатото не е едностран поглед на светот“. Младеновска-Лазаревска заклучува дека мемоаристот се чувствува повикан да ги забележува и регистрира деталите од историското и социјалното милје, без да ѝ допушти на приказната да надвладее. Затоа бара од читателот да му верува, придобивајќи го неговото почитување, внимание и восхит. Референцата на таа спогодба, читателот ја препознава во насловот, поднасловот или предговорот на книгата: мемоари, сеќавања, приказна за мојот живот, па Младеновска-Лазаревска констатира дека мемоарската проза на Трајан Петровски е еден „реалистички згуснат опис-хроника на едно преломно време со силни историски личности“.

Делот **заклучни согледувања** претставува сублимат на најважните теориски сознанија до кои доаѓа докторантката, пишувајќи ја својата дисертација. Како што и самата вели, целта на оваа дисертација била да се разберат и протолкуваат облиците на автобиографското помнење, различните видови идентитет и односот кон минатото, транспонирано во меморија и запишано како спомен. Но со оглед на фактот дека индивидуалното помнење не е изолирано, туку е поврзано со помнењето на другите, со нивните историски, етички и естетски преференци, таа се повикува на индивидуалното сеќавање и на неговиот премин во културно помнење. Докторантката утврдува дека во автобиографиите од 19 век, перцепцијата е одраз на општествената одговорност на автобиографот, разбрана во еден поширок културен и политички контекст, за разлика од современите модели на автобиографска проза во кои автобиографскиот субјект се разоткрива на планот на амбигвитетното поимање на приватното/интимно, на места дури и исповедно пишување. Тоа ја наведува да се позанимава и со теориските расправи за дефинирањето на автобиографијата, од оние кои тргнуваат од нејзиниот традиционален вид, кон оние кои ја препознаваат како авторски договор меѓу писателот и читателот, па кон тие кои ја гледаат како фигура на читање, или модус на свеста. За кандидатката е најприфатлива дефиницијата на Филип Лежен кој ја изведува автобиографијата од позиција на читателот, што значи дека рецепцијата на автобиографскиот текст е пресудна точка за секоја интерпретативна анализа. „Колку и да ја гради својата приказна на основа на секојдневието, вистината и историјата, автобиографијата никогаш не може да биде само во врска со фактите, затоа што раскажувачкиот субјект го има предвид интересот на читателот додека раскажува и неговите можности да го долови она што му се изложува..... И навистина е тешко да се толкува автобиографскиот текст поаѓајќи само од положбата на авторот во текстот, положба која е недоволно удобна и пертинентна. Затоа провокативни, при исчитувањето на теориската литература посветена на автобиографијата и нејзе блиските жанрови, ми беа ставовите на оние теоретичари кои сметаат дека на позиција на текстуалната анализа треба да се тргне од позиција на читателот...“, констатира Младеновска-Лазаревска во своите заклучни согледби.

Потоа следува преглед на **Користена литература**, кој открива дека трудот на м-р Наташа Младеновска-Лазаревска содржи богати и сеопфатни критичко-теориски референци (101 библиографска единица), од домашни и странски научни авторитети. Од приложениот попис на делата се гледа дека таа има одличен увид во најрецентната теориска мисла, како од потесното, така и од поширокото подрачје на истражувањето. Користела значајни теориски книги, зборници, периодични списанија, електронски извори.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражување на овој труд е автобиографскиот наративен дискурс, на ниво на едно пошироко книжевно-теориско и книжевно-историско проучување. Во својата докторска дисертација кандидатката ги систематизира и опишува општествените и дискурзивните стратегии кои учествувале во создавањето на автобиографскиот прозен израз, но и модалитетите и начините на текстуалното производство на раскажувачкиот субјект. За книжевно-теориското осмислување на прашањата сврзани со автобиографскиот раскажувачки дискурс, како апликатибилен материјал, таа користи две книжевни дела од втората половина на 19 век: *Автобиографијата* (1884) на Григор Прличев и *Автобиографијата* (1896) на Марко Цепенков, и четири дела од македонската современа книжевност во кои се застапени различни модели на автобиографско писмо: *Егејци* (1999) на Кица Б. Колбе, *Insomnia* (2000) на Димитрие Дурацовски; *Антимемоари* (објавена постхумно во 2009) на Коле Чашуле и *Бев амбасадор на две држави* (*Анадолски дипломатски летопис*, 2008) на Трајан Петровски.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Што се однесува до научните студии кои проблемски ја третираат кај нас темата за автобиографијата и модалитетите на нејзиниот дискурс (како дневничка и мемоарска проза), може да се каже дека таа е делумно застапена во некои претходни научни трудови (прецизно наведени од страна на кандидатката во делот користена литература). Но, на ниво на едно пошироко книжевно-теориско интересирање, својот увид во автобиографскиот книжевен дискурс докторантката го наоѓа во студии и книги од пошироката област на книжевната наука (уредно попишани во библиографијата на крајот од трудот), кои на различни начини ја допираат оваа проблематика и од свој аспект фрлаат светлина на неа. Може да се каже дека нејзината научна експертиза третира едно недоволно истражено прашање и дава сериозен влог во градењето на една нова научна литература, која ќе биде корисна за идни истражувања.

**Краток опис на применетите методи**

Увидот во критичко-теориските ставови за автобиографскиот книжевен дискурс е поткрепен со сознанијата што кандидатката ги црпи од големиот број студии од областа на книжевната наука, кои на различни начини ја допираат проблематиката на автобиографската, дневничката и мемоарската проза. Во докторскиот труд таа применува аналитички, интерпретативен, херменевтички и компаративен истражувачки метод.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Резултатите од докторскиот труд се релевантни и аргументирани, засновани на стабилна теориска основа. Трудот сублимира конкретни и јасни заклучоци со кои авторката Младеновска-Лазаревска успева да изгради авторитетна научна студија, чиј сугестивен и моќен дискурс успешно се вклопува не само во домашни, туку и во европски рамки. Преку интерпретацијата на книжевните дела кои послужија како апликативен материјал за теориското осмислување на темата, докторантката понуди јасен увид во начините на реализирањето на автобиографизмот, како исклучително важен израз на културниот и општествено-историскиот контекст во кој настанале тие дела, кои во чинот на себеопишувањето, ги расветлуваат авторските преференции кон интимното. Анализата на избраните текстови покажува колку авторите го почитуваат (или не) „автобиографскиот договор“, дали доминира субјективниот фокус на интимен хроничар или објективниот фокус на посматрач. Трудот на м-р Младеновска-Лазаревска покажува дека автобиографијата е интригантно поле на истражување кое постојано ги предизвикува границите на книжевниот, историскиот и некнижевен текст.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација „Автобиографскиот дискурс: книжевно-теориски импликации во македонски белетристички рамки (19 и 20 век)“, изработена од м-р Наташа Младеновскса-Лазаревска, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува поставените услови и стандарди за подготовка на докторски труд. Оваа комплексна научна студија дава компетентни и агрументирани научни одговори на серија прашања. Со свој теориски, ерудитен и елоквекентен

капацитет, м-р Младеновска-Лазаровска испишува научен труд кој во целост ги исполнува, но и ги надминува високо поставените цели.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, како автор ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Nataša Mladenovska-Lazarevska (2014). Structure and functions of particular helping and opposing characters in the Macedonian heroic epos for King Marko (Revisional scientific paper). TEACHER International journal. University „St. Kliment Ohridski“ Faculty of Education – Bitola. 2014. (136-142).
2. Наташа Младеновска-Лазаревска (2015). Македонската јуначка епика во светлината на современата европска и јужнословенска научна, фолклористичко-истражувачка мисла. Зборник на трудови од Научната конференција на XLVII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (од 14 до 29 јуни 2014 година во Охрид). Скопје, 2015 (323-338).
3. Наташа Младеновска-Лазаревска (2015). Есеистичките, егзистенцијалистичките и автобиографски елементи во делото ,,Егејци” од Кица Колбе. Меѓународен дијалог: Исток-Запад (Психологија, филозофија, лингвистика, културологија и образование). Списание на научни трудови од Шестата меѓународна научна конференција на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Државин“. Св. Николе, 2015 (95-98).
4. Наташа Младеновска-Лазаревска (2016). Ликови помошници и ликови противници во македонскиот јуначки епос за Марко Крале. Зборник на трудови од Осмиот научен собир на млади македонисти (Конференција во чест на проф. Лилјана Минова-Ѓуркова). Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Филолошки факултет ,,Блаже Конески” – Скопје (235-254).
5. Наташа Младеновска-Лазаревска (2017). Автобиографскиот дискурс, континуиран дијалог меѓу можниот и реалниот живот. Меѓународен дијалог: Исток-Запад (Филозофија, лингвистика и културологија). Списание на научни трудови од Осмата меѓународна научна конференција на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Државин“. Св. Николе, 2017 (67-70).
6. Natasha Mladenovska-Lazarevska (2107). The autobiographical discourse of Prlicev, continuous dialog between potential and real life. Third International Conference “Education across Borders” Education and Research across Time and Space (1100th Death Anniversary of St. Clement of Ohrid), 6-7 October 2016 Bitola. University „St. Kliment Ohridski” Faculty of education Bitola. Bitola 2017 (273-277).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Докторската дисертација под наслов „Автобиографскиот дискурс: книжевно-теориски импликации во македонски белетристички рамки (19 и 20 век)“, изработена од кандидатката м-р Наташа Младеновска-Лазаревска, претставува оригинален научен труд со релевантни и непобитни аргументи, темелно систематизирани и образложени. Со комплексниот пристап кон зададената тема, докторантката ја покажува својата упатеност во материјата, отворајќи нови можности за понатамошни истражувања. Богатиот корпус на тези и заклучоци што ги нуди овој труд ќе бидат непресушен извор и поттик за нови научни трудови.

Рецензентската комисија позитивно ја оценува докторската дисертација и смета дека по својот пристап, начинот на изработката и резултатите, трудот на м-р Наташа Младеновска-Лазаревска ги исполнува формалните и суштински норми на квалитетно истражување, претставено во рамките на приложениот текст.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација со наслов „Автобиографскиот дискурс: книжевно-теориски импликации во македонски белетристички рамки (19 и 20 век)“, од кандидатката **м-р Наташа Младеновска-Лазаревска.**

Скопје, 5.9.2021

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Венко Андоновски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ангелина Бановиќ-Марковска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Јасна Котеска, член, с.р.**
**Проф. д-р Кристина Николовска, член, с.р.**

ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

## 1. МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Наталија Милчовска | „Говорниот чин ветување во рускиот и во македонскиот јазик“ | „The Speech Act of Promising in Russian and Macedonian language“ | проф.д-р Биљана Мирчевска-Бошева | 23.09.2021 10-1102/4 |
| 2. | Бујаре Сабриу | ,,Микротопонимија на преспанските села“ | „Microtoponymy of Prespa villages“ | проф.д-р Ајтен Ќамили | 23.09.2021 10-16/8 |
| 3. | Мирадие Абдул | „Влијанието на суфизмот во творештвото на Неџип Фазил Кисаќурек и Илхами Емин“ | „The influence of Sufism in the work of Necip Fazli Kisakurek and Ilhami Emin“ | проф.д-р Осман Емин | 23.09.2021 10-1103/4 |
| 4. | Јовановска Маја | „Преведување правни текстови: мост меѓу системи и култури“ | „Legal translation: a bridge between systems and cultures“ | проф.д-р Радица Никодиновска | 23.09.2021 10-1299/1 |

ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

**2. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Дарко Николовски | „Записи на средновековните македонски книжевници од XV и XVI век“ | „Inscriptions of medieval macedonian writers from the 15th and 16th centry“ | проф. д-р Добрила Милоска | 24.9.2021 10-881/9 |
| 2. | м-р Давор Јанкулоски | „Конструкциите со *има* и *н/т* партицип во дијалектниот и во современиот македонски јазик“ | “Constructions with *има* and *н/т* Participle in Dialects and Contemporary Macedonian Language„ | проф. д-р Веселинка Лаброска | 24.9.2021 10-853/7 |
| 3. | м-р Дарко Томовски | „Горанскиот говор во Полог“ | „The Gorani speech in Polog“. | проф. д-р Веселинка Лаброска | 24.9.2021 10-639/8 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ПРИЈАВЕНИ И ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА УКИМ – ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“ СО ОДЛУКА НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ ДОНЕСЕНА НА СЕДНИЦАТА ОДРЖАНА НА ДЕН 14.9.2021 ГОДИНА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Дипл. шум. инж. ЗЛАТКО НИКОЛОВСКИ** | „Компаративна анализа на развитокот и одгледувачки-те арактеристи-ки на насадите од дуглазија, ариш, бел бор, црн бор и стробус на локалитетот Равно Борје“ | „Comparative analysis of the development and silvicultural charac teristics of the plantations of Douglas-fir, Larch, Scots pine, Austrian pine and Weymouth pine at the locality of Ravno Borje“ | **проф. д-р НИКОЛЧО ВЕЛКОВСКИ** | Бр. 02-299/4 од 14.9.2021 година |

***ПРЕГЛЕД НА ПРИЈАВЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ***

| ***Ред. бр.*** | ***Име на кандидатот*** | ***Наслов на темата*** | ***Ментор*** | ***Одлука од Научен совет*** |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Габриела Арсеновска - Миовски | „Придобивките од примена на бизнис планирањето во МСП“<br><br>,,The benefits of applying business planning to SMEs,, | Д-р Биљана Ангелова | Одлука бр. 02 – 803/2 од 7.9.2021 година |
| *2.* | Викторија Милчевска | „Улогата на новите банкарски производи во функција на зајакнување и унапредување на банките“<br>„The role of new banking products in order to strengthen and promote banks“ | Д-р Биљана Ангелова | Одлука бр. 02 – 805/2 од 7.9.2021 година |
| *3.* | Ана Стаматовска | „Хоризонтална и вертикална анализа на финансиски извештаи со студија на случај“<br>„Horizontal and vertical analysis of financial statements with case studies“ | Д-р Биљана Ангелова | Одлука бр. 02 – 811/2 од 7.9.2021 година |
| *4.* | Мартина Миланова | „Менаџмент на логистичките процеси во меѓународната бизнис логистика - студија на случај“<br><br>„Logistic process management in international business logistics - case study“ | Д-р Искра Станчева - Гигов | Одлука бр. 02 – 812/2 од 7.9.2021 година |

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ПОЛИТИЧКИ НАУКИ (ОСНОВИ, ТЕОРИЈА, МЕТОДОЛОГИЈА, ИСТОРИЈА, ДРУГО) И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО, ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ИНТЕРЕСНИ ГРУПИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Lajm“ од 19.7.2021, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго) и граѓанско општество, политички партии и интересни групи, и врз основа на Одлуката на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, бр. 02-693/1, донесена на 2.9.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Панде Лазаревски, редовен професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, д-р Анета Цекиќ, редовен професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања и д-р Бојана Наумовска, вонреден професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго) и граѓанско општество, политички партии и интересни групи, во предвидениот рок се пријави еден кандидат - ас. д-р Јован Близнаковски.

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Јован Близнаковски е роден на 3.12.1984, во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин“ во Скопје на природно-математичка насока, со одличен успех. Дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на отсекот политички науки во 2007 година, со просечен успех 8,92.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2008/2009 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за општествени науки, Универзитет во Љубљана, Словенија, на политички науки, насока: анализа на јавни политики – европски аспекти. Студиите ги завршил во 2013 година, со просечен успех 8,83. На 13 јуни 2013 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Јазична политика во Македонија (во оригинал на англиски: “Language policy in Macedonia”).*

Докторската дисертација на тема „Продавање на гласови, служење на партии и барања за клиентелистички бенефиции: Граѓанско учество во политички клиентелизам на Западен Балкан“ (во оргинал на англиски: “Vote selling, party serving and clientelist benefit-seeking: Citizen engagement in political clientelism in the Western Balkans”) ја одбранил на Универзитетот во Милано, Италија, во 2020 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Симона Пјатони, проф. д-р Марко Џулиани и вонреден проф. д-р Микел Пелицер. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област политички науки.

Во периодот 2012 – 2014 работел како истражувач во Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), а во периодот 2014 – 2016 ја извршувал функцијата програмски директор во истата организација.

На 19.11.2021 година е избран во звањето асистент во областа политички науки на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

Во моментот е асистент во областа политички науки при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1202, од 1.11.2019.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор за асистент во областа политички науки објавени во Билтен бр. 1202 од 1.11.2019 до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатот д-р Јован Близнаковски спровел вежби со студенти на втор циклус студии на предметите Демократија, моќ и граѓанство (програма: Политички науки и човекови права) и Методологија на научноистражувачка работа со примери и примена во хуманистичките и општествените науки, како и консултации со студенти на докторските студии Демократија во услови на глобализација.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

Кандидатот д-р Јован Близнаковски учествувал во својство на раководител на следните академски работилници: „Clients and Patrons: Clientelist Political Mobilization in the Western Balkans“, работилница одржана на Универзитетот во Единбург, Шкотска, 27 март 2019; „Selection of units of observation and units of analysis in social research“, докторка работилница одржана на ИСППИ на 9 јуни 2020; и „What’s Next for the Study of Clientelism in the Region? Possibilities for Cooperation of Researchers and Avenues of Research“, работилница организирана во рамки на меѓународната научна конференција “Political Clientelism in the Western Balkans”, 9 – 11 декември 2020; како и на повеќе работилници организирани во невладиниот сектор за кои е потребна академска експертиза, вклучувајќи ги: „Квалитативна компаративна анализа – Qualitative Comparative Analysis (QCA)“, работилница за персоналот на Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје – ИДСЦС; „Разбирајќи ја историјата заедно“, работилница организирана од Центарот за истражување на национализмот и културата (ЦИНИК), 21 – 22 декември 2019; Тренинг за истражувачки методи и подготовка на документи за јавни политики, во организација на Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), 25 јули 2014 година.

Кандидатот д-р Јован Близнаковски учествувал на голем број академски работилници во земјата и во странство, вклучувајќи ги и престижните Joint Sessions of Workshops, организирани од Европскиот конзорциум за политички истражувања (European Consortium for Political Research – ECPR) во 2018 (Никозија, Кипар) и 2019 (Монс, Белгија). Кандидатот учествувал и на работилницата „The Demand Side of Clientelism: Agency, Trade-Offs, and Welfare Implications“, работилница организирана од Универзитетот во Дуизбург-Есен, Германија, 25 – 26 јуни 2018; како и на зимската школа за методи и техники на ECPR во Бамберг, Германија (2018) и летната школа на Истражувачки стратегии во студиите на јавни политики (Research Strategies in Policy Studies - ReSPoS), спроведена на Универзитетот во Ценова, Италија (2017).

Д-р Јован Близнаковски е и автор на научно-популарна книга: „Локални јазични политики за немнозинските заедници: Можности за поефективна имплементација“, издадена од Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) во 2014 година.

Целосен преглед на наставно-образовната дејност на кандидатот е даден во Образец 2.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Јован Близнаковски има објавено вкупно девет (9) научни трудови од областа политички науки, од кои три (3) поглавја во книги рецензирани и објавени во земји членки на Европската Унија и/или ОЕЦД, еден (1) труд објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји, 1 (еден) труд објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, два (2) труда во научно/стручно списание, еден (1)

труд во стручно/научно-популарно списание и едно (1) поглавје/дел од монографија објавен во земјата.

Д-р Јован Близнаковски објавил и две рецензии на монографии во меѓународните научни списанија Southeastern Europe и Studies of Transition States and Societies.

Д-р Јован Близнаковски бил раководител на меѓународниот научен проект „Western Balkans Group on Political Clientelism”, имплементиран од Институтот за социолошки и политичко правни истражувања – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофскиот факултет – Универзитет во Белград и Факултетот за општествени науки – Универзитет во Тирана, а финансиран од Western Balkans Fund (јуни 2020 – јуни 2021). Досега учествувал како член во шест (6) меѓународни научни проекти, меѓу кои “Closing the gap between formal and informal institutions in the Balkans” (INFORM), 2016 – 2019, финансиран од Европската комисија, програма: Horizon 2020; како и на меѓународните проекти каде што како национален имплементатор се јавува Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје: Европско општествено истражување (ЕОИ), ETHMIGSURVEYDATA (COST-акција); European Question Bank; CESSDA Training Events Agenda 2021-2022; Widening of CESSDA European Coverage Agenda 2021-2022.

Д-р Јован Близнаковски учествувал во четири (4) национални научни проекти имплементирани од Институтот за социолошки и политичко правни истражувања – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје: „Бариери на општествениот развој“ (2020); „Испитување на јавното мислење за изборните реформи во РС Македонија“ (2021); „Политичко-правните и културолошки предизвици за справување со пандемијата“ (2021); како и во проектот имплементиран од Независниот академски синдикат (НАкС) насловен „Квалитетот на наставата во високото образование“ (2021 – 2022).

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот**

Д-р Јован Близнаковски учествувал на вкупно единаесет (11) научни/стручни собир со реферат (усна презентација) во земјата и во странство, меѓу кои на меѓународните конференции „Political Clientelism in the Western Balkans“ (9 – 11 декември 2020, онлајн, организирана од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Универзитет во Белград и Факултетот за општествени науки – Универзитет во Тирана); „Western Balkans in Comparative Perspectives – European Social Survey“ (4 – 5 декември 2020, онлајн, организирана од Универзитетот на Црна Гора, Универзитетот во Белград и Институтот за општествени науки од Белград); „INFORM Final Conference“ (8 февруари 2019, Сараево, БиХ, организирана од конзорциумот „ИНФОРМ“); „Multilingual Situations and Politics Towards Multilingualism in Europe“ (20-21 ноември 2014, Париз, Франција, организирана од Université Paris Ouest Nanterre-La Défense); „Strategies of Symbolic Nation-Building in South Eastern Europe” (8 – 10 мај 2014, Риека, Хрватска, организирана од Универзитетот во Риека и Универзитетот во Осло). Кандидатот учествувал и на повеќе конференции организирани во земјата, меѓу кои „Балканот: луѓе, војни и мир“ (5 ноември 2013, Скопје, организирана од Институтот за национална историја) и Годишната конференција на Македонското политиколошко друштво (14 декември 2017, Скопје, организирана од Македонското политиколошко друштво). Д-р Јован Близнаковски објавил и два апстракта во зборници на дел од меѓународните конференции на кои учествувал.

Целосен преглед на научноистражувачката дејност е даден во Образец 2.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Јован Близнаковски активно е вклучен во стручно-апликативната работа преку различни експертско-стручни активности кои резултирале со публикации издадени од националниот невладин сектор, како и со публикации издадени од меѓународни издавачи. Во рамки на експертските активности, д-р Јован Близнаковски се јавува како автор или коавтор на голем број стручни трудови, аналитички извештаи, студии на јавни политики и извештаи од истражување на јавното мислење. Во 2017, 2018, 2019 и 2021 се јавува како автор на извештаите за Македонија во годишната студија „Nations in Transit“, издавана од Freedom House. Кандидатот е и (ко-)автор на две поглавја во книгата „Ние наспроти другите: Симболички поделби во Северна

Македонија“ (издание на ЦИНИК Скопје 2020): автор е на поглавјето „Наша, но не и ваша држава: Симболички поделби меѓу Македонците и Албанците во македонската политика“и коавтор на воведното поглавје. Подготвил и објавил и две одредници во енциклопедијата “The Global Encyclopaedia of Informality”, издадена од престижниот UCL Press London (2020). Во 2016 година ја објавил книгата „Од нацрт до закон: Креирање политики и граѓанско учество во Република Македонија“, во издание на Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС). Се јавува и како автор на поглавјето „Локални јазични политики за заедниците под 20%: случаите на Гостивар и Куманово“, во книгата: „Охридски рамковен договор – Студии на случај“ (издание на Македонскиот центар за меѓународна соработка – МЦМС). Уредник е и на „Судир на интереси и корупција на локално ниво: збирка на истражувачки и мониторинг-студии“, издадено во 2016 година. Д-р Јован Близнаковски е и (ко-)автор на вкупно три (3) студии за јавни политики и четири (4) извештаи од испитување на јавното мислење.

Во 2015 година, д-р Јован Близнаковски имал краткотраен работен ангажман како известувач на работната група за употребата на јазиците во рамки на „Прегледот на Охридскиот рамковен договор за социјална кохезија“ (имплементиран од Секретаријатот за Охридски Рамковен договор и Мисијата на ОБСЕ во Скопје) и го подготвил извештајот од работата на групата.

Во периодот 2020 – 2021, д-р Јован Близнаковски го предводел програмскиот одбор на меѓународната научна конференција “Political Clientelism in the Western Balkans” (9 – 11 декември 2020), подготвил аналитички извештај со главните наоди изведени од трудовите дискутирани на конференцијата, како и четири инфографици каде што се претставени наодите. Учествувал и во промотивни активности за Институтот и Универзитетот, организирајќи го настанот „Studying political clientelism in the Western Balkans” (15 јуни 2021) и учествувајќи во организација на настанот „10. бран на Европското општествено истражување / ЕОИ во Република Северна Македонија“ (11 март 2021).

Д-р Јован Близнаковски е активен и во организациите од граѓанското општество. Во периодот од 2013 до денес ја извршува функцијата претседател на Центарот за истражување на национализмот и културата, каде што е и член на управниот одбор на здружението во истиот период. Од 2018 година е член на управниот одбор на Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС).

Сите активности од стручно-апликативната дејност се наведени во Образец 2.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Јован Близнаковски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Јован Близнаковски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во научната област политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго); граѓанско општество, политички партии и интересни групи.

Покрај формалното исполнување на предвидените услови за избор во звањето доцент во научната област политички науки, членовите на Комисијата ценат дека кандидатот д-р Јован Близнаковски со својата посветеност, одговорност и професионалност значајно придонесува кон остварувањето на научноистражувачката и образовна дејност на Институтот и успешно го пренесува своето академско искуство стекнато низ образованието на престижни универзитети во странство. Воедно, Комисијата смета дека кандидатот д-р Близнаковски располага со исклучителен академски капацитет како сериозна основа за натамошни академски постигнувања.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, д-р Јован Близнаковски да биде избран во звањето **доцент** во научната област политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго); граѓанско општество, политички партии и интересни групи.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Панде Лазаревски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Анета Цекиќ, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Бојана Наумовска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Јован Илија Близнаковски
**Институција:**
Институт за социолошки и политичко-правн истражувања (ИСППИ)
**Научна област:** политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго); граѓанско општество, политички партии и интересни групи

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **8,92**<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **8,83**<br>Просечниот успех изнесува _________ за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: **политички науки;** поле: **политички науки;** подрачје: **општествени науки**. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: **Meaningful Reform in the Western Balkans: Between Formal Institutions and Informal Practices, editors: Eric Gordy and Adnan Efendic (поглавје: How to Sustainably Decrease Clientelism and Ensure Fair Political Competition in the WB? The Case for Introducing Standing Parliamentary Committees)**<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: **Швајцарија / САД (ОЕЦД)**<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: **Peter Lang, 2019, Bern (Swirtzeland) and New York (USA)** | ДА |
| 3.2 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: **Meaningful Reform in the Western Balkans: Between Formal Institutions and Informal Practices, editors: Eric Gordy and Adnan Efendic (поглавје: Leaders' Meetings: Facilitating or Replacing the Formal Political Processes in the Western Balkan Countries?)**<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: **Швајцарија / САД (ОЕЦД)** | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: **Peter Lang, 2019, Bern (Swirtzeland) and New York (USA)** | |
| 3.3 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: **Myths and Mythical Spaces, editors: Claudia Lichnofsky, Enriketa Pandelejmoni, and Darko Stojanov (поглавје: Between History and Politics: Understanding Antiquitas Myths in Macedonian History Textbooks)**<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: **Германија (ЕУ и ОЕЦД)**<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: **V&R unipress, 2017, Göttingen** | ДА |
| 3.4 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: **Political Clientelism in the Western Balkans. Collection of Papers**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **International scientific conference “Political Clientelism in the Western Balkans” (9-11 December 2020)**<br>3. Имиња на земјите: **Северна Македонија, Србија, Албанија**<br>4. Наслов на трудот: **Varieties of Political Clientelism: A Typology of Clientelist Exchanges in the Western Balkans and Beyond**<br>5. Година на објава: **2021** | ДА |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br><br>1. Странски јазик: **англиски**<br>2. Назив на документот: Уверение<br>3. Издавач на документот: **Филолошки факултет „Блаже Коневски“**<br>4. Датум на издавање на документот: 12.9.2019 година | ДА |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат засновам работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Јован Илија Близнаковски
**Институција:** Институт за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ)
**Научна област:** политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго); Граѓанско општество, политички партии и интересни групи

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1.1. | Одржување на вежби: по предметот Методологија на научноистражувачка работа со примери и примена во хуманистичките и општествените науки, ИСППИ, 24 јануари 2020 | 0,03 |
| 1.2. | Консултации со студенти: консултации со студенти на докторските студии Демократија во услови на глобализација | 0,002 |
| 1.3. | Настава на работилници (учесник): RRPP's Training Seminar on Computer Assisted Qualitative Data Management and Analysis, работилница организирана од РРПП, 5 – 6 февруари 2016, Белград, Србија | 1 |
| 1.4. | Настава на работилници (учесник): MeMa - Methodology Matters Seminar Cycle: Modelling Causal Pathways - Structural Equations and Mediation of Causal Effects, работилница организирана од Унвиерзитетот во Милано, Италија, 24 март 2017, Милано, Италија | 1 |
| 1.5. | Настава на работилници (учесник): 2nd SERISS Train: Sampling, Weighting and Estimation in Survey Methodology, работилница организирана од ГЕСИС и Универзитетот во Љубљана, Словенија, 24 – 25 април 2017, Љубљана, Словенија | 1 |
| 1.6. | Настава на школи (учесник): Research Strategies in Policy Studies (ReSPoS) Summer School 2017: Design Matters, летна школа организирана од Универзитетот во Ценова, Италија, 10 - 14 јули 2017, Ценова, Италија | 1 |
| 1.7. | Настава на школи (учесник): ECPR Winter School in Methods and Techniques 2018: Multilevel Regression Modeling, зимска школа организирана од Европскиот конзорциум за политички истражувања (European Consortium for Political Research - ECPR) и Универзитетот во Бамберг, Германија, 2 – 9 март 2018, Бамберг, Германија | 1 |
| 1.8. | Настава на работилници (раководител): Clients and Patrons: Clientelist Political Mobilization in the Western Balkans, работилница оддржана на Универзитетот во Единбург, Шкотска, 27 март 2019 | 1,5 |
| 1.9. | Настава на работилници (учесник): The Demand Side of Clientelism: Agency, Trade-Offs, and Welfare Implications, работилница организирана од | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Универзитетот во Дуизбург-Есен, Германија, 25 – 26 јуни 2018 | |
| 1.10. | Настава на работилници (учесник): New Trends in the Conceptualisation of Political Corruption (работилница во рамки на ECPR Joint Sessions 2019), во организација на Европскиот конзорциум за политички истражувања (European Consortium for Political Research - ECPR), 8 – 12 април 2019, Монс, Белгија | 1 |
| 1.11. | Настава на работилници (учесник): Political Clientelism in the 21st Century: Theory and Practice (работилница во рамки на ECPR Joint Sessions 2018), во организација од Европскиот конзорциум за политички истражувања (European Consortium for Political Research - ECPR), 10 – 14 април 2018, Никозија, Кипар | 1 |
| 1.12. | Настава на работилници (учесник): Меѓународна работилница за спроведувањето на Европското општествено истражување (ЕОИ) во Македонија (European Social Survey – ESS), во организација на ИСППИ и ЕОИ, 10 март 2020 | 1 |
| 1.13. | Настава на работилници (раководител): Докторска работилница во ИСППИ: „Selection of units of observation and units of analysis in social research“, 9 јуни 2020 | 1,5 |
| 1.14. | Настава на работилници (учесник): Докторска работилница во ИСППИ: „Неколку клучни прашања за квалитетот на докторскиот труд“, 11 јуни 2020 | 1 |
| 1.15. | Настава на работилници (раководител): What’s Next for the Study of Clientelism in the Region? Possibilities for Cooperation of Researchers and Avenues of Research. Работилница организирана во рамки на конференцијата “Political Clientelism in the Western Balkans”, 9-11 декември 2020 | 1,5 |
| 1.16. | Настава на работилници (учесник): Работилница за стратешко планирање и синдикално организирање на Независниот академски синдикат (НАкС), 29-30 мај 2021 | 1 |
| 1.17. | Настава на работилници (раководител): Квалитативна компаративна анализа – Qualitative Comparative Analysis (QCA) (работилница за персоналот на Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје - ИДСЦС), 5 февруари 2021 | 1,5 |
| 1.18. | Настава на работилници (раководител): Тренинг за истражувачки методи и подготовка на документи за јавни политики, во организација на Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), 25 јули 2014 година | 1,5 |
| 1.19. | Настава на работилници (раководител): Прва работилница за креирање на Граѓанска стратегија за спречување на конфликт на интереси во јавната администрација, во организација на Институтот за демократија „Социетас цивилис“– Скопје (ИДСЦС), 3 – 4 декември 2014 година, | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.20. | Настава на работилници (раководител): Втора работилница за креирање на Граѓанска стратегија за спречување на конфликт на интереси во јавната администрација, во организација на Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), 3 – 4 март 2015 година | 1,5 |
| 1.21. | Настава на работилници (раководител): Обука на тема: „Имплементација и механизми за учество на ГО во Процена на влијание на регулативата“, во организација на Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), 18 – 20 декември 2015 година | 1,5 |
| 1.22. | Настава на работилници (раководител): „Разбирајќи ја историјата заедно“, работилница организирана од Центарот за истражување на национализмот и културата (ЦИНИК), 21 – 22 декември 2019 | 1,5 |
| 1.23. | Автор на научно-популарна книга: „Локални јазични политики за немнозинските заедници: Можности за поефективна имплементација“, издадена од Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), април 2014, рецензенти: доц. д-р Ненад Марковиќ, Правен факултет „Јустинијан Први“ и Григориј Месежников, претседател на IVO, Братислава, Словачка | 6 |
| | **Вкупно** | 30,532 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 2.1. | Раководител на меѓународен научен проект: “Western Balkans Group on Political Clientelism”, имплементиран од ИСППИ-УКИМ, Филозофскиот факултет – Универзитет во Белград и Факултетот за општествени науки – Универзитет во Тирана, финансиран од Western Balkans Fund (јуни 2020 – јуни 2021) | 9 |
| 2.2. | Учесник во меѓународен научен проект: “Closing the gap between formal and informal institutions in the Balkans” (INFORM), 2016 – 2019 (финансиран од Европската комисија, програма: Horizon 2020) | 5 |
| 2.3. | Учесник во меѓународен научен проект: Европско општествено истражување (ЕОИ), спроведуван од ИСППИ, 2021 | 5 |
| 2.4. | Учесник во меѓународен научен проект: ETHMIGSURVEYDATA (COST-акција), 2019 – 2020 | 5 |
| 2.5. | Учесник во меѓународен научен проект: European Question Bank, реализиран од ИСППИ (партнер), 2020 | 5 |
| 2.6. | Учесник во меѓународен научен проект: “CESSDA Training Events”, во рамки на CESSDA – Agenda 2021-2022, реализиран од ИСППИ (партнер), 2021 – 2022 | 5 |
| 2.7. | Учесник во меѓународен научен проект: “Widening of CESSDA European Coverage”, во рамки на CESSDA – | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Agenda 2021-2022, реализиран од ИСППИ (партнер), 2021 – 2022 | |
| 2.8. | Учесник во национален научен проект: „Бариери на општествениот развој“, имплементиран од ИСППИ, 2020 | 3 |
| 2.9. | Учесник во национален научен проект: „Испитување на јавното мислење за изборните реформи во РС Македонија“, имплементиран од ИСППИ, 2021 | 3 |
| 2.10. | Учесник во национален научен проект: „Политичко-правните и културолошки предизвици за справување со пандемијата“, имплементиран од ИСППИ, 2021 | 3 |
| 2.11. | Учесник во национален научен проект: „Квалитетот на наставата во високото образование“, имплементиран од НАкС, 2020 – 2021 | 3 |
| 2.12. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови (автор): Symbolic Aspects of Nation-Building: The Story of Three Versions of the Preamble of the Macedonian Constitution. Политичка мисла бр. 44, 2013 година, стр. 115-122. Издавачи: Фондација „Конрад Аденауер“ во Република Македонија и Институт за демократија „Социетас цивилис“ | 5 |
| 2.13. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (автор): Лингвистичката компетенција како фактор за граѓанско учество во Република Македонија - политики на локално ниво. Политичка мисла, бр. 40, 2012 година, стр. 81-89. Издавачи: Фондација „Конрад Аденауер“ во Република Македонија и Институт за демократија „Социетас цивилис“ | 3 |
| 2.14. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (автор): Нормативна рамка за јазичните права на малцинствата во Македонија. Евродијалог, бр. 14, 2011 година, стр. 133-152. Издавач: Студиорум | 3 |
| 2.15. | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД (коавтор): Myths and Mythical Spaces, editors: Claudia Lichnofsky, Enriketa Pandelejmoni, and Darko Stojanov (поглавје: Between History and Politics: Understanding Antiquitas Myths in Macedonian History Textbooks, коавторство со Дарко Стојанов), издавач: V&R unipress, 2017, Готинген, Германија | 6 |
| 2.16. | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД (коавтор): Meaningful Reform in the Western Balkans: Between Formal Institutions and Informal Practices, editors: Eric Gordy and Adnan Efendic (поглавје: How to Sustainably Decrease Clientelism and Ensure Fair | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Political Competition in the WB? The Case for Introducing Standing Parliamentary Committees, коавторство со Миша Поповиќ и Борјан Ѓузелов), издавач: Peter Lang, 2019, Берн (Швајцарија) и Њујорк (САД) | |
| 2.17. | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД (коавтор): Meaningful Reform in the Western Balkans: Between Formal Institutions and Informal Practices, editors: Eric Gordy and Adnan Efendic (поглавје: Leaders' Meetings: Facilitating or Replacing the Formal Political Processes in the Western Balkan Countries?, коавторство со Вјолца Красничи, Ненад Марковиќ, Илина Мангова и Енрикета Папа-Панделејмони), издавач: Peter Lang, 2019, Берн (Швајцарија) и Њујорк (САД) | 6 |
| 2.18. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји: "Varieties of Political Clientelism: A Typology of Clientelist Exchanges in the Western Balkans and Beyond", објавен во зборникот од конференцијата „Political Clientelism in the Western Balkans" (9-11 December 2020) | 5 |
| 2.19. | Дел од монографија (автор): поглавје во монографијата „Бариери на општествениот развој“ (ИСППИ, 2021), наслов на поглавјето: „Политичкиот клиентелизам како бариера за општествениот развој во Република Северна Македонија“ | 4 |
| 2.20. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание: "When State Capture and Myths of Victimization Meet: The Story of a Party's Attempt to Prevent Democratic Alternation of Power" (автор), објавено во Perspectives – Political Analyses and Commentary no. 3, September 2017, издавач: Фондација „Хајнрих Бел“ во Босна и Херцеговина, Македонија и Албанија | 2 |
| 2.21. | Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација): "Varieties of Political Clientelism: A Typology of Patron-Client Linkages and Exchanges in the Western Balkans", 9 декември 2020, на меѓународната конференција: "Political Clientelism in the Western Balkans" (9 - 11 декември 2020) | 1 |
| 2.22. | Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација): "Who are the clients? Predictors of citizen engagement in political clientelism in the Western Balkans", 5 декември 2020, на меѓународната конференција: "Western Balkans in Comparative Perspectives – European Social Survey" (4 – 5 декември 2020) | 1 |
| 2.23. | Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација): "Beyond vote-buying: A typology of clientelist practices in the Western Balkan region", на меѓународната конференција: INFORM Final | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Conference, 8 February 2019, Сараево, Босна и Херцеговина (со Миша Поповиќ) | |
| 2.24. | Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација): “Who are the clients? Predictors of citizen engagement in political clientelism in the Western Balkan region”, на меѓународната конференција: INFORM Final Conference, 8 February 2019, Сараево, Босна и Херцеговина (со Миша Поповиќ) | 1 |
| 2.25. | Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација): „Граѓаните како чинител во патронско-клиентелистичката врска во балканските општества“, годишна конференција на Македонското политиколошко друштво, Скопје, 14 декември 2017. | 1 |
| 2.26. | Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација): “Pissing Contest: Political Populism and Public Opinion Polling”, на меѓународната конференција: “Populism in Macedonia and Serbia – Business as Usual or Threat to Liberal Democracy?”, организирана од МЦЕТ и Центарот за интердисциплинарни студии на Балканот (Факултет за политички науки, Универзитет во Белград), 13 – 15 ноември 2015 (со Миша Поповиќ) | 1 |
| 2.27. | Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација): “Accounts on Language Policy Implementation in the Republic of Macedonia after the Ohrid Framework Agreement: Focus on Local Level Policies” (21 November 2014, Paris, France; Université Paris Ouest Nanterre-La Défense), на меѓународната конференција: “Multilingual Situations and Politics Towards Multilingualism in Europe (Situations de plurilinguisme et politiques du multilinguisme en Europe)”, организирана од Université Paris Ouest Nanterre-La Défense, Париз, Франција, 20 – 21 ноември 2014. | 1 |
| 2.28. | Учество на научен/стручен собир со реферат(усна презентација): “Captured states or captured societies” (29 септември 2019, Белград, Србија), на меѓународната конференција организирана од Удружења за политичке науке Србије, 28 – 29 септември 2019 | 1 |
| 2.29. | Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација): “Between History and Politics: Understanding the Myth of Antiquitas in Macedonian History Textbooks” (24 October 2014, Tirana, Albania), меѓународна конференција: “Myths in South-East European Textbooks”, организирана од Институтот „Георг Екерт“ и Универзитетот во Тирана, 22 – 24 октомври 2014. | 1 |
| 2.30. | Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација): “Symbolic Aspects of the Resolution of the Official Language Problem in Macedonia” (10 May 2014, Риека, Хрватска), меѓународна конференција: “Strategies of Symbolic Nation-Building in South Eastern Europe”, организирана од Факултетот за филозофија, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Универзитет во Риека и Научниот совет на Норвешка, 8 - 10 мај 2014. | |
| 2.31. | Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација): „Јазици во конфликт: рефлексии на вооружениот конфликт од 2001 година во Македонија“, меѓународна конференција на Институтот за национална историја Скопје: „Балканот: луѓе, војни и мир“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 5 ноември 2013. | 1 |
| 2.32. | Апстракт објавен во зборник од меѓународна конференција: “Who are the clients? Predictors of citizen engagement in political clientelism in the Western Balkans”, апстракт објавен во “Book of Abstracts from ‘Western Balkans in Comparative Perspectives – European Social Survey’” (4 – 5 декември 2020) | 1 |
| 2.33. | Апстракт објавен во зборник од меѓународна конференција: Captured states or captured societies”, апстракт објавен во “CONFLICTS. STABILITY. DEMOCRACY? 2019 Annual International Conference of the Serbian Political Science Association” | 1 |
| 2.34. | Рецензија на монографија: After Ethnic Conflict: Policy-Making in Post-Conflict Bosnia and Herzegovina and Macedonia, Written by Cvete Koneska. Објавено во Southeastern Europe 41 (2): 234–36 | 0,5 |
| 2.35. | Рецензија на монографија: Strategies of Symbolic Nation-Building in South Eastern Europe, Edited by Pal Kolstø. Објавено во Studies of Transition States and Societies 7 (2015), 1: 94-97 | 0,5 |
| | **Вкупно** | 105 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 3.1. | Поглавје во книга (автор): „Наша, но не и ваша држава“: Симболички поделби меѓу Македонците и Албанците во македонската политика; во книгата „Ние наспроти другите: Симболични поделби во Северна Македонија“, уредници: Јован Близнаковски и Петар Тодоров, издавач: Центар за истражување на национализмот и културата (ЦИНИК), 2020 | 3 |
| 3.2. | Поглавје од книга (коавтор): „Вовед: Кон симболичките поделби кај македонската заедница“во книгата „Ние наспроти другите: Симболични поделби во Северна Македонија“, уредници: Јован Близнаковски и Петар Тодоров, издавач: Центар за истражување на национализмот и културата (ЦИНИК) | 2 |
| 3.3. | Авторство на одредница во енциклопедија: “Vote Buying/Selling (Western Balkans)” во “The Global Encyclopaedia of Informality”, уредник: Алена Леденева, издавач: UCL Press, London, 2020 | 0,27 (10255 знаци) |
| 3.4. | Авторство на одредница во енциклопедија: “Party Soldiers (Western Balkans)” во “The Global Encyclopaedia of Informality”, уредник: Алена Леденева, издавач: UCL Press, London, 2020 | 0,24 (9142 знаци) |

| | | |
|---|---|---|
| 3.5. | Поглавје од книга (автор): „Локални јазични политики за заедниците под 20%: случаите на Гостивар и Куманово“, во книгата: „Охридски рамковен договор – Студии на случај“, уредник: Сашо Клековски, издавач: МЦМС Скопје, 2011 | 3 |
| 3.6. | Книга од стручна област (автор): „Од нацрт до закон: Креирање политики и граѓанско учество во Република Македонија“. Издавач: Институт за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), 2016 | 8 |
| 3.7. | Експертски активности: авторство на извештајот Nations in Transit за Македонија за 2017 година | 1 |
| 3.8. | Експертски активности: авторство на извештајот Nations in Transit за Македонија за 2018 година | 1 |
| 3.9. | Експертски активности: авторство на извештајот Nations in Transit за Македонија за 2020 година | 1 |
| 3.10. | Експертски активности: авторство на извештајот Nations in Transit за Македонија за 2021 година | 1 |
| 3.11. | Експертски активности: авторство на кратка студија за јавна политика „Во потрага по ефективна дискусија: Клучни ограничувања на правото на говор од Собраниската говорница“. Издание на Институт за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), 2015 година | 1 |
| 3.12. | Експертски активности: коавторство (со Христијан Петрушев) на кратката студија за јавна политика “How to Improve the Involvement of CSOs as Service Providers? State of Affairs, Challenges and Opportunities.” Издание на Институт за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), 2015 година | 1 |
| 3.13. | Експертски активности: коавторство (со Сара Барбиери и Роска Вргова) на кратката студија за јавна политика “Overcoming Ethnic-Based Segregation: How to Integrate Public Schools in Macedonia and Bosnia and Herzegovina.” Издание на Институт за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) и УГ „Зашто не“ Сараево, 2013 година | 1 |
| 3.14. | Експертски активности: коавторство (со Миша Поповиќ и Марко Трошановски) на извештајот од истражување на јавно мислење „Каква е оваа ситуација?! Јавното мислење во врска со тековните политички случувања во Македонија“, издание на Институт за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), 2016 година | 1 |
| 3.15. | Експертски активности: коавторство (со Миша Поповиќ) на извештајот од истражување на јавно мислење „Јавното мислење во врска со аферата Прислушкување.“ Издание на Институт за демократија „Социетас цивилис“ (ИДСЦС), Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Телевизија „Телма“, 2015 година | 1 |
| 3.16. | Експертски активности: коавторство (со Миша Поповиќ) на извештајот од истражување на јавно мислење „Перцепции за ЕУ интегерацијата на Македонија. Истражување на јавното мислење спроведено во февруари и март 2015“. Издание на Институт за демократија „Социетас цивилис“ (ИДСЦС), 2015 година | 1 |
| 3.17. | Експертски активности: коавторство (со Миша Поповиќ) на извештајот од истражување на јавно мислење „Судир на интереси и корупција на локално ниво. Истражување на јавното мислење спроведено во февруари и март 2015“. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Издание на Институт за демократија „Социетас цивилис“ (ИДСЦС), 2015 година | |
| 3.18. | Експертски активности: авторство на аналитички извештај од конференцијата “Political Clientelism in the Western Balkans”, 9 – 11 декември 2020, објавен во мај 2021 | 1 |
| 3.19. | Експертски активности: подготовка на четири инфографици со наоди од трудовите на конференцијата “Political Clientelism in the Western Balkans”, 9 – 11 декември 2020, објавени во мај 2021 | 1 |
| 3.20. | Експертски активности: известувач на работната група за употребата на јазиците во рамки на „Прегледот на Охридскиот рамковен договор за социјална кохезија“, 2015 | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 3.22. | Уредник на научно/стручно списание: „Судир на интереси и корупција на локално ниво: збирка на истражувачки и мониторинг студии.“ Издавач: Институт за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), 2015 | 2 |
| 3.23. | Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир, конференција “Political Clientelism in the Western Balkans” (9 – 11 декември 2020) | 2 |
| 3.24. | Претседател на здружение поврзано со струката: претседател на Центарот за истражување на национализмот и културата (ЦИНИК) (2013 – 2021) | 2 |
| 3.25. | Член на Управен одбор на здружение поврзано со струката: член на Управен одбор на Центарот за истражување на национализмот и културата (ЦИНИК) (2013 – 2021) | 0,3 |
| 3.26. | Член на Управен одбор на здружение поврзано со струката: член на Управен одбор на Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) | 0,3 |
| 3.27. | Учество во промотивни активности на факултетот/институтот: “Studying political clientelism in the Western Balkans”, 15 јуни 2021 | 0,5 |
| 3.28. | Учество во промотивни активности на факултетот/институтот: 10. бран на Европското општествено истражување / ЕОИ во Република Северна Македонија, 11 март 2021 | 0,5 |
| | **Вкупно** | 38,11 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 30,532 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 105 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 38,11 |
| **Вкупно** | 173,642 |

**Членови на Комисијата**
**Проф. д-р Панде Лазаревски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Анета Цекиќ, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Бојана Наумовска, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје**
**Магистерски трудови**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Милица Шарановиќ | Анализа на статичните визуелни материјали користени од Министерот за здравство на Република Северна Македонија и Уницеф Македонија за време на пандемијата со КОВИД-19 | Analysis of digital posters during the COVID-19 pandemic. Analysis of the static visual materials used by the Minister of Health of the Republic of Northern Macedonia and UNICEF Macedonia during the COVID-19 pandemic | проф.д-р Елеонора Серафимовска | 02-693/17 од 2.9.2021 |
| 2. | Тамара Цаневска | Обуката како инструмент кој влијае врз мотивацијата на вработените во производствениот сектор | Traing as an instrument which influence the motivation of employees in the manufacturing sector | вон. проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ | 02-693/11 од 2.9.2021 |
| 3. | Сандра Дуковска Новковска | Ефектот на работните стилови на вработените врз односот помеѓу системот за компензација и мотивацијата | The effect of the employees' work styles on the relationship between compensation system and motivation | вонр. проф. д-р Весна Забијакин Чатлеска | 02-693/12 од 2.9.2021 |
| 4. | Јоана Тренеска | Нормативната улога на ЕУ одразена во трговските договори со трети страни | The European Union’s normative role reflected in the content of trade agreements with third parties | Проф.д-р Анета Цекиќ | 02-693/4 од 2.9.2021 |

***Прилог бр. 5***

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО СКОПЈЕ

### 3. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ивица Панчевски Доктор по вет. медицина | Проценка на благосостојбата на кафезно одгледуван крап при разни концентрции на диетален пробиотик | Welfare assessment of cage cultured common carp at various concentrations of dietary probiotic Welfare assessment of cage cultured common carp at various concentrations of dietary probiotic Welfare assessment of cage cultured common carp at various concentrations of dietary probiotic | Проф. д-р Васил Костов | 6.09.2021 год. Бр. на одлука 02-423/1 |